# УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА

## ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД


# ПРОКЛЕТИИ КАКО ЗНАЧАЕН ПРИРОДЕН ТУРИСТИЧКИ РЕСУРС ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО КОСОВО

- ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА-


**Кандидат:**
**М-р Улбер Красниќи**
**Насока: Туризам**
**Индекс бр.41**

**Ментор:**
**Проф. д-р Татјана Димоска**



**Охрид, 2019 год.**

**Содржина:** **страница**

Апстракт **7**

Вовед **9**

**ДЕЛ ПРВИ: Теоретско-методолошки пристап на истражувањето** **16**

1. Цел и предмет на истражувањето **16**
2. Методологија на истражувањето **16**
3. Основна и помошни хипотези **17**
4. Очекувани резултати **18**

**ДЕЛ ВТОРИ: Природните ресурси како атрактивни фактори во туризмот** **19**

**19**

I. ПОИМ И ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

**20**

1. Природните елементи во географскиот простор **23**
    1.1. Релјеф **27**
    1.2. Воздух **28**
    1.3. Вода **28**
    1.4. Почва **30**
    1.5. Вегетација и животински свет **31**
2. Поделба на природните ресурси

**34**

II. ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ КАКО АТРАКЦИСКА ОСНОВА ВО ТУРИЗМОТ **35**

**39**

1. Поим и дефинирање на туристичките ресурси **40**
    2.1. Природни туристички ресурси **40**
        2.1.1. Геоморфолошки ресурси **41**
            2.1.1. 1. Планини **42**
            2.1.1.2. Вулкани **42**
            2.1.1.3. Клисури **43**
            2.1.1.4. Кањони **44**
            2.1.1.5. Пештери **46**
            2.1.1.6. Карстни форми **47**
        2.1.2. Климатски ресурси **48**
            2.1.2.1. Инсолација **48**

2.1.2.2. Температурана воздухот 49
2.1.2.3. Ветрови 50
2.1.2.4. Врнежи 51
2.1.3. Хидрографски ресурси 52
2.1.3.1. Океани и мориња 54
2.1.3.2. Езера и реки 55
2.1.3.3. Подземни води 57
2.1.3.4. Термални води 57
2.1.3.5. Гејзери 58
2.1.4. Биогеографски ресурси 59
2.1.4.1. Растителен свет 60
2.1.4.2. Животински свет 60
2.1.5. Пејсажни ресурси 61
2.1.5.1. Планински пејсаж 62
2.1.5.2. Низински пејсаж
2.1.5.3. Крајбрежни предели

**ДЕЛ ТРЕТИ: Најзначајни аспекти на одржливиот развој на туризмот** **64**

I. ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 64

1. Поим и суштина на концептот за одржлив развој 64
2. Најважни пресвртници во одржливиот развој 68
2.1. Светската комисија за животна средина и развој (Извештајот на Брунтланд) 70
2.2. Самитот во Рио де Жанеиро 72
2.3. Агенда 2030 75
2.4. Рамковна конвенција за климатски промени 77
2.5. Протокол од Кјото 78
2.6. Конвенција за биолошка разновидност 79
2.7. Конвенција за борба против опустинување (дезертификација) на земјите 80
3. Одржливиот развој во современи услови 81

II. КОНЦЕПТ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ 84

1. Поим и дефинирање на одржливиот развој на туризмот 84
3. Начела на одржлив туризам 89
3.1. Начело на економска одржливост 89
3.2. Начело на квалитетна работна сила 90
3.3. Начело на задоволување на потребите на туристите 91
3.4. Начело на благосостојба на локалното население 92
3.5. Начело на физички интегритет на дестинациите 93
3.6. Начело на ефикасно искористување на ресурсите 93
3.7. Начело на просперитет на локалната дестинација 94

3.8. Начело на зачувување на биодиверзитетот 95
3.9. Начело на чиста животна средина 96
3.10. Начело на зачувување на културното богатство 97
3.11. Начело на општествена рамноправност 98
3.12. Начело на локална контрола 98

**ДЕЛ ЧЕТВРТИ: Основни аспекти на развојот на туризмот во Проклетии** **100**

I. ПОЛОЖБАТА НА ТУРИСТИЧКИОТ РЕГИОН ПРОКЛЕТИИ ВО КОСОВО **100**

**100**
1. Географската положба на Проклетии **104**
2. Големина и граници на територијата на Проклетии **106**
3. Население и населени места во Проклетии

II. ПРИРОДНИ РЕСУРСИ ВО ПРОКЛЕТИИ **109**

1. Природните карактеристики на Проклетии **109**
1.1. Геоморфолошки карактеристики **110**
1.2. Геолошки карактеристики **111**
1.3. Хидрогеолошки и хидрографски особености **112**
1.4. Климатски услови **113**
1.5. Педолошки карактеристики **114**
1.6. Ерозија **115**
1.7. Сеизмички зони **116**
1.8. Користење на земјиштето **117**

2. Биодиверзитетот како природна карактеристика **118**
2.1. Растителниот свет и вегетација во Проклетии **118**
2.2. Животински свет во Проклетии **120**

III. ТУРИЗМОТ И ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ПРОКЛЕТИИ **121**

1. Туристички вредности во Проклетии **121**
2. Најпосетени места во рамки на Проклетии **128**
3. Видови туризам во Проклетии **135**
4. Меѓугранична соработка за развој на туризмот во Проклетии **138**

IV. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ТУРИЗМОТ ВО **140**

ПРОКЛЕТИИ

1. Анализа на статистичките податоци за туризмот во туристичките места во рамки на Проклетии **140**
    1.1. Број на домашни и странски туристи **141**
    1.2. Остварени ноќевања од домашни и странски туристи **142**
    1.3. Земја на потекло на туристите **144**
    1.4. Капацитети и инфраструктура за сместување на туристи **148**
    1.5. Угостителски објекти за исхрана **150**
2. SWOT анализа на можностите и предизвиците за развој на туризмот во Проклетии **151**

**ДЕЛ ПЕТТИ: Најзначајни проблеми, предизвици и препораки за одржлив развој на туризмот во Проклетии** **153**

I. ОСВРТ НА НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ПРОКЛЕТИИ **153**

1. Најзначајни проблеми со кои се соочува развојот на туризмот во Проклетии **153**
    1.1. Проблеми со именувањето и категоризирањето на националниот парк **154**
    1.2. Нејасни критериуми за управување со националниот парк **155**
    1.3. Проблеми со разграничување на територијата на Проклетии **157**
    1.4. Нејасно дефинирање на стриктните зони, заштитените зони и економските зони во рамки на Проклетии **158**
    1.5. Нерегулираност на компензациите за користување на имотот во националниот парк Проклетии **159**
    1.6. Имотно-правни проблеми и потешкотии **160**
    1.7. Институционални и политички конфликти на интереси **160**
    1.8. Проблеми на управување со националниот парк **161**
    1.9. Недоволни инвестиции во Проклетии **162**
    1.10. Масовно сечење и деградација на шумите **163**
    1.11. Уништување на биодиверзитетот и животната средина **163**
    1.12. Нелегални и неконтролирани градби **164**

II. МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ТУРИСТИЧКИОТ РЕГИОН НА ПРОКЛЕТИИ **165**

1. Најзначајни мерки и препораки за одржлив развој на туризмот во Проклетии **165**
    1.1. Правилно управување со Националниот Парк Проклетии **166**

1.2. Заштита и зачувување на животната средина во регионот на Проклетии **167**
1.3. Заштита и унапредување на културните вредности на територијата на Проклетии **170**
1.4. Рационално искористување на природните ресурси **171**
1.6. Заживување на традиционалните активности во општините во рамки на Проклетии **172**
1.7. Планирање и развој на инфраструктурата **173**
1.8. Други мерки и препораки за развој **174**

Теренско истражување **178**

Заклучок **195**

Користена литература **211**

**АПСТРАКТ**

Туризмот претставува современ феномен кој произглегува од масовноста на учесниците и е непосредна рефлекција на развојот на општеството и економијата на една земја. Тој се сфаќа како привремено движење на туристите од едно на друго место поради одмор, рекреација, бизнис или други цели кои не се поврзани со вршење на економска дејност, а тоа движење не смее да трае подолго од една година.

Богатството на природни ресурси и традиции кои постојат во светот претставува причина за патување на туристите кои сакаат да се запознаат со неоткриени места и новите култури и да се стекнат со нови искуства од областа на традиционалната кујна, занаетчиството, културата, уметноста и секојдневните ритуали.

Искористувањето на природното и културното наследство во туристички цели значи создавање на нови работни места, намалување на сиромаштијата, спречување на миграцијата на руралното население, како и искажување на чувство на гордост кај локалното население.

Туризмот, од друга страна, исто така придонесува и за заштита и зачувување на природното и културното наследство бидејќи приходите кои се генерираат како резултат на туризмот можат да се искористат за заштита на животната средина или пак за реставрирање на културно-историските објекти. Таквото природно и културно наследство мора да се менаџира со посебно внимание за да може да се зборува за постоење на одржлив развој на туризмот.

Туристите и истражувачите се доста заинтересирани за природните места и средини, за планините, езерата и реките, природните пејсажи и мотиви, но од друга страна и за објектите и монументите на културното наследство не само во туристичкиот регион на Проклетии, туки и во цело Косово. Како резултат на тоа, туризмот станува значаен економски извор за населението на целиот регион на Проклетии.

**Клучни зборови:** одржлив развој, туризам, туристички ресурси, Проклетии.

**ABSTRACT**

Tourism is a modern phenomenon derived from the participants' massiveness and is an immediate reflection of the development of the society and economy of a country, that is, the temporary movement of tourists from one place to another due to holidays, recreation, business or other purposes that are not connected to performing economic activity and not longer than one year.

The wealth of natural resources and traditions that exist in the world is one of the main motives of the tourists for traveling and wanting to engage and get acquainted with undiscovered places and new cultures and experience new things in culture, art, crafts, everyday rituals and traditional cuisine.

Encouraging a conscious way of experiencing the natural and cultural heritage for tourist purposes means creating new jobs, reducing poverty, preventing the migration of the rural population and expressing a sense of pride among the locals and the tourists themselves.

Tourism offers a strong incentive to protect and preserve the natural and cultural heritage, since generated revenues can be re-used for initiatives to further work and survive in the economy over a longer period of time. Such a natural and cultural heritage must be managed with special attention, since the main goal is continuous growth and development in a world that is constantly becoming more global. Only the true partnership between the communities and the tourism sector and the natural and cultural-historical heritage created on the aspirations and values of all participants can provide sustainable development from several aspects.

Tourists and researchers are very interested in natural sites and environments, mountains, lakes and rivers, natural landscapes and motifs, as well as for the buildings and monuments of the cultural heritage, not only in the tourist region of the Cursed Mountains, but the whole of Kosovo. The use of natural and cultural heritage in tourism means greater investments in tourism infrastructure and thus tourism becomes a very important economic source for the population of the entire region.

**Key words**: sustainable development, tourism, tourist resources, Cursed Mountains.

## ВОВЕД

Туризмот претставува современ феномен кој произглегува од масовноста на учесниците и е непосредна рефлекција на развојот на општеството и економијата на една земја. Тој се сфаќа како привремено движење на туристите од едно на друго место поради одмор, рекреација, бизнис или други цели кои не се поврзани со вршење на економска дејност, а тоа движење не смее да трае подолго од една година.

Богатството на природни ресурси и традиции кои постојат во светот претставува причина за патување на туристите кои сакаат да се запознаат со неоткриени места и новите култури и да се стекнат со нови искуства од областа на традиционалната кујна, занаетчиството, културата, уметноста и секојдневните ритуали.

Искористувањето на природното и културното наследство во туристички цели значи создавање на нови работни места, намалување на сиромаштијата, спречување на миграцијата на руралното население, како и искажување на чувство на гордост кај локалното население.

Од една страна, здравата и привлечна средина е еден од основните ресурси за туризам, а зачувувањето на средината е еден од основните предуслови за неговата конкурентност и одржливост. Освен тоа, туризмот, ако е правилно управуван, може да претставува значајна економска активност која ќе доведе до бројни економски ефекти за рецептивната туристичка земја. Имено, тој има способност да ја користи природата и животната средина како економски ресурс и со помош на конверзивната функција која е карактеристична за него да ја валоризира и да создаде економски ефекти (зголемување на вработувањата, прилив на парични средства, позитивен платен биланс на земјата, развој на дејностите од туристичкото и нетуристичкото стопанство, економски развој на туристичките дестинации и целата земја итн.).

Меѓутоа, несомнено е дека туризмот може да има значително негативно влијание врз животната средина. Дури и видовите туризам со претставката "еко" чија главна понуда е некоја форма на овозможување директен контакт со природата и нејзина заштита се соочуваат со деградирање на екосистемите. Ова се случува поради привлекувањето и концентрацијата на огромен број на туристи во атрактивната област што резултира со сите вообичаени притисоци: создавање на цврст отпад; отпадни води; емисии на гасови;

загадување на воздухот, водата и почвата; бучава; загрозување на растителниот и животинскиот свет; уништување на пејзажот и слично.

Како резултат на зголемената побарувачка пак, неопходно е и зголемувањето на туристичката инфраструктура во конкретната дестинација и земја со што се загрозува и локалниот стил на живеење на населението, структурата и културниот идентитет на локалната заедница, како и структурата на економијата главно во насока на запоставување и изумирање на традиционалните дејности и занаети, се стимулираат негативните социјални појави како криминал, проституција, дрога итн.

Економскиот развој на една земја зависи многу од природните ресурси што ги поседува и затоа треба да се искористат на рационален начин имајќи го во предвид еколошкиот аспект. Имено, природните ресурси треба да се користат во стапка пониска од стапката на природното регенерирање на ресурсите со што ќе се овозможи нивно зачувување и долгорочна достапност и за идните генерации. Значи, при користењето на природните ресурси мора да се има во предвид концептот на одржлив развој.

Одржливиот развој е најкомплексниот концепт кој може да се примени во сферата на целокупното современо живеење и делување. Поради неговата сложеност, не е можно да се даде една универзална и општоприфатена дефиниција, но може да се сфати како континуиран процес на постигнување на избалансирани економски, еколошки и социјални цели.

Еден аспект од концептот на одржливост е одржливиот развој на туризмот односно одржливиот туризам. Концептот на одржлив развој на туризмот е поставен така што ги задоволува сегашните потреби на туристите (чие влијание врз природата е минимално) и на туристичките дестинации, оставајќи можност за задоволување на туристичките потреби и на идните генерации.

Одржливиот туризам е цел кон која треба да се стремат сите развиени туристички земји. Одржливиот туризам треба да се организира на тој начин што ќе ги открие своите скриени вредности за посетителите, а притоа нема да го наруши мирот и хармонијата на екосистемите, нема да предизвика штети по спомениците на материјалната културата и начинот на живот на локалните заедници.

Заштитата на природните ресурси при туристичките активности е неопходна компонента која овозможува природните ресурси да се експлоатираат на одржлив начин,

со што се овозможува нивно понатамошно и долгорочно користење. На тој начин се зачувува природната средина, растителниот и животинскиот свет, еколошките процеси, па дури и животот на човекот на планетата Земја, како и самата планета Земја од уништување.

Одржливиот туризам не треба да се фокусира само на контрола на развојот, туку треба да поттикне развој и промоција на соодветни еко форми на туризам кои ќе го подобрат еколошкото, општественото и културното живеење на дестинацијата, со крајна цел зголемување на економскиот просперитет.

Од една страна, здравата и привлечна средина е еден од основните ресурси за туризам, а зачувувањето на средината е еден од основните предуслови за неговата конкурентност и одржливост. Освен тоа, туризмот, ако е правилно управуван, може да претставува значајна економска активност која ќе доведе до бројни економски ефекти за рецептивната туристичка земја. Имено, тој има способност да ја користи природата и животната средина како економски ресурс и со помош на конверзивната функција која е карактеристична за него да ја валоризира и да создаде економски ефекти зголемување на (вработувањата, прилив на парични средства, позитивен платен биланс на земјата, развој на дејностите од туристичкото и нетуристичкото стопанство, економски развој на туристичките дестинации и целата земја итн.).

Туризмот, од друга страна, исто така придонесува и за заштита и зачувување на природното и културното наследство бидејќи приходите кои се генерираат како резултат на туризмот можат да се искористат за заштита на животната средина или пак за реставрирање на културно-историските објекти. Таквото природно и културно наследство мора да се менаџира со посебно внимание за да може да се зборува за постоење на одржлив развој на туризмот.

Туристите и истражувачите се доста заинтересирани за природните места и средини, за планините, езерата и реките, природните пејсажи и мотиви, но од друга страна и за објектите и монументите на културното наследство не само во туристичкиот регион на Проклетии, туки и во цело Косово. Како резултат на тоа, туризмот станува значаен економски извор за населението на целиот регион на Проклетии.

Косово му посветува посебно внимание на туризмот и угостителството поради поволните климатски услови и богатата природа кои може да се искористат за развојот и за унапредувањето на туризмот.

Токму една од целите на овој труд е да придонесе преку искуството за одржлив развој на туризмот во природниот парк Проклетии, да се воспостави модел за развој на туризмот воопшто во Косово како туристичка дестинација, со учество на сите засегнати страни. Моделот за развој на туризмот во Проклетии треба да доведе до баланс на сите компоненти на туристичкиот производ (привлечни ресурси, инфраструктура, опрема, организација, активности и искуства).

Овој труд се состои од пет дела:

**Првиот дел** “Теоретско-методолошки пристап во истражувањето“ го објаснува предметот и целта на истражување на овој труд, методите кои се користени во истражувањето и методолошкиот пристап на проучување. Составен елемент на овој дел е прикажувањето на основната и помошната или помошните хипотези, кои во текот на трудот и на крај треба да се потврдат или отфрлат. Овој дел исто така содржи и презентација на очекуваните резултати.

**Вториот дел** под наслов “Природните ресурси како атрактивни фактори во туризмот“ се состои од две поглавја. Првото поглавје се однесува на поимот и основните карактеристики на природните ресурси, каде во првата точка се прикажуваат најзначајните елементи на географскиот простор (релјеф, воздух, вода, почва, вегетација и животински свет), додека во втората точка се дефинираат природните ресурси и поделбата на обновливи и необновливи природни ресурси.

Во втората точка од ова поглавје се објаснуваат најзначајните елементи на културата: јазик, сознајни (когнитивни) творештва, вредности, норми, експресивни симболи, додека во третата точка од ова поглавје се врши анализа и поделба на културата (најзначајна поделба е онаа која ја дели културата на: етноцентризам, културен релативизам, супкултура, контракултура, глобална култура).

Второто поглавје со наслов “Природните ресурси како атракциска основа во туризмот“ се однесува на дефинирањето и поделбата на природните ресурси на туризмот:

геоморфолошки ресурси (планини, вулкани, клисури, кањони, пештери, карстни форми), климатски ресурси (инсолација, температурана воздухот, ветрови, врнежи), хидрографски ресурси (океани и морињa, езера и реки, подземни води, термални води, гејзери), биогеографски ресурси (растителен свет, животински свет) и пејсажни ресурси (планински пејсаж, низински пејсаж, крајбрежни предели).

**Третиот дел** "Најзначајни аспекти на одржливиот развој на туризмот" има за цел да ги објасни карактеристиките на одржливиот развој, како и на одржливиот развој на туризмот, а овој дел се состои од две поглавја. Во првото поглавје кое носи наслов "Одржлив развој", најпрво се објаснуваат основните поими и карактеристики на одржливиот развој воопшто.

Во втората точка од ова поглавје се објаснуваат најзначајните аспекти на одржливиот развој, од аспект на меѓународното регулирање (Светската комисија за животна средина и развој, Самитот во Рио, Агенда 2030, Рамковна конвенција за климатски промени, Протокол од Кјото, Конвенција за биолошка разновидност, Конвенција за борба против опустинување на земјите), а во третата точка се објаснува одржливиот развој во современи услови.

Второто поглавје на овој дел се однесува на концептот на одржливиот развој на туризмот, а се состои од четири точки. Во првата точка се дефинира одржливиот развој на туризмот од гледна точка на Светската туристичка организација (UNWTO) и од други меѓународни организации, додека во втората точка се објаснува односот помеѓу одржливиот развој и туризмот на ниво на концентрација на туристичките субјекти, интеграција со локалната средина и во однос на туристичките активности и технолошките иновации.

Третата точка ги прикажува најзначајните начела на одржливиот туризам, при што на детален начин се објаснети следните начела: економска одржливост, квалитетна работна сила, задоволување на потребите на туристите, благосостојба на локалното население, физички интегритет на дестинациите, ефикасно искористување на ресурсите, просперитет на локалната дестинација, биодиверзитет, чиста животна средина, културно богатство, општествена рамноправност и локална контрола.

Четвртата точка се однесува на влијанието на туризмот врз животната средина, економските влијанија и општествените влијанија.

Имено, концептот на одржлив туризам треба да биде основна насока во управувањето со туристичката дејност, која ќе овозможи реализација на економските, социјалните и естетските цели, истовремено со заштита на културните вредности, социјалниот интегритет, главните еколошки процеси и биолошката разновидност.

Неопходно е да се подобри квалитетот на животот, економскиот развој, индивидуалното чувство на благосостојба со помош на намалување на употребата на необновливите ресурси и намалување на притисокот врз животната средина од страна на човекот.

**Четвртиот дел** со наслов “Основни аспекти на развојот на туризмот во Проклетии“ се однесува на идентификување на туристичките потенцијали на Проклетии како многу позната туристичка дестинација во Косово. Овој дел се состои од четири поглавја.

Во првото поглавје се опишува географската положба и територија на Проклетии како туристички регион во Косово: географска положба, големина и граници на територијата на овие планини, како и одредени демографски аспекти (население и населени места).

Второто поглавје ги објаснува и прикажува најзначајните природни ресурси за развој на туризмот во Проклетии и се состои од две точки. Првата точка подетално ги наведува природните карактеристики за развој на туризмот во Проклетии: геоморфолошки и геолошки карактеристики, хидрогеолошки особености, хидрографијата, климата, педолошки карактеристики, ерозија, сеизмички зони и користење на земјиштето во тој регион. Посебна точка во ова поглавје е биодиверзитетот како природна карактеристика на овој регион.

Третото поглавје под наслов “Туризмот и туристичките потенцијали на Проклетии“ има за цел да ги прикаже најголемите туристички вредности на Проклетии во општините кои гравитираат кон Проклетии и се дел од нив (Истог, Дечан, Пеќ, Јуник и Ѓаково), како и најпосетените места во рамките на овој регион. Поради фактот што Проклетии се простираат на територијата на три држави, неопходно е да се спомене и улогата на меѓуграничната соработка за развој на туризмот во Проклетии помеѓу земјите: Косово, Црна Гора и Албанија.

Четвртото поглавје се однесува на анализата на статистичките податоци за состојбата со туризмот во овој регион: број на домашни и странски туристи, остварени

ноќевања од домашни и странски туристи, број на туристи и остварени ноќевања според земјата на потекло на туристите кои ги посетуваат Проклетии, капацитети и инфраструктура за сместување на туристи, како и угостителските објекти за исхрана.

Втората точка од ова поглавје се однесува на SWOT анализата на можностите и предизвиците за развој на туризмот во Проклетии. Најчесто SWOT анализата се користи за да се спознаат и да се вреднуваат силните и слабите страни, како и можностите и предизвиците, односно ризиците кои се појавуваат во одредена дестинација.

**Петтиот дел** со наслов "Најзначајни проблеми, предизвици и препораки за одржлив развој на туризмот во Проклетии" е последниот дел од овој труд, а претставува согледување на состојбата на туризмот од аспект на проблемите со кои се соочува одржливиот развој на туризмот во овој регион, но и од аспект на мерките и предлозите за понатамошен развој на туризмот во оваа дестинација.

Овој дел има две поглавја. Во првото поглавје се прави анализа на најзначајните проблеми со кои се соочува одржливиот развој на туризмот во Проклетии: проблеми со именувањето и категоризирањето на национален парк; нејасни критериуми за управување со овој регион; разграничување на територијата; нејасно дефинирање на стриктните зони, заштитените зони и економските зони во рамки на овој регион; нерегулирање на компензациите за искористување на државниот имот; имотно-правни проблеми; институционални и политички конфликти на интереси; недоволни инвестиции; деградација на шумите; уништување на биодиверзитетот и животната средина; нелегални и неконтролирани градби.

Второто поглавје ги опфаќа мерките и предлозите за понатамошен развој на туризмот во туристичкиот регион на Проклетии (правилно управување со националниот парк; заштита и зачувување на животната средина; заштита на пејсажот, биодиверзитетот и природните вредности; заштита и унапредување на културните вредности; рационално искористување на природните ресурси; заживување на традиционалните активности во општините во рамки на Проклетии; планирање на развојот на инфраструктурата и други мерки и препораки за развој на туризмот).

На крајот од трудот изнесени се заклучните согледувања од спроведената анализа.

# ДЕЛ ПРВИ:

# Теоретско-методолошки пристап на истражувањето

## 1. ЦЕЛ И ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на овој пристапен труд е запознавање со туристичките вредности и потенцијали на Проклетии како значајна туристичка дестинација во Косово.

Најзначајните цели на истражувањето во овој труд се:

- Потребата дестинацијата Проклетии со своите можности и понуди на туристички производи и услуги, да се вклучи во туристичките пазари и економии на регионот и пошироко,
- Идентификување и разгледување на можностите за развој на туризмот во сите општини кои припаѓаат на туристичкиот регион на Проклетии, а во согласност со економските, еколошките и социјалните барања и потреби,
- Идентификување на факторите кои го ограничуваат развојот на туризмот во регионот на Проклетии.

Предмет на истражувањето на овој труд е да се идентификуваат сите туристички места кои имаат потенцијал за развој на туризмот, а врз основа на тоа да се утврди и определи натамошниот курс на дејствување за да се искористат сите природни и антропогени вредности и да се подобри состојбата со туризмот во тој дел од Косово.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова научно истражување се користени примарни и секундарни извори на податоци. Имено, покрај податоците добиени како резултат на спроведениот анкетен прашалник, исто така се користени податоци и информации од други слични спроведени истражувања на разни автори, како и податоци од многу институции во Косово.

Притоа, најзначајни методи кои се користени при изработката на овој труд се следните:

- **општата метода** (поради фактот дека нема можност да се третираат и истражат сите аспекти на овој регион, ќе се воопштат податоците кои се добиени, под претпоставка дека елементите кои важат за овие општини, ќе важат и за сите други места во регионот на Проклетии),
- **методата на анализа** и **методата на синтеза** (поодделниоте резултати кои се добиени се обработуваат и синтетизираат во вид на текст или графички прикази со цел да се изведат одредени заклучоци),
- **методата на истражување** (примарно истражување – добиено преку анализа на податоците од анкетниот прашалник, и секундарно истражување – користење на податоци и информации од спроведени истражувања на познати автори, институции или интернет страници),
- **методата на набљудување**,
- користење на материјали од агенции на централната и локалната власт, од невладини организации, како и официјални документи изготвени и усвоени од општиите на тој регион и слични органи.

## 3. ОСНОВНА И ПОМОШНИ ХИПОТЕЗИ

**Основната хипотеза** во истражувањето на овој труд е:

1. Проклетии се многу значаен природен туристички ресурс за одржлив развој на туризмот во Косово како туристичка дестинација.

**Посебни хипотези** во истражувањето на овој труд се следните:

1.1. Природните ресурси се мошне значаен фактор за развој на туризмот во Проклетии.

1.2. Искористувањето и заштитата на природните ресурси во Проклетии треба да се заснова на принципите на одржливиот развој.

1.3. Одржливиот развој на туризмот во Проклетии ги вклучува сите чинители во туризмот и угостителството на оваа туристичка дестинација.

## 4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Овој труд ги прикажува природните ресурси како значајни потенцијали за развој на туризмот во регионот на Проклетии. Всушност, туристичките потенцијали можат да го стимулираат развојот на туризмот во одредена туристичка дестинација и на тој начин да овозможат побрз економски и туристички развој на еден регион или земја. Целокупниот развој на туризмот во одреден регион мора да се заснова и да биде во согласност со принципите на одржливиот развој.

Токму природните вредности на Проклетии, но и културно-историското наследство со кое располагаат позначајните градови околу овој регион, претставуваат добра основа за креирање на туристичка понуда на оваа дестинација. Од друга страна, туристичката понуда на Проклетии мора да се заснова на принципите на одржлив развој со цел да се максимизираат позитивните ефекти од развојот на туризмот во овој регион, а да се минимизираат или отстранат сите негативни ефекти. Сето тоа ќе доведе до создавање на конкурентна туристичка предност на овој регион како на домашниот, така и на странскиот туристички пазар.

# ДЕЛ ВТОРИ

## Природните ресурси како атрактивни фактори во туризмот

### I. ПОИМ И ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

Во економијата, ресурсите се дефинираат како материјални и духовни добра кои можат економски да се користат (валоризираат), или како фактори кои се користат во производството на некои стоки или услуги и учествуваат во создавањето на бруто-домашниот производ.

Ресурсите се вбројуваат во основните фактори на производство, а во релативна смисла на зборот тие се ограничени фактори затоа што постојано се трошат. Доколку една земја располага со поголемо богатството на ресурси, тоа значи поголеми можности, поголем обем и подобар квалитет на производството на стоки, ккао и соодветно обезбедување на услуги и капитал.

Постојат два вида на ресурси и тоа:

1. природни ресурси претставуваат севкупност на сите природно-географски услови кои можат да влијаат врз производството, но и во целокупниот економски живот на една земја. Тоа се сите оние добра што се наоѓаат во природната средина: земјата, водата, флората, фауната и слично. Овие ресурси се делат на обновливи и необновливи,
2. општествени (социо-економски) ресурси се ресурсите кои се создадени од страна на човекот. Затоа честопати може да се сретнат и под поимот создадени ресурси. Тука спаѓаат сите споменици на културата (материјални творби), духовни творби, технологија, инфраструктура.

Ако како пример се земе туризмот, тогаш туристичките ресурси се сите средства што можат да придонесат за остварување на некоја корисна цел во туризмот. Притоа,

овие ресурси мора да имаат висок степен на атрактивност за да може да привлечат одреден сегмент од туристичката побарувачка.

Секој туристички ресурс не мора да биде туристичка атракција, но секоја туристичка атракција претставува туристички ресурс. Овие ресурси се главни фактори за развој на туризмот бидејќи без посоење на туристички атракции, не може да постои туризам во една дестинација.

### 1. Природните елементи во географскиот простор

Географскиот простор како надворешен предмет на интерес и истражување на географијата, е составен од географската површина и простор непсредно над него (на височина до пет метри). Како внатрешен предмет на интерес и истражување, географскиот простор се дефинира како разгледување на содржината, процесите, односите, врските и моделите кои постојат во географскиот простор.

Притоа, географската површина не треба да се замени со површината на планетата Земја. Имено, површината на Земјата како дводимензионална категорија претставува збир на сите нерамнини на Земјата, што е претежно физичко-географската положба, потеклото, структурата и формата. Географската површина како дводимензионална категорија е збир на сите неправилности на физичко-географското, но и на социо-географското настанување и значење на Земјата. Се состои од сите материјализирани форми кои се формирани како социјална надградба, без оглед на висината.

Затоа, таа е предмет на географски интерес и основа на просторот како тродимензионална категорија во која се создаваат основните односи помеѓу природата и општеството. Како резултат на тоа, во географскиот простор како надворешен предмет на истражувањето, се одвиваат сите содржини, процеси, односи, врски и модели на односот помеѓу природната основа и туризмот.

Притоа, туризмот како феномен и како инхерентен географски предмет на интерес, се смета за хетероген систем во кој просторните, социо-економските, политичките, културните, психолошките, историските, административните, правните, организациските

и други компоненти се постојано испреплетени, дополнети и соочени со динамични елементи на тој систем.

Основните елементи на природата се: релјефот, воздухот, водата, почвата, вегетацијата и животинскиот свет (слика бр.1). Овие елементи, воедно се најзначајните туристички атракции како основен туристички ресурс (слика бр.2) и се проценети како такви преку содржината, процесите, односите, врските и моделите во тој хетероген туристички систем во географскиот простор.

**Слика бр.1**
**Меѓусебна поврзаност на елементите на природата**




Во рамките на научната областа на географијата, елементите на природата се изучуваат, толкуваат и интерпретираат од страна на физичката географија. Нејзини основни научни дисциплини се геоморфологијата, хидрогеографијата, климатологијата, педогеографијата и биогеографијата.

**Слика бр.2**

**Научните дисциплини на физичката географија**




Геоморфологијата ги проучува и истражува феноменот, процесите и карактеристиките на појавата, развојот, градбата и обликот на површината на Земјата (релјефот).

Предмет на истражување на хидрогеографијата е водата на морињата, подземните води и површинските води на планетата Земја, а овие елементи се разгледуваат, испитуваат и истражуваат од географски аспект.

Климатологијата дава географска интерпретација на климатските елементи и се фокусира на три комплексни проблеми: објаснување на климатските разлики во различни делови на географскиот простор, одредување на големината на овие разлики и одредување и појаснување на влијанието на климата во деловите на географскиот простор.

Педогеографијата ја изучува и утврдува законитоста на просторната распределба на одредени видови почви на површината на Земјата, потпирајќи се на педологијата како наука, а особено земајќи ја предвид улогата на почвата во земјоделството и нејзините ефекти врз различните човечки активности.

Биогеографијата ги проучува и истражува растенијата и животните во географскиот простор во минатото и сегашноста и нивната поврзаност со другите елементи на природата и социо-географските фактори. Таа ги опфаќа: фитогеографијата

која ја проучува просторната дистрибуција на растенијата, како и зоогеографијата која ја проучува распределба на животните во Светот. Во прилог на овие научни дисциплини, односот помеѓу природата и човековата животна средина се истражува од интердисциплинарната наука за гео-екологија или екологија на пределите.

Знаењето кое произлегува од резултатите на истражувањето на наведените физико-географски дисциплини, се користи како почетна точка во географијата на туризмот, првенствено во анализата на туристичката основа на рецептивните и транзитни туристички региони и места поради изработка на просторни планирања и развојни документи на различни нивоа, креирајќи на таков начин модел за развој на туризмот.

Токму важноста и улогата на туризмот произлегува од директните и реципрочните односи со просторната, социјалната, политичката, економската и културната реалност, што значи дека развојот на туристичките активности директно зависи од елементите на природата; како и од демографските карактеристики, политичкиот систем; можностите, развојот, културните специфики и идентитетот на емитивните, транзитните и рецептивните туристички места, региони и држави.

## 1.1. Релјеф

Релјефот[1] е важна карактеристика на географската средина бидејќи од него зависат климата, водните текови, почвените својства, растителниот и животинскиот свет, како и односот на човекот за опстанок во природата. Релјефот го сочинуваат сите вдлабнатини, рамнини и возвишенија на копното.

Релјефот на земјината површина е создаден со взаемно и истовремено дејство на внатрешни (ендогени) и надворешни (егзогени) сили. Како резултат на тоа, на земјината површина постојат високи, средни и ниски возвишенија во вид на планини и ридови, пространи низини, котлини, висорамнини, вдлабнатини, речни долини, езера, помали релјефни облици и друго.

Релјефот на земјината површина е динамична појава која е изложена на постојани морфолошки промени под дејство на интензивна ерозија. Геоморфолошките мотивски

[1] Димитров Н., Планински туризам, Интерна скрипта, Универзитет Гоце Делчев-Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип, 2015, стр.4-5

вредности претставуваат такви мотиви чие туристичко атрактивно дејство и карактер произлегува од релјефните особености на појавите и процесите во просторот.

Како резултат на егзогените (надворешни) и ендогените (внатрешни) сили, релјефот го чинат разновидни облици во литосферата (земјината површина). Облиците на земјината површина можат да бидат изразени низ вертикалната димензија како вдлабнатини и возвишенија, кои според големината можат да бидат големи (макро), средни (мезо) и мали (микро).

Различните релјефни форми што се среќаваат во планинскиот, низинскиот и приморскиот релјеф, поседуваат одредени специфични вредности што претставуваат туристички мотив. Геоморфолошките туристички вредности можат да бидат самостојни, комплекси и комплементарни.

Со дејство на внатрешните или ендогените сили (епирогени и орогени движења, вулкани и земјотреси) се создадени големи облици на релјефот: континенти, океански и морски басени, планини, низини и котлини. Со дејство на надворешните (егзогени) сили т.е. со помош на ерозија и акумулација, а предизвикани од воздухот – температурата, водата, ветерот, брановите, растенијата и сл., се создадени и се создаваат помали облици на релјефот како што се: вртачи, полиња, пештери, клисури, кањони, водопади, сипари, дини, оази, глечери, клифови, томболи, коси, корални гребени, камени фигури и слично.

Можноста за развој на туризмот во одредена област зависи и од релјефните карактеристики кои делуваат или како стимулативни или како ограничувачки фактори. Земјината структура може да придоне за зголемување на вредноста на гео-диверзитетот преку зголемување на својот научен, образовен и рекреативен туристички потенцијал. Евалуацијата на релјефот е една од најтешките задачи во контекст на оценување на физичкиот потенцијал на една дестинација.

Од морфометриските и морфографските карактеристики на релјефот зависи и можноста за користење на земјината површина во функција на развој на различни форми на туризам и рекреација. Евалуацијата на морфометриските и морфографските карактеристики на релјефот се базира на соодветни геостатистички и картографски методи и има големо значење во процесот на оценување на потенцијалот на животната средина.

Од релјефот зависат и други елементи: воздухот, хидрографијата, покриеноста на почвата со вегетација, разместување или преместување на населбите, комуникационите лини и врски, земјоделството, индустријата и туризмот. Токму истражувањето на релјефот може да помогне за спознавањето на потенцијалите за развој на туризмот, особено на оние кои се однесуваат на рекреативните активности во различни годишни времиња.

Релјефот како ресурс игра многу важна улога во обликувањето на туристичката понуда и го одредува начинот на изградба и видот на туристичката инфраструктура.

Сите форми на релјефот не се подеднакво привлечни, ниту пак можат подеднакво да се вреднуваат. На пример, за разлика од обичниот релјеф, динамичниот планинско-ридски релјеф поради живописните пејзажи и динамични височини, овозможува многу спортско-рекреативни активности како скијање, пешачење и слично.

Како независен природен фактор, релјефот има сложена улога бидејќи ги условува формите во кои сите други природни дадени услови се случуваат во одреден простор и начинот на нивното влијание. Тоа влијае на квалитативните карактеристики на површинскиот дел од комплексот на карпите, како и на карактеристиките на климата, почвата, вегетацијата, коефициентот на дренажа итн.

Островите и полуостровите како геоморфолошка форма првенствено се создадени како процес на одвојување на земјиштето од бреговите. Тие се особено привлечни за посетителите бидејќи даваат можност да се доживее посебно чувство преку пешачење, велосипедизам и слично.

Од специфичните форми на релјефот каде туристите најмногу уживаат се природните плажи на кои се релаксираат и сончаат, додека другите форми како што се пештерите и јамите се интересни за откривање на флората и фауната и археолошките наоѓалишта.

Формите на земјината површина (релјеф) се многу различни, зависат од бројни фактори: геолошката изградба, надморската височина, географската ширина и должина, релативната висина, наклонот на падините и нивната положба, степенот на хоризонтална и вертикална расчленетост на релјефот, односот помеѓу зарамнените и наклонетите терени, контрастот, односот на симетрија и асиметрија и друго.

Меѓу видовите релјеф, од особено значење за туристичкиот развој се:

- планинскиот ( нископланински, среднопланински и високопланинскиот релјеф) кој обезбедува услови за различни видови на туризам и спорт;
- крајбрежниот релјеф (крај морињa, океани, реки, езера, реки и други отворени води);
- нискорамнинскиот релјеф (на преминот меѓу планинскиот и низинскиот, зафатен обично од земјоделски земји) кој обезбедува одлични услови за селски, пешачки, ловен туризам ) и друго.

Во сите земји, теренот се проценува првенствено од гледна точка на условите кои се важни за развој на различни видови на туризам, како и за физичкото и психичкото влијание врз туристите. Во таа смисла, од големо значење е вкупниот панорамски поглед на релјефот. Некои специфични релјефни и карпести формации побудуваат интерес кај одредени туристи поради природно-когнитивни мотиви. Од гледна точка на развојот на туризмот, релјефот има исклучително големо значење за туристичкото “искористување“ на територијата: изградба на материјално-техничка основа, заедничка транспортна и специјализирана туристичка инфраструктура и друго.

Негативните особености на релјефот кои го попречуваат туристичкиот развој се свлечиштата, можноста за формирање на лавини, стрмните падини, силните водни потоци и слично. Тие претставуваат опасност, не само за здравјето на туристите и локалното население, туку и за изградбата и одржувањето на туристичките објекти и инфраструктурата.

### 1.2. Воздух

Климатските вредности[2] се еден од најзначајните фактори за развој на туризмот. Климата непосредно влијае на човековиот организам (расположение, продуктивност на човекот, физичка и психичка активност). Во различни просторни подрачја различни се и климатските особености, па човекот престојува во оние подрачја коишто најмногу му одговараат од климатски аспект.

Климата претставува повеќегодишен режим на типови на време на одреден простор. Од аспект на климата, за развојот на туризмот најзначајни се просторите со средоземноморска или планинска клима и нивните варијетети. Значењето на климата како туристичка вредност се согледува преку нејзините елементи: температурата на воздухот, инсолацијата, релативната влажност, ветровите и врнежите.

Температурата на воздухот обично се зема како основен критериум за одредување на должината на сезоната. Во овој случај температурата на воздухот треба да изнесува над 18°C. Покрај овој параметар, за одредувањето на вкупната погодност за развој на туризмот во одреден простор се земаат во предвид и температурите на воздухот во текот на вечерните часови (како погодност на прошетки), или во текот на ноќта (како погодност за добар сон).

Релативната влажност на воздухот е исто така важен елемент на климата кој има влијание врз туристичкиот развој. Оние простори во кои релативната влажност на воздухот се движи околу 60%, а температурата на воздухот околу 23°C, се сметаат идеални за човековиот организам, па според тоа и за развојот на туризмот.

Годишното количество на врнежи и нивниот распоред по месеци исто така ја одредуваат туристичката активност во одреден простор. Туристичките простори се поатрактивни во лето и зима бидејќи туристите можат подобро да го искористат одморот (активности на вода и копно во текот на летото и активности на снег во текот на зимата).

Покрај претходно наведеното, важни елементи се и времетраењето на сончевиот сјај (инсолацијата), облачноста, атмосферскиот притисок и друго. Климатските вредности овозможуваат одвивање на следниве анимациски активности: капење, сончање, прошетки, спортско рекреативни активности на снег, летање над вода, излети, други активности кои се одвиваат надвор од туристичкиот објект.

[2] Јаковлев З., Туристичка анимација и туристичка понуда, Списание "Економија и Бизнис", 2001, стр.3-5

### 1.3. Вода

Водата е главен предуслов за секое планирање, спроведување и реализација на стратегиите, плановите и проектите за развој на туризмот во невалоризираните, потенцијалните и валоризираните туристички региони и места на една земја. Во многу дестинации водата е најважен елемент на туристичката понуда. Ова најчесто се однесува на морските, езерските и речните туристички дестинации, но и на дестинациите кои располагаат со термални и минерални извори што претставуваат база за развој на бањскиот туризам.

Хидрографските[3] вредности имаат големо значење за развој на туризмот бидејќи освен рекреативно атрактивни својства, поседуваат и естетски и куриозитетни карактеристики. Имено, подрачјата кои се наоѓаат покрај поголемите (океани и морињa) или помалите водени површини (тектонски езера), а воедно имаат поволни климатски услови, претставуваат најатрактивни места за развој на туризмот, рекреацијата и забавата. Освен природните карактеристики на водата (температурата, проѕирноста, бојата, бранувањето и квалитетот на водата), врз атрактивноста на подрачјата влијаат и квалитетот на опкружувањето и оддалеченоста од емитивните подрачја.

Како позначајни за туристичката понуда можат да се посочат: глацијалните, речните, вулканските и вештачките езера; реките; големите извори (врела) и минералните извори. Хидрографските вредности овозможуваат организирање на следниве анимациски активности: пливање, капење, ватерполо, едрење, скијање на вода, риболов, нуркање под вода, прошетка со брод, возење со глисер, едрење на штица, летање над вода и друго.

### 1.4. Почва

Еколошкото влијание на туризмот стана значајно прашање за науката за животна средина и за менаџментот на патувањето. За одржливиот развој на туристичката индустрија неопходно е да се најде рамнотежа помеѓу економските интереси и заштитата

[3] Јаковлев З., Туристичка анимација и туристичка понуда, Списание “Економија и Бизнис“, 2001, стр.4-5

на животната средина. Во рамки на компонентите на екосистемите во една област (почва, вода, вегетација, животни и микроорганизми), почвата, водата и вегетацијата најдиректно се изложени на влијанието на туристите. Според тоа, влијанието на туризмот врз екосистемите е огромно.

Рекреативните туристички активности опфаќаат големи површини од различни средини (строги природни резервати и големи туристички центри). Почвата со своите карактеристики претставува основна еколошка варијабла која мора внимателно да се испита во текот на фазата на планирање за рекреативни активности и изградба на туристички објекти. Недостатокот од ваква анализа подоцна може да предизвика сериозни последици по почвата како што се: ерозија, набивање, губење на органски слоеви, уништување, контаминација итн.

Со повеќе слободно време на располагање, поголема мобилност и пософистицирана рекреативна опрема, побарувачката за рекреација, односно туризам постојано се зголемува. Во минатото, повеќето рекреативни активности се одвивале во природни области со извонредни карактеристики или на места со историски и културни атракции. Денес, поради поголемата туристичка побарувачка, за туристички активности и рекреација се користат места кои имаат дури и несоодветни природни карактеристики и/или природна атракција.

Искористувањето на почвата во туристички цели треба да се анализира од три различни аспекти:

1. од видот на рекреативните и туристичките места (парк, отворено место за рекреација, природен резерват, туристички комплекс),
2. од активностите кои се одвиваат во рекреативните и туристичките места, според видот и интензитетот,
3. од годишното време кога тие подрачја (места) најчесто се користат.

Во таквите случаи, треба да се направат одредени претпоставки со цел да се избегне прекумерниот притисок врз почвата[4]:

[4] Costas A.Cassios, Impact of Recreational and Tourist Activities on the Soil Environment, Department of Surveying and Rural Planning, National Technical University, Athens, Greece, 2015, p.3-7

- дека за рекреативни области се земаат предвид оние кои би можеле да ги поддржуваат отворените рекреативни активности - главно пошумени области,.
- дека во туристичките области интересот ќе биде насочен на чувствителни области на животната средина, како што се морски брегови, островите и планинските региони.

### 1.5. Вегетација и животински свет

Растителниот свет и неговото присуство или отсуство значително влијае на туристичкиот развој во една дестинација. Негови функции се зголемување на атрактивноста на дестинацијата, креирање на атмосферата, подобрување на пејзажот, прочистување на воздухот, прекин на ветровите, зголемување на влагата, задржување на бучавата, зголемување на удобноста на микроклимата (фрлање на сенка) и др.

Од особено значење се природните шуми, но дефинитивно регенеративно влијание имаат и вештачките шумски насади од парков тип. Во различни географски широчини преовладуваат различни типови вегетација. Во умерените широчини има листопадни шуми, четинари и дабови со кои се зголемува рекреационата атрактивност на дестинациите.

Големо значење за туризмот има пред се планинската вегетација поради разновидноста и катноста (во зависност од висинската зона). Таа е причината на релативно мали по површина територии да се јават сосема различни растителни видови. Планинската вегетација исто така придонесува за диверзификација на пејзажот и има рекреативен ефект пред се во дестинациите за краток одмор.

Значајни за туризмот се и градските паркови, како и специфичните видови на вегетација во крајбрежните места. Особено научен интерес побудуваат ретките растенија што се карактеристични за одреден регион (т.н. ендемити) кои покрај тоа што се интересни за туристите и го разубавуваат просторот, исто така привлекуваат научници од целиот свет заради нивно проучување, со што овозможуваат постоење и на т.н. научен туризам во дестинацијата.

Од значење за туризмот се и различните претставници на животинскиот свет. Копнените диви животни даваат атрактивност на туристичките дестинации и се јавуваат како основен ресурс за развојот на специфичниот ловен туризам. Поради опасноста од исчезнување на одредени животински видови, во последниве години голем подем добива т.н. фотосафари туризам - вид туризам кој за главна цел нема убивање на дивеч, туку негово снимање со камера или фотоапарат. Интересен и брзорастечки е и орниотолошкиот туризам, во кој освен снимање на различни ретки или типични за даден регион птици, се забележуваат (снимаат) и звуците кои тие ги испуштаат.

Водната флора и фауна исто така, претставуваат основен ресурс за некои видови на туризам и спортови на вода - нуркање, риболов и подводен риболов.

Биогеографските вредности овозможуваат организирање на следниве анимациски активности: излети во шумски комплекси, кратки и долги прошетки, собирање на ендемични плодови и цвеќиња кои можат да имат лековито дејство и пријатен мирис, лов на дивеч (крупен и пердувест), риболов и друго.

### 2. Поделба на природните ресурси

Природните ресурси уште се нарекуваат и природно богатство или природни елементи на средината. Тие може да претставуваат феномен, процес или објект во природата кој влијае врз развојот на живите суштества и нивните активности. Тие се интегрален дел на човековата околина и се неопходни за задоволување на егзистенцијалните потреби. Човекот ги користи природните ресурси за домување, исхрана, производство на енергија, итн. Со цел природните ресурси да послужат за задоволување на потребите, од суштинско значење е човекот да не ја нарушува природната рамнотежа со своите постапки бидејќи во спротивно тој ќе трпи последици во форма на природни катастрофи, болести итн.

- Во литературата може да се сретнат голем број на поделби на природните ресурси. Најкарактеристична е поделбата на природните ресурси според нивната

репродуктивна способност, па во таа смисла, се разликуваат обновливи и необновливи природни ресурси.

По дефиниција, обновливи ресурси се оние кои постојано се обновуваат во бесконечниот тек на природните процеси. Значи тоа се ресурси кои имаат способност да се регенерираат (сонцето, водата, ветерот) и можат да се користат на неодредено време, со забелешка дека стапката на искористување на овие ресурси треба да биде помала од нивната природна стапка на репродукција, со цел тие да може да се регенерираат и да се користат бесконечно.

Природните обновливи ресурси се составен дел на одреден простор и по своите карактеристики претставуваат основа за развој на животот. Исто така, поради нивната природна форма и нивните општи својства, обновливите ресурси имаат одредена вредност која може да се користи за економски цели односно за производство на стоки и услуги и стекнување профит.

Поради економската рентабилност од користењето на обновливите ресурси и развојот на потрошувачкиот менталитетот на корисниците, со текот на времето доаѓа до нивна прекумерна експлоатација. Последиците од таквото однесување се манифестираат преку појавата на природен дисбаланс и голем број еколошки катастрофи. Затоа, природните ресурси треба да се користат рационално со цел да се зачува нивната вредност на подолг рок.

Природните обновливи ресурси играат клучна улога во квалитетот на животот на локалната заедница поради нивните економски карактеристики,  па така имаат посебно значење во националната економија бидејќи го одредуваат богатството на одделните земји и нивната економска ориентација. Богатството на природните обновливи ресурси претставува компаративна предност за една земја и влијае на нејзината конкурентност на глобално ниво. Некои земји имаат различни количини и видови на природни ресурси кои поради распоредот, достапноста и квалитетот, го одредуваат севкупниот развој и напредок на земјата. Поради тоа, неопходна е нивна рационална експлоатација за да се овозможи соодветна заштита и можност за нивно користење на долг рок.

Необновливи ресурси се оние кои по една употреба неповратно се губат односно трошат и немаат можност за обновување во природниот процес. Значи, овие ресурси (како што се фосилните горива) не се обновуваат или се обновуваат многу бавно, така што по правило нивната потрошувачка е многу побрза од нивната регенеративна моќ што доведува до тоа овие ресурси да исчезнат.

Необновливи природни ресурси се оние ресурси што се формирале за време на геолошките процеси кои траеле милиони години, така што тие постојат во резерви во фиксни количини и откако ќе се икористат не можат повторно да се обноват и да бидат достапни за понатамошна потрошувачка.

Овие ресурси вклучуваат три големи, релативно хомогени групи природни ресурси:

- енергетски ресурси, кои вклучуваат фосилни горива (јаглен, нафта и природен гас) и руди за производство на нуклеарни горива;
- метални ресурси и
- неметални ресурси.

Споменатите категории на ресурси се основа за развој на современото општество и речиси ниедна економска гранка не може да постои без користење на овие ресурси. Искористувањето на оваа категорија на ресурси се интензивирало по индустриската револуција кога техничките и технолошките решенија овозможиле трансформација на необновливите природни ресурси во употребливи финални производи.

Општа проценка за влијанието на необновливите природни ресурси е тоа дека тие имаат далеку поголем директен ефект врз развојот на некои други индустрии отколку врз развојот на туризмот, но сепак со поефикасното користење дури и во областа на туризмот може да се намали интензитетот на нивната експлоатација.

- Природните ресурси може да се поделат и според нивното потекло. Така, се разликуваат биолошки и органски ресурси. Биолошките ресурси настануват од живиот свет (растенија, животни), а органските од неживиот свет (воздух, вода и слично).

## II. ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ КАКО АТРАКЦИСКА ОСНОВА ВО ТУРИЗМОТ

Природните ресурси може да се набљудуваат од различен контекст во зависност од предметот на истражување. Постојат бројни дефиниции од различни експерти од областа на економијата, рударството, екологијата, социологијата и слично, кои се занимаваат со проучувањето на природните ресурси.

Во овој труд, природните ресурси се објаснуваат од аспект на туризмот. Со цел да се објасне улогата на природните ресурси како атракција во областа на туризмот, треба да се нагласи дека поимот туристички ресурси во овој труд се анализира како функционален сет, а не од аспект на поделбата на природни и општествени туристички ресурси.

Туризмот е феномен што се одвива во одреден простор кој поради неговите атрактивни својства привлекува одредени сегменти на туристичката побарувачка. Атрактивноста на просторот ја одредуваат туристичките ресурси што ги поседува тој простор. Туристичките ресурси поради нивните знаменитости, рекреативни и естетски карактеристики, се сметаат за атракција која станува составен дел од туристичката понуда на одредено место или дестинација. Впрочем, целата понуда во областа на туризмот во една земја треба да се базира на атрактивните својства на ресурсите што таа ги поседува[5]. Меѓутоа, при дефинирање на концептот на туристичките ресурси, треба да се нагласи дека во туристичката терминологија поимите ресурс и атракција често се користат како синоними што според некои автори не е точно бидејќи сите туристички атракции се туристички ресурси, но секој ресурс не мора да биде туристичка атракција. Имено, туристичките атракции се основните туристички ресурси на секоја туристичка дестинација, кои ја одредуваат и условуваат туристичката понуда и развојот на туризмот. Меѓутоа, кога станува збор за природните ресурси како туристички атракции, тогаш потребите и мотивите на посетителите и квалитетот на ресурсите се тие што ги прават привлечни во однос на туристичка побарувачка.

[5] Kušen, E. (2002): Turisticka atrakcijska osnova, Institut za turizam, Zagreb, str. 17

## 1. Поим и дефинирање на туристичките ресурси

Во согласност со економската дефиниција за "ресурс", ресурсите во туризмот може да бидат дефинирани како средства кои може да бидат искористени за целите на туризмот во дадено место, регион или држава. Туристичките ресурси ја одредуваат и условуваат важноста, структурата и квалитетот на туристичката понуда во туристичките региони и места. Покрај примарните туристички ресурси, ресурсната основа во одредена туристичка дестинација се состои и од други непосредни туристички ресурси (туристички и угостителски објекти, сродни објекти и услуги, персонал, агенции, организација) и индиректни туристички ресурси (зачувана животна средина, гео-транспортна положба, општинска инфраструктура, политичка стабилност).

Туристичките ресурси се оние природни и/или општествени добра што може да се искористат во туристички цели (да се валоризираат) односно оние феномени, предмети, настани кои привремените посетители (туристи и излетници) ги посетуваат за време на нивното патување поради високиот степен на атрактивност.

Овие ресурси се составен дел на географскиот простор, а богатството со туристички ресурси претставува компаративна предност за земјата или регионот од аспект на вкупниот економски развој бидејќи овие ресурси имаат голем степен на атрактивност па поради тоа привлекуваат повеќе посетители и туристи. Овој дел од туристичката понуда мора да биде стратегиски ориентиран кон развојот на туризмот во туристичката дестинација. Токму затоа, целокупната туристичка понуда мора да се заснова на оригиналните карактеристики и својства на ресурсите, со цел да се постигнат подобри економски и нееkономски резултати. Тоа може да се постигне со помош на туристичката валоризација односно утврдување или проценка на вредноста на туристичките атративности преку кои туристите може да ги задоволат своите туристички (културни или рекреативни) потреби. Притоа, како најважни критериуми за туристичка валоризација се: степенот на атрактивност на туристичките мотиви, развојот на сообраќајната инфраструктура, степенот на развој на туристичките капацитети, нивото на опременост на туристичките локалитети и центри, географската положба, културно-историското наследство и слично.

Основната класификација на туристичките ресурси, која не е сеопфатна, се врши според одредени специфични критериуми, најчесто според потеклото и квалитетот[6]:

- Според потеклото, ресурсите се класифицираат или се делат на природни ресурси (создадени од природата) и антропогени ресурси (создадени од страна на човекот),
- Според квалитетот, туристичките ресурси се делат на директни и индиректни. Квалитативната класификација е базирана на евалуацијата на ресурсите (евалуацијата се смета за постапка со која се одредува нивото на коешто дадената област е погодна за употреба на тие ресурси за развој на туризмот). Директните ресурси се високо квалитетни (атрактивни) ресурси кои поседуваат силно привлечни својства за туристите. Директните ресурси кои се валоризирани во туристички цели се вели дека се вистински туристички атракции, додека оние што постојат во одреден простор но не се валоризирани, се сметаат за потенцијални туристички атракции. Потенцијалните и вистинските туристички атракции се примарните туристички ресурси на секој простор.

Во однос на просторот, туристичките атракции се означуваат со броеви. Кога се работи за мал број места или настани со висока привлечност, зборуваме за атракција, а атрактивноста пак се однесува на поголеми природни целини или појави.

[6] Knezevic R., Contents and Assessment of Basic Tourism Resources, Tourism and Hospitality Management, University of Rijeka, Croatia, Vol. 14, No. 1, pp. 79-94, 200

**Табела бр.1 Преглед на туристичките атракции**[7]

| **Природни атракции** | **Културно-историски атракции** | **Атрактивна туристичка супраструктура** |
|---|---|---|
| **Геолошки форми:**<br>пештери, планини, низини, пустини, острови, карпи, видиковци, кањони, палеонтолошки локации<br><br>**Клима:**<br>медитеранска клима, континентална клима, тропска клима, поларна клима<br><br>**Вода:**<br>море, езеро, река, извори, водопади<br><br>**Растителен свет:**<br>шуми, савани, џунгли, тундри, степи, прерии, ботанички градини<br><br>**Животински свет:**<br>дивеч, зоолошки градини, ловишта, риболовни подрачја<br><br>**Природно наследство:**<br>национални паркови, паркови на природата, природни резервати, заштитени мочуришта, парк-шума, споменици на градинарна архитектура, заштитени растителни и животински видови, заштитени индивидуални дрвја и стебла | **Културно-историско наследство:**<br>споменици на културата, археолошки локалитети, заштитени урбани целини, заштитени рурални целини, стари градови, дворци и замоци, цркви и џамии и други видови верски објекти<br><br>**Културни и верски установи:**<br>музеи, театри, верски центри и ходочастија<br><br>**Манифестации:**<br>фестивали, претстави, концерти<br><br>**Културен живот и работа:**<br>гастрономија, начин и стил на живеење на локалното население, етничка припадност, фолклор и традиција, ракотворби | **Спортски и рекреативни објекти:**<br>спортски настани, спортски и рекреациски терени и игралишта, скии патеки, планински домови<br><br>**Здравствени објекти и установи:**<br>спа центри, термоминерални места, бањи<br><br>**Атракции поради атракции:**<br>казина, обложувалници, коњски тркачки стадиони за обложување |

Покрај претходната категоризација или класификација која туристичките ресурси ги анализира како туристички атракции, постои и друга класификација на туристичките

[7] Kušen, E. (2002): Turisticka atrakcijska osnova, Institut za turizam, Zagreb, str. 27.

ресурси, а најчеста е поделбата која вклучува две групи туристички ресурси: природни и антропогени.

**Табела бр.2 Класификација на туристички ресурси**[8]

| | |
|---|---|
| **Природни (биотропни) туристички ресурси** | |
| **Геоморфолошки ресурси:** | планини, планински масиви, вулкани, клисури, кањони, пештери, карстни полиња, карстни облици (карпи, гребени ...) |
| **Климатски ресурси:** | екваторијална клима, тропска клима, умерено топла клима, умерено свежа клима, планинска клима, ладна клима |
| **Хидрогеографски ресурси:** | океани, езера, реки, подземни води, термални води, гејзери |
| **Биогеографски ресурси:** | растителен и животински свет |
| **Пејзажни ресурси:** | планински пејзаж, низински или пејзаж со релативно низок релјеф, крајбрежни предели |
| **Општествени (антропогени) туристички ресурси** | |
| **Културно-историски ресурси:** | сочувани остатоци од минатите цивилизации и нивните технолошки достигнувања, урбанистички целини, уметнички достигнувања, споменици |
| **Етно-социјални ресурси:** | материјална и духовна култура на народот, народни игри, песни, обичаи |
| **Уметнички ресурси:** | музеи, галерии, збирки, библиотеки, споменици на историскиот и културниот развој, достигнувања во архитектурата, визуелни уметности, музика и театарска уметност |
| **Манифестациски ресурси:** | институции кои организираат едукативни и едукативно-рекреативни активности |
| **Амбиентални ресурси:** | помали или поголеми просторни ентитети што човекот ги создал со својата работа и вештина |

Една од карактеристиките на природните ресурси е дека тие најчесто се фиксни во однос на туристичката понуда со што се овозможува креирање на ограничен број на

[8] Bilen, M. (2006): Turizam i prostor – ekonomsko-geografski aspekti turisticke valorizacije prostora u turizmu, Veleucilipte u Karlovcu, Karlovac, str. 39.

услуги. Затоа, во оние места во кои има природни ресурси, може да се развијат такви активности со кои ќе се осигура дека користењето на ресурсите е социјално и економски одржливо. На пример, ако целта е да се развие туризмот во одредена област, тогаш индустриското производство по правило не може да се развива во истата област. Затоа, неопходно е воспоставување на соодветен систем за управување за да можат ефикасно да се користат тие ресурси за туристички цели.

Благодарение на рекреативните квалитативни својства, природните ресурси ги задоволуваат туристичките потреби и влијаат на физиолошките функции на човекот (релаксација, обновување, освежување). Поради тоа, природните ресурси станаа многу значајни фактори за атрактивноста на одредена туристичка дестинација.

### 2. 1. Природни туристички ресурси

Природните туристички ресурси се цел на поголемиот дел од туристичките патувања во светски рамки. 2/3 од тие патувања се насочуваат кон дестинациите кои имаат претежно природни ресурси (како поеднинечни, така и комплексни).

Природните туристички ресурси како основни туристички ресурси или атракции, најчесто се класифицираат од аспект на геолошките карактеристики, климата, водата, флората и фауната и природното наследство. Секоја од овие компоненти претставува индивидуална атракција на одредено место, кое поради неговите својства и карактеристики може да биде главна причина за посета или да влијае врз одлуката за патување.

Природните туристички ресурси најчесто се делат на:

- геоморфолошки ресурси,
- климатски ресурси,
- хидрографски ресурски,
- биогеографски ресурси и
- пејзажни ресурси.

### 2.1.1. Геоморфолошки ресурси

Геоморфолошките туристички ресурси го претставуваат богатството и разновидноста на површината и подземните земјени формации. Во геоморфолошки туристички ресурси спаѓаат релјефните форми како што се: пештерите, јамите, карпите, водопадите, вулканите, клисурите, кањоните и слично.

Геоморфолошките ресурси најчесто се користат во комбинација со други ресурси како што се морето, климата, растителниот свет.

#### 2.1.1.1. Планини

Морфолошките карактеристики на планините[9] претставуваат туристичка вредност, а карактеристично е тоа што планините поседуваат повеќе содржински елементи кои наоѓаат примена во туристички цели. Поради тоа што планините се користат како зимско-спортски и туристичко-географски простори, планинските страни имаат исклучително значење за туризмот бидејќи на планинските страни се трасираат скијачки патеки, трим патеки и патеки по кои се совладуваат планинските високи точки.

Капацитетот на планинските страни за трасирање на скијачки патеки се определува според нивната денивелација, под што се подразбира височинска разлика меѓу стартната точка на патеката и точката која е определена како цел. Оптималната оптовареност на скијачката патека изнесува еден скијач на метар височинска разлика. Планинските страни може да бидат погодни и за скијачки скокалници, а изборот на вакви локации се темели и на можноста за лоцирање на простор и за гледачите.

Локацијата на патеките за прошетки и трим патеките на планинските страни се врзува со расчленетоста на планинскиот релјеф, но и со другите елементи на географската средина. Токму надморската висина е причина планинскиот воздух да има посебни карактеристики.

[9] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.48-50

Комплексноста на планинскиот простор произлегува и од присуството на шумска вегетација, но и од содржајноста во поглед на ретки видови флора и фауна. Тие се наоѓаат во симбиотична поврзаност со водопадите, вулканите, ледниците, термалните извори и слично. Од друга страна, планинските врвови се интересни за набљудување и секогаш се во доменот на опсервацијата бидејќи од нив се гледа планинскиот декор, околните рамничарски терени во подножјето и акваторијалните површини.

Важен фактор во туристичкото активирање на планините претставува пристапноста до атрактивно-мотивациските вредности и рецептивните капацитети, меѓутоа голем проблем претставува релјефот и стрмните наклони, па затоа изградбата на сообраќајна инфраструктура е поврзана со значително високи трошоци.

#### 2.1.1.2. Вулкани

Вулканите[10] претставуваат специфични геоморфолошки облици, а под влијание на високите температури и притисоци кои делуваат во внатрешноста на земјата низ пукнатините на литосферата се појавуваат огромни изливи на лава на површината. Ваквите карактеристики на вулканите упатуваат и на прашањето за нивното туристичко значење. Искачувањето до вулканите има рекреативно дејство и може да се спореди со алпинистичките активности, а за туристите особено е важно да се присутни во близина на кратерот за да можат да бидат сведоци на создавањето на земјата во мигот на посетата. Активните вулкани се поатрактивни во однос на згаснатите, но често пати и тие ги привлекуваат туристите. За туристите, од особено значење се и пост-вулканските појави како што се мофетите, салфаторите и фумаролите кои имаат и едукативно и куриозитетно атрактивно својство. Специјализирани тури (екскурзии, експедиции) се нудат за посета на местата на многу активни вулкани ширум Светот, а туристичките водичи генерално ги вклучуваат геолозите и вулканолозите за да обезбедат професионални насоки, водење и знаење за луѓето кои бараат повеќе информации за “убавините“ на вулканска активност.

[10] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.53-54

### 2.1.1.3. Клисури

Речните долини поседуваат одредени форми кои имаат значење за туристичкиот развој. Долините на реките кои имаат стрмни страни се нарекуваат клисури[11], а оние со вертикални се нарекуваат кањони.

Процесите на формирање на клисурите се споредливи со оние што се типични за формирање на пустини: клисурите ги собираат водите само во дождовните периоди. Во сушни услови, всушност, почвите и карпите не создаваат седименти и не обезбедуваат остатоци за да ги пополнат водотеците или да ја ограничат нивната ерозивна сила. Во исто време, варовникот на ѕидовите е сув, тврд и заштитен од влијанија што претставува дополнителна заштита од распаѓање, па поради тоа клисурите ги задржуваат стрмните профили.

Според положбата и големината на просторот, конфигурацијата на теренот, природните услови и погодности, застапените содржини и вредности, клисурите нудат услови за разновидни туристички активности. Тоа се: трекинг (малку потежок облик на пешачење), излетнички туризам, селски туризам, планински велосипедизам, ловен и риболовен туризам, спелеолошки туризам, алпинизам, параглајдинг и друго. Некои од овие активности можат да бидат речиси целогодишни, додека некои пак имаат сезонски карактер.

### 2.1.1.4. Кањони

Рекреативното значење на кањоните[12] произлегува од влијанието кое го имаат врз другите елементи на географската средина, а посебно важно е влијанието на климата, бидејќи низ нив се чувствува струењето на воздухот. Поради тоа, кањоните поседуваат и посебни микроклиматски карактеристики, а ваквите околности создаваат специфична флора и фауна. Кањоните се специфична појава и во релативно краток временски период

[11] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.55
[12] Исто, стр.55

ја врзуваат туристичката публика, па затоа туристичката валоризација упатува на неопходност од постоење на соодветни рецептивни капацитети.

Реката Колорадо во САД чија вода истекува од сувата југоисточна област, го врежува најпознатиот кањон на Светот. Поради стрмното издигање на висорамнината Колорадо, реката врежала кањони длабоки над 1600 м чиј највозбудлив дел е Големиот Кањон во Северна Аризона долг 350 км. Низводно во Северна Аризона, главниот дел од разгранетиот кањонски систем, Големиот Кањон, достигнува ширина од 29 км и ги пробива слоевите седиментни карпи чија геолошка старост е 2 милијарди години. Статусот на Големиот Кањон како меѓународна туристичка дестинација создава моќна економија за државата Аризона. Овој кањон привлекува милиони посетители во околните градови секоја година, обезбедувајќи бизнис за локалните хотели, мотели и ресторани. На пример, во 2014 година профитот од посетата на Националниот парк "Големиот Кањон" во северниот дел на Аризона изнесува околу 686 милиони долари, поддржувајќи речиси 12 000 работни места. И регионот околу кањонот има свои придобивки. Така на пример, многу посетители на Националниот парк "Големиот Кањон" го посетуваат ова место како дел од поголемата турнеја на атракции во Аризона и југозападниот дел на САД. Другите национални паркови и атракции во близина како што е Лас Вегас, исто така, создава зголемен туристички промет поради посетителите на овој кањон.

### 2.1.1.5. Пештери

Во групата на релјефни форми кои припаѓаат на карстната ерозија и акумулација, посебно место заземаат пештерите[13]. Тие настанале под влијание на хемиските процеси во кои водата ги разложува варовничките карпи. Акумулацијата на варовничките елементи овозможува формирање на сталактити и сталагмити, односно импресивен пештерски накит.

Пештерите поседуваат куриозитетни туристички атрактивни својства, а тоа произлегува од реткоста на пештерите и нивната структура. Бројните лавиринти, понори,

[13] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.60-61

сали и пештерски понори побудуваат чувство на восхит. Исто така, вредноста на пештерите е содржана во извонредните содржински карактеристики од гледна точка на убавините кои ги поседуваат. Во нив може да се забележат и акустични сали, а за туристите се посебно импресивни концертите кои се одржуваат длабоко во Земјата.

Подземните реки, езера и реткиот животински свет претставуваат посебна вредност затоа што ја надополнуваат егзотичноста на пештерската содржина.

Туристичката валоризација на пештерите поаѓа од димензиите на ходниците и лавиринтите. Имено, големината на салите и структурата на ходниците, лавиринтите и проширувањата доколку се проодни, значи дека може да се разгледуваат од страна на туристите.

### 2.1.1.6. Карстни форми

Карст претставува геолошка творба создадена со растворање на еден или повеќе слоеви на карпесто тло, обично карбонатни карпи како што се варовникот, доломитот, но и гипсот. Во одредени услови, карстот се образува и кај амотсферски-отпорни карпи како што е кварцитот. Бидејќи водата се исцедува под земја, карстните предели обично немаат реки и езера, но имаат карактеристични облици како што се сеноти, вртачи, понорници, шкрапи. Постојат и предели без никакви карактеристични облици, на места каде што растворливата карпа има прекривка од материјали како леднички остатоци или пак е заробена од еден или повеќе нерастворливи карпести слоеви. Во некои карстни предели може да се појават илјадници пештери иако присуството на пештери само по себе не е показател за карстен терен.

Карстниот релјеф обично се појавува како последица на присуството на благо кисела вода што дејствува врз карпесто тло со мала растворливост како што се варовникот и доломитот. Оваа благо кисела вода почнува да ја нагризува површината долж пукнатините или одделните плоснати површини на карпестото тло. Со време пукнатините се прошуруваат и карпестото тло продолжува да се раствора. Отворите во карпата се зголемуваат и се создава подземен систем на истек, поради што низ местото сега поминуваат уште поголеми количини вода забрзувајќи го создавањето на подземни

карстни форми. Скарстувањето на пределите може да создаде големи или мали релјефни елементи како на површината, така и под земјата. Површински карстни релјефни облици се шкрапите, вртачите, увалите и карстните полиња кои не се толку атрактивни од аспект на туризмот. Подземните карстни облици може да бидат во форма на понори, јами, пештерски системи и пропасти. За развој на пештерите и пропастите, неопходни се соодветни геолошки (литолошко-тектонски), геоморфолошки и климатско-хидролошки услови. Сепак примарно значење има литолошкиот состав бидејќи без соодветна средина (а тоа е карбонатна карпеста маса) невозможно е да се изградат ваквите форми. Останатите услови повеќе делуваат како модификатори односно го насочуваат и одредуваат интензитетот на подземната карстна ерозија (и акумулација).

Најинтерсни од аспект на развојот на туризмот во едно место се подземните карстни форми. Како значајна подземна карстна форма се пропастите или јамите.

Пропасти се подземни карстни форми чиј влез е на површината на теренот и се спуштаат во длабочината на карбонатната маса преку кос или вертикален канал. Услов кај пропастите е висинското растојание меѓу влезот и дното да биде поголемо во однос на должината на хоризонталната проекција на пропаста. Ова значи дека пропастите може да имаат дури и хоризонтални канали, скалесто подредени. Тие, како и главните канали се предиспонирани долж пукнатини, раседи или слоеви на карпи. Создавањето на пропастите е условено од карстната и механичката ерозија. Површинската вода понира низ пукнатините во внатрешноста на карбонатната маса и истата ја раствора односно ги проширува пукнатините. Со зголемување на димензиите на пукнатините, површинското истекување на водите престанува и тоа се претвора во подземно. На тој начин, се јавува силна подземна циркулација на водата што понира во внатрешноста односно се јавува механичка ерозија на подземните текови. Во зависност од степенот на влијанието на карстната односно механичката ерозија на водата што понира, во класификацијата на пропастите може да се издвојат повеќе типови: карстни пропасти, сурнати пропасти, вигледи, понори и други.

### 2.1.2. Климатски ресурси

Климата е еден од најважните фактори за туристичката атракција на одредено место. Како и геоморфолошките ресурси, така и климата главно претставува комплементарен ресурс. Но, климата може да дејствува и независно во привлекување на туристите. Најважни елементи на климата за развојот на туризмот се сонцето (инсолацијата), температурата на воздухот, ветерот и врнежите.

Исто така, треба да се нагласи дека глобалните климатски промени (дупките во озонот и ефектот на стаклена градина) почнуваат да предизвикуваат одредени промени во побарувачката на спортски и рекреативни активности во одредени дестинации. Просторите и местата погодени од вакви климатски услови, во иднина може да станат туристички непривлечни.

Од сите природни компоненти, најголемо влијание врз туризмот има климата. За време на одвивањето на рекреативните активности, туристите се под влијание на воздух со карактеристични микроклиматски елементи. Овие карактеристики на климата имаат најголемо влијание врз човекот и тоа се нарекува биоклима. Таа се манифестира преку различни индикатори: температура на воздухот, влажност, атмосферски притисок, времетраење и сила на сончевите зраци, сила и насока на ветровите, период и должина на снежната покривка, облачност, магловитост и друго.

Многу важна карактеристика на климата е сезоналноста во појавата на нејзините елементи. Сезоналноста има големо влијание врз туристичкиот развој и во голема мера го одредува интересот за туристичките дестинации.

Од тој аспект се разликуваат:

- Дестинации со целогодишна (постојана) туристичка сезона кои привлекуваат туристи во текот на целата година, при што главната атракција ја сочинуваат антропогените ресурси, туристичките населби и историски знаменитости;
- Дестинации со зимска туристичка сезона (планински скии центри) кои привлекуваат туристи само во текот на зимскиот период при што времетраењето

на сезоната во овие дестинации зависи од времетраењето и задржувањето на снежната покривка;

- Дестинации со летна туристичка сезона – кои главно се привлечни за туристите во летниот период при што покрај одмор крај водните површини, вклучуваат широк спектар на рекреативни активности кои можат да се практикуваат во летната сезона;
- Дестинации со две туристички сезони (зимска и летна) кои освен услови за зимски спортови нудат можности за летно пешачење и други рекреативни активности (најчесто станува збор за одредени планински туристички дестинации)

Климатските карактеристики може да го условуваат развојот на одредени форми на туризам, па така, капалишниот туризам се развива само во места со тропска, суптропска и медитеранска клима. Од друга страна, местата со планинска клима се ориентирани кон развој на зимскиот и спортско-рекреативниот туризам.

#### 2.1.2.1. Инсолација

Инсолацијата[14] претставува долготрајност на сончевата радијација и се изразува во траење на сончевиот сјај. За туристички престој поповолни се оние географски средини во кои е подолго траењето на сончевиот сјај. Инсолацијата подразбира влијание на ултравиолетовите и инфрацрвените зраци врз човекот, затоа што ги уништуваат микроорганизмите и делуваат бактерицидно. Според тоа, инсолацијата во оваа смисла има позитивно влијание врз човековиот организам. Ултравиолетовите и инфрацрвените зраци делуваат позитивно во создавањето на пигментација на кожата и го забрзуваат зараступањето на раните. Постоперативната рехабилитација најдобро се одвива во географска средина со забележителна инсолција. Сончањето ја подобрува здравствената состојба кај заболувањата на зглобовите и се смета за една од најефикасните методи при третман на псоријазата. Поради тоа, во местата каде постои долготрајна инсолација се градат солариуми како дел од туристичката супраструктура.

[14] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.72-73

### 2.1.2.2. Температура на воздухот

Температурата на воздухот[15] е еден од најзначајните климатски елементи, а туристичката валоризација ги опфаќа средномесечните и среднодневните температури. Средномесечните температури од кои произлегува средногодишната температура се користат како параметри при определувањето на туристичкиот развој, а врз основа на овие вредности се определува и должината на сезоната. Како оптимална вредност се зема средномесечна температура од $18^0$C.

Среднодневната температура исто така е важен показател за туристичките активности затоа што преку неа се отсликуваат условите во текот на определен период од месецот по денови, а тие показатели поблиску ги прикажуваат можностите за туристички активности.

Температура на воздухот треба да се набљудува во комбинација со влажноста на воздухот и со проветреноста. Ако температурите се високи, влажноста на воздухот голема, а нема ветрови, тогаш времето е тешко и задушливо, па може негативно да делува на престојот на туристите. Туристите полесно ги поднесуваат високите температури ако влажноста на воздухот е помала.

### 2.1.2.3. Ветрови

Ветровите[16] имаат значајна улога во туристичкиот развој. Во процесот на туристичката валоризација од голема важност е оценката за проветреноста. Благите ветрови позитивно делуваат на туристичкиот престој, за разлика од силните ветрови и бури кои потполно можат да ги парализираат туристичките активности.

Ветрот различно делува на здравите и заболените лица. Умерените ветрови го поттикнуваат дишењето и дишните органи, а силните ги намалуваат. Умерените ветрови

[15] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.73-74
[16] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.75-76

кои се движат преку акваториумите се збогатуваат со влажност која поволно делува на капачите во сувите и топли средини.

Ветровите може да делуваат и на другите елементи на климата како што е на пример снежната покривка. Ветрот фен во зимските и пролетните месеци го топи снегот во северниот дел на Алпите и со тоа ја скратува скијачката сезона во оваа средина.

Силните ветрови не само што влијаат на модифицирањето на климатските услови, туку може директно да влијаат и на природните содржини и антропогените форми. Поради налетот на овие ветрови, инфраструктурата и супраструктурата во туристичките дестинации може да биде уништена.

#### 2.1.2.4. Врнежи

Врнежите[17] може да влијаат како позитивно, така и негативно врз туристите и нивниот престој во одредена туристичка дестинација. Имено, дождот го збогатува воздухот со озон и помага во неговото прочистување од бактериите, но тие посредно може да ја инфицираат почвата, па на тој начин преку водата да дојдат до човекот во форма на епидемии на тифус. Исто така, дождовите може да ги парализираат туристичките активности во одредена дестинација.

Од друга страна пак, за разлика од дождот, врнежите од снег делуваат позитивно не само поради снежната покривка, туку и поради амбиентот кој го создаваат и кој може да биде привлечен за туристите. Овој амбиент е поволен за одвивање на скијачки активности, при што минималната длабочина на снежната покривка за оваа цел треба да изнесува најмалку 15 сантиметри.

### 2.1.3. Хидрографски ресурси

[17] Исто, стр.74-75

Заедно со климата, хидрогеографските елементи се најатрактивните фактори во туризмот. Имено, водата е извор на живот и основен предуслов за постоење на човекот, растенијата и животинскиот свет. Покрај тоа, водата има огромно значење за развој на туризмот поради нејзините рекреативни својства и визуелната привлечност. Затоа, вреднувањето на водата треба да се направи и од аспект на климатските услови (топлина на водата и воздухот), геоморфолошки елементи (достапно и привлечно крајбрежје) и безбедносната средина (пираните, ајкулите, загадувањето, опасните уреди и слично). Постојат многу класификации на водните ресурси, а во контекст на водниот туризам тие се поделени на: мориња, езера и големи реки, други реки, потоци, други стоечки води и лековити води.

Водните ресурси поради своите својства (температура, солена или слатка вода транспарентност, боја) овозможуваат развој на разни форми на туристичка понуда. Така, покрај најчестите капалишни активности, морињата и езерата нудат можности за одвивање и на други активности како што се пливање, нуркање, скијање на вода, едрење, рафтинг, водни активност, спортски риболов и гастрономски понуда. Од големо значење за квалитетот на водата е нејзиниот физичко - хемиски состав, чистотата, температурата, присуството или отсуството на опасни животни, растенија, подводни струи, јами и друго.

Големо значење за развојот на бањскиот туризам имаат минералните води кои се вбројуваат во категоријата подземни води. Во зависност од длабочината и карпестиот состав на Земјата од која извираат, тие се разликуваат по температура, јонски состав и минерализација. Се користат како за лекување и превенција (преку пиење, бањање, инхалации и други постапки), така и за греење, оранжерско земјоделство и слично.

Водата игра одлучувачка улога за развојот на туризмот во одредена дестинација и поради фактот што е неопходен и важен дел од вкупната туристичка инфраструктура (се користи за пиење и за задоволување на комуналните потреби на туристите, персоналот и домицилното население).

Освен директниот ефект врз психофизичката состојба и здравје на туристите, водата има огромно влијание и врз останатите компоненти на животната средина (врз бројот и квалитетот на растителните и животинските видови, промените во крајбрежјето

и топографијата - ја зголемува атрактивноста на пејсажот со различни форми како што се карстните пештери, скалести пирамиди и слично).

#### 2.1.3.1. Океани и морињa

Океаните и морињата[18] се најатрактивни и најкористени во туристички цели за разлика од езерата и реките. Атрактивноста на океаните и морињата е содржана во меѓузависноста на ендролошките елементи и елементите на географската средина како целина.

Температурата, прозирноста, бојата и соленоста на водата претставуваат најзначајни елементи во туристичката валоризација на океаните и морињата. Покрај зависноста од климатските услови, тие се определени и од длабочината на океанскиот или морскиот акваториум, количеството на прилив на слатка поладна вода и движењето на морските струи. Така, најниската гранична вредност која е поволна за одвивање на капалишни активности изнесува $18^0$C, а најдобра е поволноста меѓу $40^0$ северна и $40^0$ јужна географска ширина. Прозирноста на океанската и морската вода зависи од климатските карактеристики (а на прво место од осончеността на географската средина - колку поголема осончeност, толку поголема прозирност на водата), како и од составот на морската акваторијална подлога. Прозирноста се намалува како резултат на присуството на разни хемиски и биолошки загадувачки материи во водата.

Соленоста е основниот и клучен елемент по кој се разликуваат морињата и океаните од слатките води. Поради здравствените ефекти од солената вода врз здравјето на луѓето, туристите најчесто при одлуката за патување и престој ја одбираат онаа туристичка дестинација во која доминираат солените морски или океански води. Топлите мориња имаат поголем степен на соленост за разлика од постудените мориња. Од друга страна пак, соленоста на водата се намалува со приливот на слатка вода.

#### 2.1.3.2. Езера и реки

[18] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.79-84

Езерото претставува поголема вдлабнатина на земјината површина која е исполнета со вода. За разлика од подземните басени врз кои и речиси не влијаат климатските фактори, езерата се облици на пејзаж кои зависат како од областа во која се наоѓаат, така и од климатските фактори и често имаат многу богата флора и фауна.

Езерата се создаваат во природни котлини и обично добиваат вода од дождовите и од реките. Дел од оваа вода може да се испушти во друга река или пак да понира. Но, постојат и езера од кои не истекува водата, а се поврзани со реки од кои се влива вода. Ваквите езера се чести во пустинските области.

Сите езера се состојат од неколку основни елементи: ведро или вдлабнатина каде што се собира водата; платформа или површина на езерото од еден брег до друг; платформата завршува во една точка каде значително се зголемува наклонот - падина, која оди до дното, кое најчесто е рамно.

Во платформата често се создаваат појаси од мочуришна вегетација која претставува важен екосистем за птиците кои зависат од езерото. Што се однесува до езерската вода, таа се движи во вид на бранови, езерски струи, плима, осека и сеш. Брановите во езерата ги создаваат ветровите. Меѓутоа, езерските бранови се многу помали за разлика од морските. На најдлабокото езеро во Светот - Бајкалското, не се забележани бранови поголеми од два метри. Езерските струи, плимата и осеката се јавуваат само кај езерата со поголема површина. Сеш на езерата настанува поради разликите во воздушниот притисок меѓу спротивните краеви на самото езеро: на оној крај каде што воздушниот притисок е низок, нивото на езерската вода се издигнува, а на спротивната страна (каде владее висок воздушен притисок) нивото е спуштено. Појавата на сешот е најкарактеристична за Женевското Езеро во Швајцарија.

Поважни особини на езерата се: нивната температура, провидност, боја, вкус и движењата на водата. Температурата на езерската вода зависи од географската ширина, надморската висина и од длабочината на езерскиот басен односно ведро. Бојата на езерската вода може да биде сина, зеленикаста или маслинесто-зеленикаста. Тоа зависи од составот на карпите на езерското дно, од наносот што го внесуваат реките, од облачноста на небото и друго.

Провидноста најмногу зависи од : бојата на водата, ситните честички што ги содржи водата, растителниот и животинскиот свет и слично. Вкусот на водата во езерата зависи од нејзиниот хемиски состав и таа може да биде солена или слатка. Најголемиот број на езерата во Светот имаат слатка вода, додека солена вода имаат само реликтните и пустинските езера, главно поради големото испарување.

Според начинот на настанување на езерските басени, езерата можат да бидат: тектонски, леднички, карстни, речни, вулкански, приморски и вештачки. Тектонските езера лежат во тектонски потонатини или котлини, настанати со спуштање на земјиштето покрај раседи. Затоа тие се одликуваат со голема длабочина и со стрмни страни.

Ледничките езера се наоѓаат на високите планини и субполарни предели кои во ледениот период биле под дебела ледена покривка. Ледничките езера можат да бидат цирковни и валовски.

Карстните езера ги има во карстните предели. Нивните басени се настанати со карстната ерозија и обично лежат во вртачи,ували и карстни полиња. Басените на некои карстни полиња се спуштени по тектонски пат, па нивното дно лежи пониско од морската површина, додека нивото на водата им е над нивото на морето. Ваквите езера се нарекуваат уште и криптодепресии.

Речните езера настануваат со флувијална или речна ерозија. Можат да бидат ерозивни и акумулативни. Ерозивните езера лежат во пресечени меандри и имаат полукружен облик. Најмногу ги има покрај големите рамничарски реки што течат бавно и меандрираат. Акумулативните езера пак, настануваат со преградување на самото речно корито. Така на пример, речното корито може да се прегради како резултат на таложење на бигор. Меѓутоа, до преградување може да дојде и како последица на таложење на речен нанос.

Вулканските езера лежат во кратерите на изгаснатите вулкани. Распространети се во вулканските области на Земјата.

Приморските езера се познати и под името лагуни. Тие лежат покрај песочните брегови на морињата и океаните. Лагуните настануваат со создавање на песочни бедеми со кои се одделува еден дел од плиткото море и се преобразува во езеро. Нивната вода е солена.

Вештачките езера се создаваат со подигнување на брана со која се преградуваат речните долини. Тие се изградени од страна на човекот за најразлични потреби: искористување на хидроенергетскиот потенцијал на реките, наводнување на обработливи површини, обезбедување на градовите и индустријата со вода, естетско обликување на просторот и слично.

Реките[19] спаѓаат во групата на хидрографски туристички вредности кои имаат забележително место во развојот на туризмот. Реките од аспект на туризмот најчесто се користат за превоз на стоки и патници во туристичкото стопанство. Во туристичката практика пристутни се организирани тури на пловидба по реките кои овозможуваат да се согледаат вредностите на речните брегови. На реките се одвиваат и други пловидбени активности како што се организирање на регати и пловење со релативно мали пловила. Од друга страна, планинските реки се карактеризираат со голема брзина на водата, така што на нив се организираат спортови на “диви води“. Освен тоа, мошне привлечно е сплаварењето на брзите води. Богатството на риби овозможува реките да се користат и за риболовни активности, а делови од речните брегови се уредуваат за престој во туристички цели затоа што звуците и шумовите на водата позитивно делуваат на туристичката клиентела. Поради тоа, бреговите на реките се извонредни шеталишта, но и просторни целини кои може да се искористат за трасирање на трим патеки.

### 2.1.3.3. Подземни води

Водите што излегуваат (извираат) од длабочините на Земјата на нејзината површина, наречени се изворски или термални води. Подземните води – аквифери најчесто се формирани во котлинските места, а зависат од многу фактори како што се: климатолошките, морфолошките и хидрогеолошките. Штедроста како водно-ресурсна билансна компонента зависи од осцилациите на нивото на подземните води и можноста за нивно обновување. Затоа се користи и терминот динамички резерви на подземните води.

Подземните води се води кои лежат врз непропусливи слоеви од глина над кои пак се наоѓаат пропусливи слоеви од ситен песок и чакал. Длабочината на која тие слоеви и

[19] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.87-88

празнини во карпата остануваат целосно заситени со вода се нарекува маса на вода. Подземните води понекогаш извираат на површината на Земјата на природен начин, а таквото “празнење“ е услов за појава на извори кои пак може да формираат оази или мочуришта.

Подземните води често се користат или “извлекуваат” за земјоделски, комунални и индустриски цели и потреби со изградба и функционирање на експлоатациони бунари. Движењето на подземните води се истражува од науката која е позната како хидрогеологија односно хидрологија на подземните води.

Вообичаено, подземните води се сметаат за води што течат низ плитки водоносни слоеви но, во техничка смисла, под овој поим може да се сметаат и влагата во почвата, пермафростот (замрзнатата почва), неподвижната вода со многу ниска пропустливост и длабоката геотермална вода. Подземните води често се поевтини, попогодни и помалку подложни на загадување за разлика од површинските води. Затоа, најчесто се користат за водоснабдување на жителите на одредено место, но и за водоснабдување на хотелските и другите капацитети во областа на туризмот и угостителството. Така на пример, подземните води го обезбедуваат најголемиот извор на складирана вода во САД, а годишно Калифорнија располага со најголема количина на подземни води за разлика од сите други држави. Подземните резервоари на вода во САД содржат далеку повеќе вода од капацитетот на сите површински акумулации и езера во САД, вклучувајќи ги и Големите езера.

#### 2.1.3.4. Термални води

Термалните води од дамнешно време се сметале за лековити води и кон нив луѓето се однесувале со почит. Бањите се всушност лечилишта со лековита вода или кал кои се користат за лекување на луѓето. Лековитоста произлегува од нивниот хемиски состав и физичките својства кои благотворно делуваат на човековиот организам. Термалните води, како и минералните, имаат докажано забележителни антимикробни, антивирусни, антиинфламаторни ефекти врз корисниците. Токму поради тоа, тие се природен потенцијал за привлекување туристи. Всушност, термоминералните, минералните и

термалните води се еден од најзначајните ресурси за развој на бањскиот или здравствениот туризам.

Различните локалитети на изворите со специфични карактеристики преставуваат основа за туристички развој на бањско-климатските места. Разновидноста на физичкиот и хемискиот состав на изворите, температурата на водата и капацитетот на изворите го прават подрачјето каде што се наоѓаат изворите атрактивно и привлечно за туристите. Меѓутоа, топлата вода од изворите не служи само за бањање, лекување и за развивање на туризам, туку таа во Светот се повеќе се користи и за централно греење на населените места, како и за производство на елекетрична енергија од природната водена пареа.

Практично, од сите обновливи извори на енергија, геотермалната енергија претставува најзначаен произведувач на топлина и електрична енергија во светски рамки. Освен за греење на јавни и приватни објекти, оваа топлина која како природен ресурс доаѓа од Земјата, директно се користи и за одгледување на растенија во стаклени градини, и во индустриски процеси како што се на пример сушење на жито и пастеризирање на млеко.

Во одредени земји, искористеноста на термалните води е далеку помала во однос на нивниот потенцијал поради скапите истражувања на ова поле и отсуството на државна стратегија за нивна искористеност заради потребното вклучување на домашни и странски инвеститори.

Имено, за производство на струја од термални води, на пример, потребни се бушотини длабоки од 1.000 до 1.500 метри и температура на термалната вода од 140 степени. Така, во Косово има термални води со бушотини длабоки од 500 до 600 метри и максимална температура од 80 степени, па тие се погодни само за бањско-рекреативни и медицински цели, за загревање на оранжерии, училишта, станбени и деловни објекти.

### 2.1.3.5. Гејзери

Гејзерите[20] претставуваат термални извори на вода кои се карактеристични за вулканските географски средини и спаѓаат во групата на интермитентни извори. Водата во овие извори се појавува во правилни временски интервали, а оваа појава настанува на тој начин што водата која доаѓа до отворот на гејзерот се разладува и создава чеп. Под притисок на загреаната вода, овој разладен дел на водата избива надвор, па така се создава воден столб кој може да биде висок и до 60 метри.

Постојат два типа на гејзери: фонтански гејзери кои избиваат од базени со вода обично во серија интензивни, дури и насилни извирања на топла вода; како и конусни гејзери кои избиваат од конуси од силициум (вклучувајќи го и гејзеритот), обично во стабилни извирања кои траат од неколку секунди до неколку минути.

Најпознатиот гејзер во Националниот парк Јелоустон во САД е пример за конусен гејзер. Гранд Гејзер, највисокиот предвидлив гејзер на Земјата (иако Гејзир во Исланд е највисок, а не е предвидлив), кој се наоѓа исто така во Националниот парк Јелоустон, е пример за фонтански гејзер.

Гејзерите се користат за различни активности како што се производство на електрична енергија, греење и туризам. Гејзерските полиња во Исланд се едни од најпознатите комерцијално одржливи локации на гејзери во Светот.

### 2.1.4. Биогеографски ресурси

Туристичката економија е стратешки фокусирана на производство на здрава храна (винарство, овоштарство, сточарството прилагодени на посебните карактеристики на местото), како и на обезбедување заштита на биолошки ранливите зони и заедници (шуми, ливади, морски брегови и планински региони).

При туристичка валоризацијата на едно место од особено значење се флората и фауната кои доминираат тука. Првенствено, флората има физиолошка функција бидејќи го трансформира јаглеродниот диоксид во кислород преку процесот на фотосинтеза.

[20] Мариноски Н., Туристичка географија, Второ издание, Охрид, 2003 година, стр.91

Нејзините естетски и куриозитетни вредности, како и здравствените аспекти се поврзани со разновидноста на видовите и облиците на растенијата.

### 2.1.4.1. Растителен свет

Растителниот свет е од особена важност за развојот на туризмот во одредена дестинација. Главна функција на растителниот свет е зголемување на атрактивноста на дестинацијата, креирање на убава и пријатна атмосферата и амбиент, како и подобрување на пејзажот. Меѓутоа, овде мора да се спомене и неговото влијание врз прочистување на воздухот, прекинот на ветровите, зголемувањето на влагата, задржувањето на бучавата, зголемувањето на удобноста на микроклимата (фрлање на сенка и друго).

Во овој контекст посебно значење имаат природните шуми, но регенеративно влијание имаат и вештачките шумски насади од типот на паркови. Во различни географски широчини на одреден простор преовладуваат различни типови вегетација. Така на пример, во умерените географски широчини доминираат листопадните шуми, четинарите и дабот.

Големо значење за туризмот има пред се планинската вегетација, градските паркови, како и специфичните видови на вегетација во крајбрежијата. Посебен интерес побудуваат ретките растенија кои се карактеристични за одреден специфичен регион (т.н.ендемити), па покрај тоа што се интересни за туристите, претставуваат главен фактор за развој на научниот туризам.

Туристичките региони се обидуваат да ја збогатат вегетацијата која е оскудна со создавање на паркови со разни видови растенија. Архитектурата на паркови бара повеќе елементи на пејзажот на одреден регион. Особено се важни новите видови на архитектура на паркови кои се повеќе се прилагодуваат на рекреативните барања (таканаречени англиски паркови).

#### 2.1.4.2. Животински свет

Од значење за туризмот се и различните видови на животински свет. Копнените диви животни даваат атрактивност на туристичките дестинации и се јавуваат како основен ресурс за развој на специфичниот ловен туризам. Поради опасноста од исчезнување на голем број животински видови во последните години, голем подем добива т.н. фотосафари туризмот каде главна цел не е убивањето на дивечот туку неговото снимање со камера или фотоапарат.

Интересен за туристите е и орнитолошкиот туризам во кој освен снимање на различни ретки птици типични за даден регион, се снимаат и звуците кои тие ги испуштаат.

Водната фауна исто така претставува главен ресурс за некои видови на туризам и спортови на вода - нуркање, риболов и подводен риболов.

Фауната може да се класифицира на домашни животни и сите други животни кои живеат слободно во природата. Во домашните животни се вклучуваат крупниот добиток, ситниот добиток и домашните птици.

Животните кои живеат слободно во природата се класифицирани како цицачи; птици; риби и други жители на морињата, реките и езерата; водоземци и инсекти. Домашните животни се главен дел од туристичката понуда за развој на руралниот туризам, а дивите животни се ресурс за ловниот туризам, риболовниот туризам, како и за фотосафари туризмот.

Како резултат на прекумерниот лов и неводење грижа за животинскиот свет, некои животински видови денес се целосно изумрени, а некои се ретки и може да се видат само во заштитени паркови или паркови на природата.

### 2.1.5. Пејзажни ресурси

Под концептот на пејзажни ресурси се подразбира уникатен сет на различни природни и социјални ресурси на одреден простор, кој има различни и повеќекратни ефекти врз човекот. Поради тоа овие ресурси се сметаат за сложени туристички мотиви за патување, одмор и рекреација.

Комбинирајќи го физичкото потекло и културниот облик на човековото присуство во Светот, пејзажите одразуваат жива синтеза меѓу самите луѓе и местата кои се од витално значење за локалниот и националниот идентитет. Карактерот на еден пејзаж помага да се дефинира самобитната слика на луѓето што живеат во него и чувството на "идентитет" на местото кое прави разлика од еден регион до друг. Пејзажот може да биде многу разновиден, на пример, обработливо земјиште, парк во дивината или некое езеро.

Земјата се состои од широк спектар на пејзажи, вклучувајќи ги и ледените пејзажи на поларните региони, планинските пејзажи, огромните пустински предели, островите и крајбрежните пејзажи, густо пошумените или шумски предели, вклучувајќи ги и бореалните шуми и тропските дождовни шуми и земјоделските предели кај умерените и тропските региони.

Постојат три основни географски елементи кои го сочинуваат секој пејзаж:

- составот на почвата и геоморфолошките форми,
- вегетацијата,
- човекот и неговото влијание врз пејзажот.

#### 2.1.5.1. Планински пејзаж

Планинскиот пејзаж се формирал со движење на тектонските плочи на површината на Земјата кои се придвижувале една кон друга. Ова движење и притисок предизвикале да се промени обликот на површината на Земјата. Според тоа, Земјата се придвижувала во вертикална насока и со текот на времето се формирале планините. Сите планини во

Светот се повисоки во однос на нивната околина. Планините можат да постојат поединечно, да бидат групирани во планински венци или да формираат сртови.

Според природните карактеристики и доминантните елементи, планините може да содржат повеќе видови на пејзажи: речен или езерски планински пејзаж, шумски пејзаж, високопланински пејзаж и самата планина како посебен вид на пејзаж. Според визуелните и естетските особености, може да се идентификуваат пејзажи или погледи со исклучителна природна убавина и пејзажи со особен сценски изглед.

#### 2.1.5.2. Низински пејзаж

Вториот тип на пејзаж претставува низинскиот пејзаж кој е составен од низини (рамнини) и платоа (висорамнини). Од аспект на географијата, рамнина претставува рамна копнена маса која не се менува многу во височина. Рамнината се појавува како низина долж долините или како почетна рамна точка на планините кои пак може да се јават како крајбрежни рамнини и како висорамнини.

Доколку се погледне одредена долина, рамнината како пејсаж е затворена на две страни, но во други случаи таа рамнина може целосно или делумно да се подели како резултат на ридови, планини или карпи. Крајбрежните рамнини се издигнуваат од нивото на морето се до оној момент кога таа почва наидува на издигнати форми, како што се планините или висорамнините.

Рамнините се една од главните форми на Земјата кои се присутни на сите континенти и покриваат повеќе од една третина од површината на Светот. Тие се формирани од течна лава, вода, мраз, ветер или како резултат на ерозија на тие елементи кај ридовите и планините.

Рамнините обично се покриени со тревна обвивка (умерена или суптропска), степски (полуаридни), савански (тропски) или тундрови (поларни) биоми. Во некои случаи, пустините и дождовните шуми исто така може да бидат рамнини. Рамнините се мошне важни за земјоделството бидејќи таму почвите се состојат од депонирани седименти кои може да бидат длабоки и плодни. Плодните почви се погодни и за

производство на житарици, или тие рамнини се богат извор на пасишта кои обезбедуваат храна за сточарството како индустрија.

Рамничарските предели се карактеризираат со ниски и хоризонталните или малку наведнати површини (со падини под 5%) на надморска височина најчесто помеѓу 200 и 300 метри. Ерозивните процеси имаат низок интензитет, индексот на ерозивност на почвата се движи помеѓу 0,6 и 0,8. На големи површини се присутни процеси на изедначување и дефлација, а во ниските области - процес на складирање.

Во геологијата и физичката географија, платото (висорамнината) е дел од низински предел и се состои од релативно рамен терен кој значително се издигнува над околината, често со една или повеќе страни со стрмни падини. Платото се формира со повеќе процеси, вклучително со исфрлање на вулканска магма, екструзија на лава и ерозија со вода и глечери.

Некои висорамнини ширум Светот постојат на толку големи височини што нивната клима е груба и условите за живот се многу тешки. Одредени висорамнини постојат на многу пониски височини, кои пак нудат поволни услови. Теренот кај некои висорамнини е непрекинат и рамен, додека кај многу други тој е уништен од ерозивните својства на водата, за да се создадат после тоа, различни и необични форми на терен.

#### 2.1.5.3. Крајбрежни предели

Брег или крајбрежје претставува место каде што копнената маса се допира со река, езеро или море. Кога станува збор за крајбрежни пејзажи, најчесто се мисли на морски пејзаж. Крајбрежните пејзажи се обликувани од природните сили на ветрот и брановите. Овие географски сили изнесуваат или донесуваат честички на земја, па на тој начин постојано ја менуваат формата на крајбрежјето. Карактеристичните крајбрежни пејзажи вклучуваат плажи, дини, заливи, карпи, платформи и лагуни.

Уникатноста на морскиот или крајбрежниот предел се должи на интеракцијата која постои меѓу различните, но блиски елементи на просторот: копното и морето. Приморскиот пејзаж не може да биде ист без морето, а крајбрежјето нема да биде исто без копното. Овие две просторни целини зависат една од друга и се неразделно поврзани.

Значи, морскиот пејзаж е резултат на интеракцијата помеѓу времето и животната средина која вклучува море, крајбрежна линија и копно.

Дел од морскиот пејзаж може да бидат и историските остатоци на крајбрежјето каде може да се сретнат историски населби, тврдини, пристаништа, светилници, како и други археолошки остатоци кои се видлив резултат од човековата активност и живеење во крајбрежјето. Тоа позитивно може да влијае врз развојот на туризмот во одредените дестинации и да привлече голем број на посетители.

# ДЕЛ ТРЕТИ

## I. ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

### 1. Поим и суштина на концептот за одржлив развој

Со цел подобро да се разбере одржливиот развој на туризмот, најпрво е потребно да се дефинира самиот поим одржлив развој. Одржливиот развој[21] е таков развој во кој процесите на промените, употребата на ресурсите, насоката на инвестициите, технолошкиот развој и институционалните промени кои се спроведуваат се конзистентни со потребите на сегашните и идните генерации.

Одржливиот развој, исто така, значи економски и социјален раст во согласност со екосистемите во коі се делува, па како таков е одржлив на подолг временски рок. Одржливиот развој денес е еден од најистакнатите концепти во науката, медиумите и граѓанското општество, но сепак останува непознато како може одржливоста да се применува во реалноста[22].

Алармантната состојба со деградирањето на туристичките дестинации, како и зголемената општа свест за кризата со животната средина (дефинирана во јавниот дискурс како климатски промени, уништување на биолошката разновидност и загадување) и зголемената чувствителност на влијанието на гостите и нивното патување врз животната средина, денес предизвикува загриженост, но и обид да се подобри еколошката одржливост и да се започне со процесот на "позеленување" на туристичките производи како еден од најзначајните светски трендови во туризмот.

Поради оваа причина, се нагласува важноста од демистифицирање на поимот одржлив развој, како и негово разбирање и соодветна примена во практиката. Концептот на одржлив развој се заснова на задоволување на потребите на денешните и идните генерации, со тоа што ресурсите остануваат заштитени и неуништени[23].

---

[21] Bacun, D. , Matešic, M., Omazic, M.A., (2012. ), „Leksikon održivog razvoja“, Zagreb, Hrvatski poslovni savjet za održivi razvoj, str.195

[22] Crnjar, M., (2002. ), „Ekonomika i politika zaštite okoli ša“, Rijeka, Ekonomski fakultet, str.11

[23] Sunara, Ž., Jelicic, S., Petrovic, M., (2013. ), „Održivi turizam kao konkurent ska prednost Republ ike Hrvatske“, Zbornik radova Medimurskog veleucili šta u Cakovcu“, Vol. 4 No. 1. , str. 84.

Големите еколошки проблеми станаа сериозна закана за животот на луѓето и животот на планетата, па поради оваа причина неопходност стамува потребата од инвестирање во напорите за спречување или пренасочување на овие процеси во позитивна насока односно постигнување рамнотежа помеѓу еколошкиот и економскиот потсистем во сложениот еко-социјален систем.

Ако ги погледнеме акумулираните проблеми поврзани со загадувањето на животната средина, доаѓаме до сознание дека само одржливиот развој заснован на рационално користење на природни ресурси и зачувување на животната средина, може да обезбеди висок квалитет на живеење и просперитет на сегашните и идните генерации.

Сегашните трендови, како што се силната индустријализација, глобализацијата, користењето на современа технологија, иновациите и брзиот раст на населението во Светот, создадоа голем притисок врз капацитетот на планетата Земја. Проблемите со животната средина и нејзиното загадување се зголемија, па затоа многу е важно да се обрне внимание на истражување на понатамошни можности за решавање на споменатите прашања.

Концептот на одржлив развој се појавил во раните 80-ти години од минатиот век,а самата идеја влечи корени од одржливото управување во областа на шумарството. Во средината на 20 век станува очигледно негативното влијание што го има технолошкиот напредок врз животната средина. Критиките кои се појавиле во тоа време резултирале со одлука на Генералното собрание на Обединетите Нации да ја одржи Првата конференција за животна средина во Стокхолм во 1972 година. Овде, за првпат на високо меѓународно ниво биле претставени опасностите за планетата Земја кои произлегле од прекумерното загадување на животната средина. Концептот за одржлив развој првпат е споменат во 1980 година во Светската стратегијата за заштита, објавена од Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) во соработка со Програмата за животна средина на Обединетите нации (UNEP) и Светскиот фонд за дивиот свет (WWF). Целта на стратегијата била да се реализира одржлив развој преку заштита на живите ресурси. Начинот на имплементација на концептот за одржлив развој бил дефиниран преку систем на стандарди и прописи за побрзо остварување на целите, објавени во форма на Агенда 21.

Остварувањето на стратегијата за одржлив развој може најмногу да придонесе за реализирање на одржливи цели на економскиот развој на макро и микро ниво. Преминот кон одржлива политика на економски развој не може да биде лесен и брз. Моќните економски интереси за зголемување на профитот настојуваат да ги поддржат постоечките механизми за зголемување на богатство и моќ и тековните трендови во дистрибуција на таквата моќ. Затоа, транзицијата кон еколошката економија треба да обезбеди, меѓу другото, општа клима во која ќе се реализира долгорочниот одржлив развој. Туризмот, како еден од најголемите генератори на приходи во светската економија, треба да посвети посебно внимание на прашањето за одржливост во неговиот понатамошен развој.

Акциониот план за заштита на животната средина утврден на конференцијата во Стокхолм се базирал на:

- глобална програма за оценување на животната средина - Earthwatch;
- активности за управување со животната средина;
- меѓународно мерење за поддршка на националните и меѓународните акции за оценување и управување.

Конференцијата во Стокхолм резултира со креирање на Светска стратегија за конзервација, која може да се смета како мерка за имплементација на човековиот акционен план во областа на животната средина.

Следен белег на патот кон одржливоста е извештајот на Брунтланд, познат како "Нашата заедничка иднина" од 1987 година, изготвен од страна на Светската комисија за животна средина и развој (WCED), наречена како “Брунтландова комисија“ според името на поранешната премиерка на Норвешка, Гро Харлем Брунтланд која била претседател на оваа комисија и поради нејзината силна позадина во областа на науката и здравјето.

Една од главните цели на работата на комисијата била "да помогне да се дефинираат перцепциите за долгорочните еколошки проблеми и соодветните напори потребни за успешно справување со проблемите на заштитата и зајакнувањето на животната средина, како и долгорочна агенда за дејствување во наредните децении и целите на аспирација на светската заедница"[24].

Брунтландовата комисија усвојува дефиниција за одржлив развој која гласи: “Одржливиот развој е концепт кој се грижи за потребите на идните генерации, а

[24] Iwona Niedziolka, Sustainable Tourism Development, Alcide De Gasperi University of Euro-regional Economy in Józefów (Poland), Regional Formation and Development Studies, no.3 (8), p.2

истовремено делува да ги задоволи потребите на тековните генерации“[25]. Извештајот на Брунтланд е критикуван поради фактот што многу од неговите плановите не се реализирале, туку обезбедиле само платформа за дебати .

Извештајот “Нашата зедничка иднина” доведе до тоа Обединетите Нации да организираат поголема меѓународна конференција за одржливиот развој. Така, во 1992 година во Рио де Жанеиро се одржал “Самитот на планетата Земја” (Конференција за животна средина и развој). Конференцијата го реактивира значењето на одржливоста преку креирање на стратегија за одржлив развој позната како Агенда 21. Оваа стратегија ги содржи основните принципи врз кои треба да се базира државната политика за социо-економски развој, земајќи ги предвид еколошките условите, како и таканаречената “Декларација од Рио де Жанеиро” со 27 принципи кои ги дефинираат правата и обврските на сите земји во Светот во контекст на остварување на целите на одржливиот развој.

Врз основа на тоа, може да се каже дека одржливиот развој подразбира економски развој, намалување на сиромаштијата, заштита на животната средина, намалување на отпадот и загадувањето на животната средина, културна заштита и севкупно подобрување на заедницата. Она што е од суштинско значење за успешна реализација на концептот за одржлив развој е свеста на секој поединец за важноста на одржливиот развој и за интерконекцијата на личните интереси со интересите на целата заедница. Според концептот на одржливиот развој, денешните генерации мора да им остават на идните генерации барем онолкав квантитет и квалитет на природни ресурси колку што имаат и самите.

## 2. Најважни пресвртници во одржливиот развој

[25] World Commission on Environment and Development’s (the Brundtland Commission’s) report Our Common Future.This report is commonly known as “the Brundtland Report.”, 1987.

Современиот развој[26] во прогресивните општества се карактеризира со брз и динамичен општествен развој на сите полиња, што подрзбира, пред се, брз техничко-технолошки и економски развој, а со тоа и пораст на човековиот стандард и квалитетот на живот на граѓаните; намалено користење на природните ресурси; зголемена партиципација на граѓаните во јавниот живот; како и нагласена тенденција човекот да биде во фокусот на настаните.

Сета тоа нужно ги опфаќа и државата, и цивилниот сектор, и стопанскиот сектор, и различните невладини организации и здуженија. Но, сите тие чинители во содејство имаат капацитет да постават и реализираат високи хумани цели, како што е целта постигнување на одржлив развој, кој е за добробит на сите луѓе во Светот.

Интересот на јавноста за одржливиот развој во последните неколку години е извонредно голем. Човештвото се соочува со голем број избори и одлуки кои се поврзани со квалитетот на живеење на луѓето, но и со состојбата на животната средина. Секој избор кој ќе се направи, ќе го детерминира Светот што ќе му биде оставен на идните генерации. Некои избори ќе придонесат за креирање на Свет во кој економските и социјалните потреби ќе се урамнотежат со капацитетот на природните богатства и екосистемите; другите ќе доведат до Свет со девастирана животна средина, сиромаштија и глад. Правецот на глобална одржливост треба да е насочен кон препознавањето на јасната поврзаност на заштитата на животната средина и севкупниот развој. Имено, луѓето, ги користат природните ресурси во своите секојдневни активности: обезбедување на храна, облека, домување, употреба на електронски и електрични уреди, затоплување, осветлување, возење автомобили. Очигледен е проблемот на прекумерно искористување на капацитетот на животната средина за обезбедување на ресурсите што му се потребни на човештвото. Земјата е затворен материјален систем, па додека едни ресурси се обновуваат (шумите, водните ресурси), другите се необновливи и нивното исцрпување значи нивно исчезнување засекогаш (метали, јаглен, нафта, минерали). Сосема друго прашање е способноста на животната средина да ги прими и неутрализира нус - продуктите од човековата потрошувачка и живеење – создавање на greenhouse гасови, и други загадувачки материи и нивни емисии во воздухот, водата и почвата.

[26] Матлиеска М.М., Управување со процесот на изработка на Националната стратегија за одржлив развој на Република Македонија, Докторска дисертација, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје, 2006, стр.3-18

Затоа, она што е потребно е промена на човековиот животен стил и потрошувачко однесување. Одржливиот развој бара промени на политиките во многу сектори, како и нивна усогласеност. Човекот знае дека конвенционалниот економски развој не е доволен услов за квалитетен живот на сите генерации и дека носи огромни штети по растителниот и животинскиот свет, животната средина и целата плканета Земја. Затоа, единствен спас за заштита на планетата Земја од нејзиното понатамошно уништување и опстојување во иднина е концептот на одржлив развој според кој треба да се преземе колективна одговорност на целото човештво за правилно насочување на економскиот развој и негово усогласување со принципите за заштита на животната средина, преземање на мерки за конзервација на необновливите ресурси и рационална употреба на обновливите ресурси, обезбедување на интра-генерациска праведност (социјална еднаквост и праведност меѓу различните народи и нации во Светот) и интер-генерациска праведност (праведност меѓу сегашните и идните генерации во врска со користењето на ресурсите од планетата Земја и обезбедување на еднакви услови за квалитетен живот).

Одржливиот развој е континуиран економски и социјален развој без исцрпување на природните ресурси, од чиј квалитет зависат човековите активности и идниот развој. Одржливиот развој му нуди на човештвото квалитативен развој, развој во кој се избалансирани човечките со природните вредности, развој кој е модел за праведен и напреден Свет. Тоа подразбира урамнотежување на економските, социјалните и целите за заштита на животната средина и нивно интегрирање секогаш кога тоа е можно преку креирање на политики и практики кои взаемно се поддржуваат.

Токму затоа, одржливиот развој се наметнува како концепт којшто ќе ја определува иднината на современото човеково општество, а негова најсилна страна е принципот на интегралност.

## 2.1. Светска конференција за животна средина и развој

Одржливиот развој подразбира економски раст кој води грижа за заштитата на животната средина. Суштината на овој облик на развој е стабилен однос помеѓу човековите активности и природниот свет, кој не ги намалува изгледите на идните генерации да уживаат во квалитетот на животот најмалку исто толку добро колку и сегашните генерации.

Одржливиот развој, како еден од основните принципи за заштита на животната средина, за прв пат е дефиниран во 1987 година од страна на Светската комисија за животна средина и развој (Брунтландова комисија)[27]. Според оваа Комисија, одржливиот развој претставува развој кој ги задоволува потребите на сегашните генерации без да ја намали можноста идните генерации да ги задоволат своите сопствени потреби. Ова е всушност првичната дефиниција за одржливиот развој што се смета и за официјална дефиниција на одржливиот развој.

Одржливиот развој претставува одговорно однесување кон животната средина како предуслов за одговорен општествен и економски развој и на долгорочни патеки предуслов за еколошка безбедност и мир. Во суштина, одржливиот развој е процес на промени во кој експлоатацијата на ресурсите, насочувањето на инвестициите, технолошкиот развој и институционалните промени се во хармонија и го зајакнуваат сегашниот и идниот потенцијал за да се задоволат човечките потреби и аспирации.

Одржливиот развој вклучува три взаемно зависни и испреплетени димензии:

- економска димензија (економски ресурси, развој и раст);
- димензија на животната средина (природни ресурси, заштита и одржливо користење на природата и превенција и борба против загадувањето);
- социјална димензија (социјални ресурси, солидарност и борба против сиромаштијата).

Дефинирањето на одржливиот развој не е така едноставно како што можеби изгледа на прв поглед. Многу е полесно да се дефинира сѐ она што претставува неодржлив развој, отколку да се даде една универзална, сеопфатна и општоприфатена дефиниција за

[27] Милески Т., Спасов Н., Одржливиот развој во функција на остварувањето на еколошката безбедност, Прва меѓународна научна конференција „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, Зборник на трудови, Скопје 2013, стр.107-119

одржливиот развој. Неспорно е дека повеќето економски активности негативно влијаат врз животната средина и здравјето на луѓето. Ваквата состојба неминовно бара конкретна акција на делување. Меѓутоа, поголемиот дел од политичарите, економистите и индустриските групации категорично тврдат дека со спроведувањето на строгите мерки за заштита на животната средина, ќе се намали економскиот развој и ќе се зголеми невработеноста. Оваа претпоставка потекнува од ниската состојба на свест за фактот дека заштитата и унапредувањето на животната средина односно конзервацијата и рационалната уотреба на реесурсите може да има негативно влијание врз економските перформанси и економскиот раст. Од друга страна, игнорантските ставови на вистинските и потенцијалните проблеми на животната средина, можат да доведат до дополнителни екстремни трошоци и инвестиции за поединците и одговорните актери во целиот процес.

Како дел од подготовките за Конференцијата на Обединетите нации за животна средина и развој во 1992 година, ООН формираат истакна група на деловни луѓе, владини претставници, како и експерти за заштита на животната средина. Така формираната Светска комисија за животна средина и развој, со која раководел норвешката премиерка премиер Гро Харлем Брунтланд, генерира извештај насловен како „Нашата заедничка иднина“.

Во Извештајот се сублимирани најдобрите размислувања за состојбата со животната средина во Светот, предизвиците за економскиот развој на земјите во развој, како и врските помеѓу нив. На тој начин, одржливиот развој преку Извештајот „Нашата заедничка иднина“ е воведен на голема врата во сферата на меѓународните и домашните политичките дебати. На оваа конференција во 1987 година од страна на Светската комисија за животна средина и развој е дадена првичната дефиниција за одржливиот развој, што се смета и за официјална дефиниција на одржливиот развој. Одржливиот развој претставува одговорно однесување кон животната средина како предуслов за одговорен општествен и економски развој и на долгорочни патеки предуслов за еколошка безбедност и мир.

Исто така, на оваа конференција се поставени основите на истражувањата за еколошката безбедност преку ставовте на Светската комисија за животна средина и развој дека продлабочувањето и проширувањето на еколошките кризи претставува закана по

националната безбедност на земјите и по опстанокот на Светот и тоа многу поголема отколку вооружените агресии.

Овде исто така се истакнува дека тивките еколошки проблеми на сиромашните земји во голема мерка ќе влијаат врз богатите земји, на тој начин што во не така далечна иднина ќе ги пренесат тие проблеми во развиените земји изразени преку политичка нестабилност и тензии. Генерално, одржливиот развој претставува широк и двосмислен концепт. Токму широчината и нејасноста (односно недоволната прецизираност) претставуваат негова најголема слабост.

Според некои согледувања, токму поради нејасноста, концептот на одржливиот развој не претставува корисен водич за креирање на политики. Исто така, се напоменува дека одржливиот развој претставува маска за економските интереси на земјите и дека повеќе е наклонет кон одржливата економија отколку кон одржливата екологија.

### 2.2. Самитот во Рио де Жанеиро

Извештајот на Брунтланд всушност ја иницирал Конференцијата за животна средина и развој на Организацијата на Обединетите Нации (United Nation Conference on Environment and Development UNCED) или Самитот на планетата Земја што бил одржан во Рио де Жанеиро, Бразил, во 1992 година. Самитот на планетата Земја бил без преседан, единствена конференција на ООН во смисла на големина и фокус. Имено, на Самитот во Рио де Жанеиро покрај присуството на претставници од 179 земји од Светот (секоја земја била претставувана на највисоко државничко ниво односно од страна на нејзиниот Претседател - што зборува за огромната важност на оваа конференција), присуствувале и 100-тина претставници од разни организации и тела на Организацијата на Обединетите Нации, претставници на бројни невладини организаци од разни делови на Светот, како и претставници од деловни, научни и други организации.

За прв пат на овој Самит се согледала важноста од вклучувањето на целокупната јавност при донесување на одлуки и решенија поврзани со животната средина и одржливиот развој.

Дваесет години по првата глобална конференција за животна средина, задача на UNCED била да им помогне на владите на земјите во Светот повторно да размислат за економскиот развој и да најадат начин да го сопрат нерационалното искористување и исцрпување на природните ресурси и загадувањето на планетата. Стотици илјади луѓе од сите провиниенции биле вовлечени во Рио процесот. Тие ги убедувале нивните лидери да одат во Рио и да им се придружат на другите нации во процесот на донесување на тешките одлуки потребни да се осигура здрава планета за идните генерации.

Пораката од Самитот на планетата Земја дека „ неопходните промени би ги донело ништо друго освен промена на нашите ставови и однесување", била пренесена од речиси 10 000 присутни новинари од целиот Свет, а била слушната од милиони луѓе. Пораката ја рефлектирала комплексноста на проблемите со кои се соочувал Светот: сиромаштијата како и прекумерното трошење од страна на богатите, што нанесува штета врз животната средина. Владите ја признале потребата од пренасочување на меѓународните и националните планови и политики со цел да се осигура дека сите економски одлуки целосно ќе ја земат во предвид животната средина. Пораката донесла резултати правејќи ја еколошката ефикасност водечки принцип во бизнисот и во работењето на владите.

Од UNCED произлегле три стратешки документи[28]: Агенда 21 за одржлив развој, Принципите за одржливо управување со шумите и Декларацијата за животна средина и развој која содржи 27 начела кои ги одредуваат правата и обврските на државите во нивните настојувања за развој и благосостојба на човекот.

За потпишување биле отворени Рамковната конвенција за климатски промени на Обединетите нации и Конвенцијата за биолошка разновидност, а започнале преговори за Конвенцијата за борба против опустинувањето. Било одлучено да се утврди Комисија за одржлив развој при Обединетите нации.

Овој самит е завртување на нова страница од аспект на заштитата на животната средина, одржливиот развој и глобалните демократски процеси.

Со декларацијата бил донесен и Принципот 10 со којштo се дефинира правото на јавноста за пристап до информации поврзани со животната средина, правото за учество на јавноста при донесување одлуки поврзани со животната средина и правото за пристап до

[28] Благој С., Ладилните средства и озонската обвивка, можности за намалување и избегнување на нивните штетни влијанија, со осврт на состојбите и активностите во Македонија, Магистерски труд, Универзитет Св.Климент Охридски – Битола, 2013, стр.30-32

правда. Принципот 10 односно Партнерството за принципот 10  е основа за донесување на Архуската конвенција од 1998 година на четвртата министерска „Животна средина за Европа“, одржана во Архус, Данска, под закрила на Економската комисија на Европа при Обединетите нации.

Текстот на Агендата 21, кој бил усвоен на самитот во Рио де Жанеиро во 1992 година ги разгледувал прашањата за одржлив развој на глобално, национално, регионално и локално ниво, а  опфаќал четири секции:

- Секција 1: Социјални и економски димензии,
- Секција 2: Зачувување и управување со ресурсите,
- Секција 3: Зајакнување на улогата на социјалните групи,
- Секција 4: Начини на имплементација.

Социјалните и економски димензии вклучуваат борба со сиромаштијата, промена на потрошувачките навики, демографската динамика, промовирање на здравјето, промовирање на одржливи човекови населби и вклучување на животната средина и развојно донесување на одлуките.

Зачувувањето и управувањето со ресурсите опфаќа дефинирање на одржливото раководење со почвата, одржливо земјоделство и рурален развој, оневозможување на процесот на изумирање на шумите, одржлив развој на планините, ракување со разни видови на отпад, заштита на водите, зачувување на биолошката разновидност, спречување на опустинувањето, ракување со биотехнологијата.

Зајакнувањето на улогата на социјалните групи ја вклучува улогата на невладините организации, бизнис секторот, локалните власти, работниците, децата, младите и жените, додека четвртата секција се однесува на можности за имплементација, вклучувајќи ја науката, развивање на технологии, образование, меѓународни институции и механизми и механизмите за финансирање.

Планот за целосна имплементација на Агенда 21 е содржан во Планот за имплементација од Јоханесбург, донесен за време на Светскиот самит за одржлив развој во 2002 година во Јоханесбург.

### 2.3. Агенда 2030

На Самитот на Обединетите нации за одржлив развој, одржан на 25 септември 2015 година, светските лидери ја усвоија Агендата 2030 за одржлив развој  која се состои од 17 Цели на одржлив развој (ЦОР), дополнета со 169 подцели и 230 индикатори. Главните стремежи на "Целите на одржлив развој" се да се стави крај на сиромаштијата, борба против нееднаквоста и справување со климатските промени до 2030 година.

**Слика бр.3  Цели на одржливиот развој: Агенда 2030**




Но овој самит, 193 држави се согласија за следните 17 цели:

1. Да нема сиромаштија...Да се искорени сиромаштијата во сите форми насекаде,

2. Да нема глад...Да се искорени гладот, да се постигне безбедност на храната и подобрена исхрана и да се промовира одржливо земјоделство,
3. Добро здравје...Да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојбата за сите на секоја возраст,
4. Квалитетно образование...Да се обезбеди инклузивно и рамноправно квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите,
5. Родова рамноправност...Да се постигне родова еднаквост и да се поттикнат сите жени и девојки,
6. Чиста вода и санитарни услови...Да се обезбеди пристап и одржливо управување со вода и санитација за сите,
7. Обновлива и достапна енергија...Да се обезбеди пристап до достапна, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите,
8. Добри работни места и економија ....Да се промовира постојан, инклузивен и одржлив економски развој, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите,
9. Иновативност и добра инфраструктура ....... Да се изгради флексибилна инфраструктура, да се промовира инклузивна и одржлива индустријализација и да се прифати креативноста,
10. Да се намали нееднаквоста...Да се намали нееднаквоста во и помеѓу државите,
11. Одржливи градови и заедници...Градовите и населбите да бидат инклузивни, безбедни, флексибилни и одржливи,
12. Одговорно користење на ресурсите...Да се обезбедат одржливи шеми на користење на реурсите и производството,
13. Да се преземат мерки за климата...Да се преземат итни мерки за справување со климатските промени и нивното влијание,
14. Одржливи океани...Да се заштитат и користат океаните, морињата и нивните ресурси за одржлив развој,
15. Одржливо користење на земјата.... Да се заштити, обнови и промовира одржливо користење на екосистемите на земјата, одржливо да се управува со шумите, да се спречи дезертификација, да се запре деградацијата на земјата и да се прекине загубата на биодиверзитетот,

16. Мир и правда...Да се промовираат мирни и инклузивни општества за одржлив развој, да се обезбеди пристап до правда за сите и да се изградат ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа,
17. Партнерство за одржлив развој...Да се зајакнат средствата за имплементација и да се обнови глобалното партнерство за одржлив развој.

Агендата 2030 претставува поголем концепт во однос на претходните артикулации (Агенда 21 и Милениумските развојни цели), особено во однос на социјалните и економските прашања, човековите права и пристапот, еднаквоста и родовите прашања. Од друга страна пак, неколку значајни елементи кои ги карактеризираат претходните агенди овде недостигаат или се изменети.

### 2.4. Рамковна конвенција за климатски промени

Рамковната Конвенција за климатски промени била потпишана на 4 јуни 1992 година на Самитот на Обединетите Нации за животна средина и развој одржан во Рио де Жанеиро, а стапила на сила на 21 март 1994 година. Конвенцијата дава сеопфатна рамка за напорите кои владите на земјите во Светот треба да ги вложат за намалување на причините кои доведуваат до климатски промени односно за намалување на емисијата на гасовите кои го предизвикуваат ефектот на стаклена градина. Конвенцијата е ратификувана од страна на 191 земја од Светот.

Според Конвенцијата, Владите треба:

→ да ги собираат и да ги споделуваат информациите за емисиите на стакленичките гасови;

→ да воспостават национални стратегии за намалување на емисиите на стакленички гасови и за прилагодување кон очекуваните влијанија, вклучувајќи го и давањето на финансиска и технолошка поддршка на земјите во развој;

→ да обезбедат поддршка во подготовките за прилагодување на климатските промени.

### 2.5. Протокол од Кјото

Во контекст на спречување на климатските промени кои се случуваат на планетата Земја, на 11 декември 1997 година во Кјото, Јапонија е потпишана Конвенцијата за климатски промени односно Протоколот од Кјото. Овој протокол стапил на сила на 16 февруари 2005година. Македонија го ратификува Кјото Протоколот на 18 ноември 2004 година. Земјите кои го имаат ратификувано Протоколот од Кјото се обрзуваат да ги намалат емисиите на јаглероден диоксид и на останатите гасови кои предизвикуваат ефект на стаклена градина (метан, диазотоксид, хидрофлуоро јаглеводородите, перфлуоро-јаглеводородите и сулфур хексафлуоридот).

Според Протоколот од Кјото, земјите потписнички се поделени во две категории и тоа: земји во Анекс I – земји кои треба да го намалат испуштањето на стакленички гасови (процентуално различно за секоја земја); и земји кои не припаѓаат во Анекс I, односно земји кои не се обврзани на намалување на емисиите на стакленички гасови, но преку механизмот на чист развој се поттикнуваат за воведување на чисти технологии кои испуштаат помали количества на стакленички гасови и придонесуваат за одржливи развој на овие земји.

Покрај механизмот за чист развој, во Протоколот од Кјото се опфатени и механизмот за заедничка имплементација и трговијата со емисии, но кон овие механозми имаат пристап само земјите од Анексот I.

Климатските промени претставуваат најголемиот глобален проблем на денешницата. Долго време се дебатираше дали промената на климата е предизвикана од

антропогеното влијание, меѓутоа повеќе нема соменние дека човекот е главниот причинител за климатските промени. Тоа се потврдува и во последниот извештај на Меѓувладината комисија за климатски промени (IPCC – Intergovernmental Panel on Climate Change). Меѓувладината комисија за климатски промени е формирана во 1988 година од страна на Светската Метеоролошка Организација и Програмата за животна средина при Обединетите Нации - УНЕП.

На неколку години, оваа група изготвува нов извештај за состојбите со климатските промени врз база на веќе постоечките податоци за научните, техничките и социоекономските аспекти на промените на климата. Според тоа, температурата во последните 100 години е зголемена за 0,74 $^{0}$C, најмногу во последните 50 години, а во овој век се очекува зголемување на просечната температура за 3$^{0}$C.

Поради тоа потребно е преземање на мерки за намалување на причините кои ги предизвикуваат климатските промени т.е. намалување на емисијата на стакленички гасови , како и мерки за адаптација на климатските промени.

### 2.6. Конвенција за биолошка разновидност

Конвенцијата за биолошка разновидност стапила на сила во 1998 година. За прв пат во меѓународното право на оваа Конвенција е дефинирана заштитата на биолошката разновидност како заедничка обврска на целото човештво. Биолошката разновидност ги покрива сите еко-системи, сите видови и генетски ресурси и ги поврзува традиционалните напори за нивна заштита со економските цели од одржливото искористување на биолошките ресурси, при што ги поставува принципите на фер и еднакво споделување на придобивките од искористувањето на генетските ресурси.

Конвенцијата ги потсетува донесувачите на одлуки дека природните ресурси не се безгранични и дека треба да се употребуваат на одржлив начин, односно на начин и обем кој долгорочно нема да предизвика намалување на биодиверзитетот.

Конвенцијата им нуди на донесувачите на одлуки насоки базирани врз принципот на претпазливост, според кој непостоењето на целосни научни докази не треба да биде изговор за одложување на мерките за спречување или минимизирање на заканите од намалување или губење на биолошкиот диверзитет. За зачувување на биодиверзитетот ќе

биде потребно вложување на огромни финансиски средства, но таа заштита за возврат ќе донесе значајни придобивки како за животната средина, така и останати економски и социјални придобивки за земјите.

### 2.7. Конвенција за борба против опустинувањето (дезертификација) на земјите

Конвенција за борба против опустинувањето на земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување била донесена на 17 јуни 1994 година во Париз, а стапила на сила на 26 декември 1996 година. Целта на Конвенцијата била да се спречи ширењето на пустините и да се ублажат ефектите од сушите во најпогодените подрачја кои се соочуваат со сериозни суши и опустинување, со посебен акцент на територијата на Африка.

Спречувањето на опустинувањето е еден од предусловите за постигнување на одржлив развој во погодените региони, а е можен само преку меѓународна соработка. Спроведувањето на одредбите од оваа конвенција се одвива преку подготвување и имплементација на акциони програми, научна и техничка соработка помеѓу засегнатите и развиените земји, зголемување на свеста и едукација на населението за заштита на животната средина и спречување на опустинувањето, како и обезбедување на финансиска помош за најпогодените подрачја.

## 3. Одржливиот развој во современи услови

Одржливиот развој е глобално прифатена филозофија на развојот и напредокот и ги сублимира духовните идеали на целото човештво во единствена логична целина. Филозофијата на економскиот раст сфатена како кумулирање на материјално богатство потклекна и ја изгуби битката пред етичкиот концепт на одржливоста на развојот. Како врвни вредности, одржливиот развој на прв план ги става еднаквоста, праведноста, етичноста и одговорноста кон сегашните и идните генерации.

Факт е дека човештвото отсекогаш се соочувало со голем број избори поврзани со квалитетот на живеење и состојбата со животната средина. Секој избор има влијание врз Светот што се остава на идните генерации. Некои избори ќе придонесат кон креирање на Свет во кој економските и социјалните потреби се урамнотежени со капацитетот на природните богатства и екосистемите; другите ќе доведат до Свет со девастирана животна средина, во кој сиромаштијата и гладот царуваат.

Правецот на глобална одржливост треба да е вкоренет во препознавањето на јасната поврзаност на заштитата на животната средина и развојот. Имено, луѓето ги користат природните ресурси во секојдневните активности: јадење, пиење, облекување, користење на електронски и електрични уреди, топлење, осветлување, возење автомобили. Но кои се ефектите од потрошувачката? И дали смееме да продолжиме со сегашните потрошувачки навики? Непријатно сознание е дека колку побогато станува општеството, толку повеќе богатства се користат и толку е поголем притисокот врз животната средина.

Одржливиот развој е развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации без да ја загрози можноста идните генерации да ги задоволуваат своите потреби. Одржливиот развој е развој кој е социјално одговорен и правичен, прифатлив за животната средина и кој се потпира врз основните постулати на граѓанското општество, а претпоставува вградување на критериумите за заштита на природниот, социјалниот и културниот капитал во секоја земја во Светот.

Тоа подразбира урамнотежување на економските, социјалните и целите на животната средина и нивно интегрирање преку креирање на взаемно поддржувачки политики и практики и со изнаоѓање компромиси кога не е возможна интеграција на целите.

Од друга страна, тоа значи систематичност при размислувањето и стратешки пристап при планирањето на развојот на една земја, односно тоа е вид на однесување во

кое се вградени фундаменталните критериуми на одржливиот развој со што ќе се обезбедат одржливи резултати во сите човекови активности:

- Усогласување на економијата со човековите потреби и ограничувањата кои ги поставува животната средина. (Одржливиот развој е чувствителен во однос на човековите потреби во зависност од социјалниот статус, образованието, културата, полот. Во таа смисла, економскиот и социјалниот развој и заштитата на животната средина се меѓузависни и претставуваат компоненти на одржливиот развој. Демократијата, почитувањето на човековите права и фундаменталните слободи кои го опфаќаат правото на развој, транспаретното и одговорно управување со сите сектори на општеството, како и ефективното учество на граѓаните во јавниот живот, се исто така битен дел на неопходните основи за реализација на социјалниот и кон човекот насочениот развој).
- Преземање на одговорноста за квалитетот на сопствениот развој,
- Долгорочна визија и модел за праведен и напреден Свет (бидејќи "одржливиот развој не е прашање на избор. Тој е императив. Мора да направиме се што е во нашите можности, дури иако тоа би значело и одредени жртви во периодот на промени и транзиција. Мора да им оставиме на децата Свет во кој вреди да се живее, Свет со чиста и здрава животна средина и правично општетство. Ова е наша должност која мора да ја оствариме"- Романо Проди).

Во овој процес особено е важно постапното градење на институциите преку обезбедување на човечки и финансиски ресурси и други мерки кои се неопходни за трансформирањето на законодавството на една земја и исполнување на обврските што од тоа произлегуваат.

Секоја земја во Светот е исправена пред сериозен предизвик во поглед на правилно искористување на расположливите ресурси при усогласувањето со соодветните барања од доменот на животната средина. При тоа, институционалните, социјалните и културните бариери ќе мора да бидат препознати и надминати, особено за секторите за кои се потребни интервенции на регионално ниво што вклучуваат интензивни капитални и оперативни трошоци.

Сите земји-членки на ООН кои ги прифатиле основните принципи на одржливиот развој, во минатото и сега, мора да исполнат три примарни функции:

- Прво, креирање национална политика за животна средина и одржлив развој преку квалитетна анализа на проблемите и можностите, утврдување приоритети и изготвување релевантни програми и стратегии согласно препораките и приоритетите утврдени на меѓународно ниво. Во таа насока треба да се вклучат и други партнери во процесот на интегрирање на различните политики во насока на одржлив развој и спроведување стратешка оцена на влијанието врз животната средина. Секоја земја треба да презема повеќе иницијативи во поглед на донесување на нови инструменти/механизми на политиката во таа област.
- Второ, земјите треба да ги утврдат сите потреби за инвестиции во областа на животната средина, особено за третман на отпадни води и управување со отпад, како и рехабилитација на индустриски жаришта. Во таа насока, мора да се подготват инвестициони програми за заштита на животната средина, како и развивање на проекти, нивно спроведување и мониторинг.
- Трето, земјите мора да направат истражувања и анализи на политиките, документите и програмите на локално, национално и меѓународно ниво, особено од областа на климатски промени.

Затоа, доколку сакаме генерациите што доаѓаат да живеат во Свет без деградирана животна средина, треба да се промени курсот на економскиот развој и тој да се направи "прифатлив" за животната средина со цел да се намали неговиот притисок врз животната средина. Последователно, мораме да преземеме коренити активности за да го промениме нашиот животен стил и потрошувачко однесување.

## II. КОНЦЕПТ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

**1. Поим и дефинирање на одржливиот развој на туризмот**

Развојот на масовниот туризам започнува во средината на XX-от век. Дотогаш (деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век) туризмот бил привилегија само на елитните класи кои имале можност и слободни парични средства за патување.

Во 20-от век, развојот на авио-сообраќајот и на другите форми на превоз им овозможиле на туристите слободно да патуваат дури до најоддалечените делови од нашата планета. Во ваква ситуација, тур-операторите по релативно поволни цени создале пакет аранжмани за патување што овозможиле сите општествени слоеви да може да се вклучат во туристичките процеси и движења.

Масовниот туризам резултира со бројни позитивни економски и социјални ефекти, но сепак евидентно е дека тој масовен туризам претставува една од најголемите причини за деградација на животната средина и на културниот идентитет на туристичките дестинации.

Прекумерниот број на туристи во една туристичка дестинација и нивното неконтролирано однесување доведуваат до бројни негативни ефекти кај овие дестинации, кои може да се согледаат во:

- уништување на туристичките места и области за потребите за градење на туристичката инфраструктурата која не е во согласност со потребите за долгорочен развој на туризмот;
- нарушување на квалитетот на природните туристички атракции;
- загадување на водата, воздухот и почвата како резултат на превозните средства со кои доаѓаат туристите и како резултат на работењето на угостителските објекти;
- создавање на голема количина отпад од страна на туристите;
- загадување на реките и езерата како резултат на водните активности на туристите;
- уништување на растителниот и животинскиот фонд во туристичките дестинации како резултат на ловот и риболовот на туристите;
- прекумерна комерцијализација на културно-историското наследство и негово уништување итн.

Сето тоа доведува до уништување на туристичките дестинации и неможност за продолжување на туризмот во нив бидејќи тие ја губат својата оригиналност, единственост, привлечност и естетска и еколошка компонента .

Прекумерната концентрација на туристи на релативно мал простор доведува до огромен притисок врз туристичката дестинација и до преголемо користење на природните ресурси со стапка која е поголема од стапката на природна обнова на тие ресурси што доведува до нивно исцрпување и уништување.

Со цел туризмот ефикасно да придонесе за развојот на дестинацијата, неопходно е позитивно да влијае на квалитетот на животот на населението и на животната средина. Затоа, современиот концепт на развој на туризмот треба да се базира на принципите на одржливост како алтернатива на конвенционалниот масовен туризам. Всушност, станува збор за туризам кој придонесува за зачувување на животната средина, културното наследство, културата  и естетската компонента на туристичките дестинации. Тоа е одржливиот туризам.

Одржливиот туризам е составен дел на одржливиот развој, кој се појави како логична потреба да се запре експанзивниот економски раст врз основа на неконтролирана експлоатација на постоечките, пред сѐ, природни ресурси. Креаторите на економската политика на глобално, регионално, национално и на локално ниво, се обидувале да најдат одговор на прашањето на кој начин е можно да се обезбеди економски развој, а да се зачуваат ресурсите на природната средина.

Токму одржливиот туризам е можниот одговор на тоа прашање.

Концептот на одржлив туризам потекнува од 1970-тите години од истражувањата на Милер (Miller, 1978) кој ги проучувал можностите за развој на туризот во националните паркови. Според резултатите од неговото истражување, можно е да се постигне развој на туризмот со истовремено зачувување на природните карактеристики на заштитените подрачја.

Уште поголем придонес кон одржливиот развој на туризмот дал швајцарскиот истражувач Крипендорф. Тој го анализирал влијанието на развојот на туризмот во областа на Алпите. Посебен акцент бил ставен на социјалните и еколошките прашања и последиците кои настануваат како резултат на туризмот во една област. Според него, во сите  анализи доминираат негативните ефекти од масовниот туризам (Krippendorf, 1986).

Неговиот клучен придонес во таа насока е дека е неопходно да се променат стиловите на однесување на сите учесници на туристичкиот пазар за да може да се зачува туристичката дестинација.

Кога станува збор за одржлив туризам, тоа значи дека не станува збор за некој посебен вид или форма на туризам, туку сите видови на туризам мора да бидат одржливи.

Според толкувањата на Светската туристичка организација (UNWTO 2011) и Програмата на Обединетите Нации за животна средина (UNEP 2011), одржливиот туризам вклучува таков развој на оваа дејност, кој ги зема во предвид и ги задоволува потребите на туристите, како носители на туристичката побарувачка, како и на туристичките места, како носители на туристичката понуда, а притоа не ја нарушува способноста да се постигнат овие цели на повисоко ниво и во иднина.

Со други зборови, концептот на одржлив туризам треба да биде основна насока во управувањето со туристичката дејност која ќе овозможи реализација на економските, социјалните и естетските цели, истовремено со заштита на културните вредности, социјалниот интегритет, главните еколошки процеси и биолошката разновидност. Неопходно е да се подобри квалитетот на животот, економски развој, индивидуалното чувство на благосостојба со помош на намалување на употребата на необновливите ресурси и притисокот врз животната средина и човекот.

Не постои општо прифатена дефиниција за концептот на одржлив туризам. Главна причина за тоа е дека одржливиот туризам не е единствена форма на туризам, туку тој ги опфаќа и се однесува на сите форми и видови на туризам. Одржливиот развој е најсложениот концепт кој може да се примени во туризмот. Поради сложеноста, не е можно прецизно да се утврди единствена дефиниција за одржливиот развој, но сето тоа треба да се сфати како континуиран процес со кој на урамнотежен начин се остваруваат економските, еколошките и социјални цели во една земја или регион.

Почнувајќи од општо прифатените дефиниции за одржлив развој од страна на Брунтландовата комисија (“Our common future“), одржливиот туризам може да се дефинира како форма на туризам што ги задоволува моменталните потреби на туристите, туристичката индустрија и локалното население, без притоа да се загрози способноста да се задоволат потребите на идните генерации.

Една од поприфатливите дефиниции на одржливиот туризам е дадена во документите на Федерацијата на природата и националните паркови на Европа (EUROPARC, 2013), според која одржливиот туризам вклучува секаков вид туризам кој придонесува за заштита на животната средина, социјалниот и економскиот интегритет и промовирање на природните и создадените културни вредности на трајна основа.

Одржливиот развој на туризмот подразбира способност на туристичката дестинација да остане во рамнотежа со околината, односно способноста да остане конкурентна на пазарот и покрај појавата на нови и помалку посетени дестинации и да привлече ист број на посетители кои се враќаат и оние кои пристигнуваат за прв пат[29].

Одржливиот развој на туризмот не е само барање и потреба на локалната заедница на една дестинација и на движењата за заштита на животната средина, туку и потреба и барање и од самите туристи за да се зачува и заштити природата и социокултурната автентичност на дестинацијата.

Најатрактивните туристички дестинации денес се оние кои имаат зачувана и заштитена природна средина, како и антропогени туристички вредности. Одржливиот развој на туризмот е цел кон која треба да се тежнее на подолг временски период. Потребно е континуирано движење во таа насока бидејќи само тоа овозможува зачувување на основниот ресурс врз кој почива развојот на туризмот – природата.

Концептот за одржлив развој на туризмот е поставен така што потребите на туристите треба да се задоволат, а влијанието на туристите врз природата да е минимално, така што идните генерации ќе можат да ги исполнат своите туристички потреби во природни зачувани средини.

Моделот за одржлив развој на туризмот треба да ги усогласи сите компоненти на туристичкиот производ (привлечни ресурси, инфраструктура, опрема, организација, активности и искуства).

Концептот на одржлив развој подразбира усогласување на економскиот, еколошкиот и културниот развој, ориентиран кон зачувување на природните ресурси, заштита на животната средина, одговорен и ориентиран развој. Одржливиот туризам е долгорочен процес во кој локалната средина, како "основна социјална и политичка

[29] Marušic, M., Prebežac, D., (2004. ), „I straživanje turistickih tržišta“, Zagreb, Adeco, str. 397.

заедница" може да стане лидер во поттикнувањето на економскиот развој, заштитата на животната средина и воспоставувањето подобра социјална политика.

За да се постигне одржлив развој, исто така е важна клучната улога на сите засегнатите страни во сите фази од процесот на развој, креирање политики до имплементација на проектите за развој на туризмот во туристичката дестинација. Следејќи ја литературата за одржлив развој, се верува дека туризмот ќе постигне поголемо ниво на одржливост доколку сите учесници учествуваат во неговиот развој[30].

Според Фриман (1984), учесник или стејкхолдер е "секоја група или поединец кој може да влијае или е под влијае од постигнувањето на целите на организацијата". UNWTO ги идентификува засегнатите страни во туристичките дестинации како туристички професионалци, јавни власти, новинарите и другите медиуми, други интересни групи и поединци, а особено локалните жители. Според тоа, сите туристички субјекти или заинтересирани страни во областа на туризмот се концентрирани во поединци или групи кои се вклучени во развојот на туризмот во конкретната туристичка дестинација на различни начини и имаат одредени бенефити од развојот на туризмот. [31].

На тој начин, ефективното ангажирање на заинтересираните страни мора да ги "намали потенцијалните конфликти меѓу туристите и заедницата домаќин со вклучување на заедницата во обликувањето на начинот на кој се развива туризмот". Во однос на одржливиот развој на туризмот, туристичките субјекти може да се групираа во пет главни категории: влади, туристи, заедница на домаќинот (локална заедница), туристички бизнис и други сектори.

Најзначаен аспект во одржливиот развој на туризмот е да се идентификуваат главните учесници во туризмот, а потоа да се разберат нивните гледишта, цели и мотиви за потенцијален и/или реален развој на туристичката дестинација.

[30] Maiden J.A., Participation in Sustainable Tourism Development: Stakeholders and Partnership Working, School of City and Regional Planning, Cardiff Univeristy, March 2008, p.3-4

[31] Dabphet S., The key stakeholders in the implementation of sustainable tourism development in two rural towns of Thailand, Department of Tourism, Faulty of Business, Economics and Communications, Naresuan University, Thailand, 2012, p.2

## 2. Начела на одржлив туризам

Одржливиот туризам не е посебна форма на туризам, туку сите форми на туризам треба да се стремат да бидат одржливи.

Политиките и активностите во областа на одржливиот туризам мора да имаат за цел зајакнување на придобивките од туризмот и намалување на трошоците за туризам.

Главните начела[32] на одржливиот туризам може да се групираат во форма на дванаесет цели.

### 2.1. Начело на економска одржливост

Успешните туристички бизниси (претпријатија)[33] имаат витално значење за секторот туризам бидејќи влијаат врз креирањето на материјални бенефиции за локалното население во една дестинација. Најголемиот дел од туристичките претпријатија се микро, мали и средни претпријатија (MSMEs) со ограничени способности и со мал пристап до пазарите.

Постојат бројни примери низ целиот Свет, особено во земјите во развој, за проекти кои имаат за цел да обезбедат одржливи туристички производи (понекогаш иницирани или поддржани од невладини организации или донатори) кои не успеваат поради недостаток на добра, долгорочна оценка и планирање на бизнисот.

Економската одржливост на туристичките претпријатија зависи од способноста да се идентификуваат пазарите на долг рок; да се разбере она што потенцијалните потрошувачи го бараат; и да се прилагодат на трендовите и промените на пазарните услови, условите за патување и вкусовите на туристите.

Долгорочната одржливост во туризмот значи задоволни посетители кои се враќаат и им ја препорачуваат на другите посетата во една дестинација. Ова значи дека мора да постои искуство кое би ги исполнило или надминало очекувањата што значи дека:

[32] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.2-7 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)
[33] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.26-27 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)

- Фокусот треба да се стави на квалитетот на секоја компонента од искуството на посетителот, вклучувајќи механизми за проверка, идентификување и подобрување,
- Поголемо внимание треба да се стави на односот на парите што ги даваат посетителите и вредноста што ја добиваат за тие пари,
- Добивање редовни повратни информации од посетителите.

### 2.2. Начело на квалитетна работна сила

Вработувањето[34] е еден од главните начини за тоа како туризмот може да придонесе за подигнување на квалитетот на живеењето во локалната заедница. Сепак, и покрај важноста на човечките ресурси во туризмот и придонесот на секторот туризам во глобалната економија, работните места во туризмот се карактеризираат со ниски плати, лоши услови за работење и мала сигурност на вработувањата.

Ова делумно се должи на фрагментација на секторот туризам кој се карактеризира со сезоналност, со скратено работно време и семејно вработување, но исто така и со ставот дека работните места во услужната индустрија се непрофесионални или се сметаат за секојдневни работи.

Подобрените услови за работниците може да доведат до подобри перформанси, зголемен работен век на работниците, поголема ефикасност и ефективност во работењето. Промените во односот работник-клиент (турист) може да доведат до зголемено задоволство во одморот на туристите во една дестинација.

Во контекст на тоа, голем о значење треба да се посвети на создавањето на работни места кои се стабилни, на неопредемено време, со полно работно време и кои обезбедуваат фер плати и придобивки. Една од главните причини зошто туристичкиот сектор не успева да обезбеди квалитетно вработување е сезонската природа на побарувачката во многу дестинации.

Од друга страна, ова бара јасни политики за продолжување на сезоната преку мерки како што се: таргетирање на пазари каде туристите најверојатно ќе патуваат надвор од главната сезона; намалена цена на вонсезонска понуда; организирање настани вон

[34] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.30-31 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)

сезоната; поттикнување атракциите да останат отворени подолго време во годината или на пример  да се влијае на годишните одмори за време на една учебна или студиска година.

Туристичкиот сектор е под влијание на одредени специфичности и непогоди кои се одвиваат во одредена дестинација: болести, природни катастрофи, војна и тероризам, кои можат да се појават без предупредување и да имаат непосреден ефект на турризмот. Многу работници, особено оние кои имаат скратено работно време, немаат право на бенефиции или поддршка кога работните места се укинуваат. Ова може да се надмине со воведување на договори со адекватни законски одредби за известување однапред за престанокот на вработувањето, за отпремнините и слично. Токму политиката на секоја влада мора да содржи во себе поддршка на социјално осигурување за лицата кои остануваат невработени.

### 2.3. Начело на задоволување на потребите на туристите

Принципите на социјална димензија и еднаквост поврзани со туризмот треба да важат и за туристите[35], како и за локалната заедница. Ова имплицира дека задоволството на посетителите треба биде цел само по себе, а не само средство за остварување на економска корист. Туристичките дестинации и стејкхолдерите исто така имаат одговорност за обезбедување на благосостојбата на туристите. Должност на грижа за посетителите значи да се овозможи и гарантира нивната безбедност и сигурност во дестинацијата. Тоа вклучува: превенција, здравје и хигиена, подигање на свеста, превенција и подготвеност за катастрофи (природни и индустриски), адаптација кон ризиците од природни непогоди и заштита од криминал и тероризам.

Обезбедување на точност на маркетингот и пропагандните пораки  и  избегнување на погрешни и лажни информации, исто така претставуваат важни аспекти во областа на креирање на туристичката понуда во дестинацијата. Треба да постојат јасни процедури за регистрирање и ракување со жалбите на посетителите и за решавање на проблемите со кои тие се соочуваат, како што се губење на сопствени предмети (накит, пари) или потреба од итна медицинска помош.

[35] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.33-34 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)

## 2.4. Начело на благосостојба на локалното население

Фактот дека економските бенефиции се на она место каде што настанале трошоците, претставува многу важен принцип на одржливиот развој[36]. Со оглед на тоа што локалните заедници мора да покријат одреден број на трошоци поврзани со туризмот, важно е политиките да се обидат да го максимизираат економскиот принос на заедницата.

Просперитетот, односно благосостојбата на локалното население значи дека туризмот е добро интегриран во економијата и се развива паралелно со другите сектори. Исто така е важно да се избегне прекумерната зависност од туризмот во одредена дестинација, а истовремено да се создадат можности за просперирање и на друг сигурен извор на приходи во таа дестинација.

Благосостојбата на локалната заедница може да се зајакне со правилно креирање на политиката која има за цел:

- Привлекување на пазари со поголема потрошувачка моќ. Некои пазарни сегменти имаат можност да трошат повеќе од другите сегменти,
- Зголемување на должината на престојот на туристите. Ова може да се постигне со поттикнување на постојните посетители да останат подолго во една дестинација. Тоа може да значи креирае на понуда на атракции, настани и други дополнителни активности со цел да се задржи интересот на посетителот. Проширувањето на работното време на атракциите, исто така, може да направи разлика. Обезбедувањето на локални информативни услуги може да ја зголеми свеста на посетителите за местата што треба да ги посетат, со што се зголемува нивото на потрошувачка.
- Промовирање на локални производи. Ова значи зајакнување на целиот процес на малопродажба на локални производи на храна, пијалаци и ракотворби.

---

[36] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.28-29 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)

## 2.5. Начело на физички интегритет на дестинациите

Овде станува збор за физичката структура на дестинациите[37] и нивниот естетски квалитет и изглед. Тоа претставува многу важен аспект како од еколошка перспектива, така и од перспектива на благосостојбата на локалното население бидејќи само убава и чиста дестинација може да привлече туристи и да овозможи остварување на економски резултати. Во тој контекст треба да се обрне внимание на чистотата на почвата, водните ресурси, крајбрежијата, културно-историските знаменитости и локалитети, расположливост со вегетациски фонд и негово естетско уредување, формирање на заштитени зони и области, урбано уредување на просторот итн.

## 2.6. Начело на ефикасно користење на ресурсите

Одржливата иднина зависи од внимателно управување со ресурсите[38] (како обновливите, така и необновливите) за да се обезбеди нивна достапност за сегашните и идните генерации. Ресурсите кои не се обновуваат, се исцрпливи и ги има во ограничена количина, се од особена важност за одржливиот развој.  Тука спаѓаат копното, шумите, минералите и фосилните горива. Зачувувањето на енергијата е важно, особено онаму каде што е таа е изведена од необновливите ресурси.

Туризмот претставува значаен корисник на ресурсите од природата. Користувањето на ресурсите на ефикасен начин е многу важно за благосостојбата на локалната заедницата, за одржувањето на балансот на ресурсите, и за намалувањето на загадувачките емисии.

Ефикасност во користење на ресурсите во областа на туризмот ќе се постигне само со промена на потрошувачките модели како од страна на туристите, така  и од страна на туристичките претпријатија. Претпријатијата треба да се охрабруваат да воспостават одржливи техники и операции на работење, замена на користењето на необновливата со обновливата енергија, рециклирање на отпадот, прочистување на отпадните води итн.

[37] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.39-41 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)
[38] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.44-46 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)

## 2.7. Начело на просперитет на локалната заедница

Туризмот може да влијае на економската благосостојба на локалната заедница на многу начини: преку обезбедување на нови работни места, стимулирање на нови бизниси, дополнителни инвестиции, потрошувачката од страна на туристите итн. Исто така, туризмот може да поддржува широк спектар на удобности кои го подигнуваат нивото на квалитет на живот на локалното население. Тоа вклучува обезбедување на основни услуги во туристичката дестинација кои покрај туристите ќе ги користи и локалното население. Тоа се однесува на снабдување со вода и енергија, транспортни услуги, изградба на патишта, мостови, железници, аеродроми, објекти за здравствена заштита, објекти за забава и рекреација, паркинзи и други удобности.

Но, туризмот може да доведе и до бројни негативни ефекти за локалното население, кои може да бидат како економски, еколошки, така и социјални: на пример може да доведе до енормен пораст цените на сите производи и услуги во туристичката дестинација во текот на целата година што негативно се одразува на животниот стандард и потрошувачката кошничка на домицилното население, до зголемена галама и бука од страна на туристите, конфликти помеѓу туристите и домицилното население како резултат на културните разлики, зголемена стапка на криминал, проституција, дрога, итн.

## 2.8. Начело на зачувување на биодиверзитетот

Заштитата на биолошката разновидност е тесно поврзана со одржувањето на физичкиот интегритет на дестинациите. Заштитата и богатството на биодиверизтеото во туристичката дестинација може да биде важен фактор за привлекување и задржување на туристите во конкретното место, како и за поголема привлечност на туристичките дестинации.

Чистата животна средина и богатството на растителни и животински видови се значаен фактор за развој на туризмот, меѓутоа масовниот туризам доведе до загадување на животната средина и нејзините компоненти (воздух, вода, почва), како и до уништување на растителниот и животинскиот свет во туристичките дестинации. Така на пример, развојот на крајбрежните туристички зони, изградбата на угостителски капацитети и капацитети за сместување на туристите, употребата на бродови, чамци и други пловни објекти, употребата на превозните средства со кои доаѓаат туристите во туристичките дестинации доведоа до загадување на воздухот, водата почвата, крајбрежните предели, уништување на флората и фауната, уништување на биоареалот, уништување на екосистемите, создавање на огромни количини на цврст отпад, зголемена бучавост и сообраќајна заситеност во туристичките дестинации. Сите екосистеми, без разлика дали тоа се планините, пустините, дождовните шуми, мочуриштата, крајбрежните предели, реките или езерата, се многу чувствителни на човечките и туристичките активности. Затоа, со цел да се заштитат од уништување, треба правилно да се планираат активностите на туристичкиот развој и туристичките активности кои се поврзани со збогатувањето на престојот на туристите во туристичките дестинации.

### 2.9. Начело на чиста животна средина

Обезбедувањето на чиста животна средина[39] значи зачувување на квалитетот на воздухот, водата и земјиштето, заштита на растителниот и животинскиот свет од уништување, а со тоа и заштита на човечкиот живот и планетата Земја. Активностите на заштита на животната средина во областа на туризмот треба да ги опфатат сите аспекти на спречување на загадувањето и контрола за време на туристичкиот престој во конкретната дестинацијаи.

Промовирањето на ефикасно користење на природните ресурси ќе влијае на намалување на отпадот и ќе доведе до поголема контрола на загадувањето, но само ако се промени начинот или моделот на потрошувачка, и активностите на туристите и туристички претпријатија. Во тој контекст треба да се обрне посебно внимание на следното:

- ✓ Промовирање на одржлив транспорт,
- ✓ Намалување на употребата на еколошки штетни хемикалии,
- ✓ Избегнување на испуштање на отпадни води во морските и речните средини,
- ✓ Минимизирање на отпадот,
- ✓ Рециклирање на отпадот,
- ✓ Користење на алтернативни извори на енергија,
- ✓ Прочистување на отпадната вода пред да се испушти во животната средина,
- ✓ Употреба на одржливи техники на работење во угостителсите објекти,
- ✓ Ограничување на бројот на туристички посети во заштитените места и резервати,
- ✓ Контрола на туристичките активности и однесувања во заштитените зони,
- ✓ Забрана за уништување на рстителниот и животинскиот свет во туристичките дестинации и разни санкции доколку дојде до повреда на тие забрани.

## 2.10. Начело на зачувување на културното богатство

[39] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.46-48 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)

Почитувањето и разбирањето на културата и културната разновидност[40] меѓу нациите и народите е клучен принцип во одржлив развој. Туризмот може да биде значителна сила за зачувување на историското и културното наследство и да ја стимулира уметноста, занаетите и сите други креативни активности на луѓето во локалните заедници. Одржливиот туризам треба да придонесе за заштита, зачувување, конзервација на културните богатства во туристичките дестинации, заштита од кражби и уништување и фалсификување бидејќи само добро сочуваните артефакти се привлечни за туристите и може да доведат до понатамошен развој на туризмот во конкретната дестинација, како и до создавање на поголеми економски ефекти. Покрај тоа, еден дел од средтсвата што ќе се остварат како резултат на туристичката посета на тие културно-историски локации, ггрaдби и артефакти, треба да биде искористен за заштита и конзервација на тие знаменитости.

Политиките во оваа област треба да се фокусираат на:

- Зачувување на историското и културното наследство,
- Ефективно управување со посетители,
- Избегнување или управување со интрузивни колатерални активности,
- Обезбедување повеќе пари за заштита и конзервација на културно-историските споменици,
- Барање начини за создавање придобивки за локалните заедници кои живеат во близина на местата на културното наследство.

## 2.11. Начело на општествена рамноправност

[40] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.38-39 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)

Туристичката политика преку приходите добиени од развојот на туризмот во конкретната дестинација треба да им помогне на немоќните луѓе. Посебен акцент треба да се стави на сиромаштијата како цел која е од меѓународна важност и е вклучена во декларациите и слични агенди за одржливиот развој и е означена како проблем на чие искоренување треба да се работи. Покрај тоа, други аспекти на кои треба да се обрне внимание се подобрување на квалитетот на живот на оние кои биле историски обесправени или имаат ограничен пристап до моќ (домородните и традиционалните заедници во неразвиените земји и земјите во развој), како и останатите ранливи категории на население : жените, старите лица, болните и изнемоштени лица, децата. Освен тоа, со разни мерки и активности треба да се влијае да им се помогне и на младите лица кои имаат завршено соодветно образование, а не се вработени. Само на тој начин одржливиот туризам ќе доведе до зголемување на квалитетот на живот и на стандардот на живеење на рецептивното население, односно ќе доведе до намалување на невработеноста и сиромаштијата.

### 2.12. Начело на локална контрола

Давањето на луѓето одговорност и контрола[41] врз нивниот живот е основен принцип на одржливиот развој.

Туристичката политика не значи само ангажирање на домицилното население во процесот на консултации и средби, туку треба да му се овозможи да влијае врз одлуките кои се однесуваат на развојот на туризмот и целокупниот економски развој во своето место на живеење, во процесот на планирање и реализација на проектите од туристичкиот и економскиот развој. Од една страна, локалното население најдобро ги знае проблемите со кои се соочува во секојдневното живеење и начините како да се решат тие проблеми, а од друга страна тоа има најголемо право да одлучува за она што ќе се случува во неговото место на живеење. Само на тој начин, со учество на локалното население и со помош и поддршка од страна на локалните и централната власт, развојните програми и планови ќе имаат успех и ќе се подобри квалитетот на живот на локалното население.

[41] UNEP, UNWTO, Making Tourism More Sustainable: A Guide for Policy Makers, 2005, p.34-35 (internet edition: http://www.e-unwto.org/doi/book/10.18111/9789284408214)

# ДЕЛ ЧЕТВРТИ

## Основни аспекти на развојот на туризмот во Проклетии

# I. ПОЛОЖБАТА НА ТУРИСТИЧКИОТ РЕГИОН ПРОКЛЕТИИ ВО КОСОВО

Туристичкиот регион Проклетии е многу важен регион за развој на планинскиот и руралниот туризам во Косово. Тука спаѓаат општините: Пеја, Дечан, Бурим, Клина, Ѓаково и Раховец. Главен центар на овој регион е Пеја со подцентрите Дечан и Ѓаково. Проклетии се можеби најпотенцијалниот туристички регион во Косово[42].

Природните ресурси со висок квалитет, културно-историските монументи, како и можноста за прием на голем број на туристи, се основа за развој на туризмот во Косово. Како најзначајни вредности се сметаат Проклетии и Мокра како посебен дел, кањоните на Бела Дрина, Бистрица и Дечан, Ереник и Мируша, малите планински езера, градските центри на Пеја, Дечан и Ѓаково и како посебна туристичка вредност термалните води.

## 1. Географска положба на Проклетии

Туристичкиот регион на Проклетии има полицентричен карактер. Градот Пеја е најпознатото туристичко место во овој регион, но покрај него како поважни се сметаат и градот Дечан, Ѓаково, општините Раховец, Клина и Бурим.

Пеја, Дечан и Ѓаково се почетни точки за пристигнување до планинските места кои нудат можности за развој на зимски спортови и алпинизам, за развој на здравствен туризам и за одмор и рекреација во летната сезона, па затоа се смета дека регионот на Проклетии може да понуди туризам кој ќе се одвива во текот на целата година.

Туристичкиот регион на Проклетии е поголем од регионот на Шар Планина и има можности за формирање и спојување на повеќе зони во една целина како што се планинските центри на Русолија, Курвала, Богдаш, Копраник, Белег, Ѓеравица, Мокра и Хајла.

Според физиономијата, Проклетии се класифицираат како природни ресурси кои нудат можности за развој на планински туризам. Според специфичностите на природата

[42]Министерство за животна средина и просторно планирање на Владата на Република Косово, Агенција за заштита на животната средина на Косово, Институт за просторно планирање, Просторен план за Националниот парк "Проклетии (Проклетии)", Приштина 2015 година, стр.13-29

(рељефот, биогеографската разновидност на водените ресурси и пејзажите на природата) без сомнение Проклетии е најуникатниот планински масив во Западен Балкан[43].

Проклетии се познати поради:

- природното богатство, геоморфолошката разновидност (клисури, кањони, пештери),
- морфолошките услови за развој на зимски спортови, алпинизам и спелеотуризам,
- денивелација на теренот како потенцијал за развој на патеки за скијање (долги 65.396 метри со толку посетители на час во целиот регион) и со услови за развој на други видови на туризам и спорт.

Импресивни геоморфолошки појави со посебни естетски атрибути кои предизвикуваат љубопитност се следните:

- ✓ Клисурата на Ругова,
- ✓ Изворот на Бел Дрим,
- ✓ Водопадот на Мируша,
- ✓ Пештерата Радавци,
- ✓ Врвот на Копраник.

Проклетии имаат посебна туристичка вредност и се фактор за валоризација на целата природа наоколу во регионот. Поделбата во климатски зони (најчесто во континентална, супалпска и планинска) помага во развојот на туризмот во текот на целата година и овозможува климатска терапија на одредени болести како што се аеротерапијата

[43]Министерство за животна средина и просторно планирање на Владата на Република Косово, Агенција за заштита на животната средина на Косово, Институт за просторно планирање, Просторен план за Националниот парк “Проклетии (Проклетии)“, Приштина 2015 година, стр.13-29

и хилотерапијата. Токму затоа Проклетии се потенцијални воздушни бањи со извонредни услови за развој на здравствениот туризам.

Ретки се планините кои имаат вистинско богатство на растителен и животински свет како што се Проклетии. Фауната (кафеавата мечка, дивата свиња, дивата коза и други животни) имаат голема трофејна вредност, па затоа ловните места на оваа планина се многу атрактивни.

Регионот на Пеја, Дечан и Ибар се богати и со рибен фонд и заедно со пејсажните убавини нудат многу добри услови за развој на риболовниот туризам.

Проклетии[44] претставуваат планинска зона во Северо-Западно Косово и се продолжение на планинскиот масив од Северна Албанија и Југо-Источна Црна Гора. Оваа планина во западниот дел на Косово се спушта вертикално спрема Дукаѓинското Поле.

Проклетии се простираат северо-јужно во должина од 50 км, а ширината на оваа планина не надминува 26 км. Оваа планина е испресечена со длабоки низини кои имаат кањонски форми во делот на Бистрица (Лумбарди) кај Пеќ, Дечан и Ереник.

Планинскиот масив на Проклетии е поделен на три дела:

- Северен дел составен од планини околу Бистрица (Лумбарди) кај Пеќ, кој постепено започнува кај Сува Планина на Дукаѓинско Поле и Мокна, во насока на Југо-Запад до врвот Нов Врв на 1812 метри, а оттаму спрема Запад кај врвот Поглед на 2 155 метри. Потоа доаѓа Жлеб и на крај врвот Русолија (2381 метри). На оваа група планини спаѓаат и Штедими (2272 метри), Лајла (2400 метри), Шишка и врвот Хасан (1871 метри), како и Планината Бегу и врвот Велекут на 2015 метри и планината Поклен на 1376 метри.

- Централен дел составен од планините помеѓу Бистрица (Лумбарди) кај Пеќ и Дечан: Копривник и Чврленски Крш (2460 метри), планината Стрелци со врвот Стрелци (2377 метри), Ќафанек и Мулишевци. Понатаму спрема Запад се

[44] Ministria e mjedisit dhe planifikimit hapësinor, Instituti për mbrojtjen e natyrës dhe mjedisit të Kosovës, Studim mbi arsyeshmërinë e shpalljes së Bjeshkëve të Nemuna për Park Naciona, Prishtinë 2003, f.13

протегаат Планините на Лумбарди со врвот Црвен Камен со 2522 метри, планината Неџинат (2341 метри) и Стараци со 2426 метри.

- Јужен дел кој се простира Југо-Западно од Бистрица кај Дечан и се состои од следните планини: Вокши (1641 метри), Јуник со врвот Раса е Зогут (2296 метри), Ѓеравица (2656 метри), Богочевица (2103 метри), врвот Ропа (2505 метри), врвот Ќени (246 метри) и Марјаш (2530 метри).

Треба да се истакне дека планините Проклетии во однос на височината, структурата, релјефот, геолошката градба, климатските елементи и органскиот свет, многу потсетува на Алпите па затоа кај народот се познати и под името Албански Алпи.

**2. Големина и граници на територијата на Проклетии**

Проклетии како планински масив (денес национален парк во Косово) има вкупна површина од 62.400 ха и претставува 5.7% од целокупната територија на Косово. Оваа планина се простира во рамки на четири општини: Пеќ, Дечан, Исток и Ѓаково.

На Општина Пеќ и припаѓаат 32500 хектари, на Дечан 22000 хектари, на Истог 5065 хектари и на Ѓаково над 2830 хектари. Границата на јужниот дел од Проклетии започнува кај местото Каменица, на територија на Албанија во близина на Морина, потоа продолжува спрема Север во близина на изворите кај Мулиќи и Шкоза, на изохипска од 600 до 700 метри до село Мулиќ и Батуша и продолжува до селата Батуш и Кошар[45].

**Слика бр. 4 Проклетии, големина и граници**



Во иста насока продолжува и спрема село Ѓоцај (изохипси 680 и 700 метри), западно од село Јуник и Вокши кај местото викано Шкоза. Понатаму, на иста изохипса оваа планина продолжува спрема селото Побрѓ и местото викано Вариќ, и селото Хулај на север спрема Дечанската Патријаршија односно кај селото Бистрица во Дечан.

[45] Ministria e mjedisit dhe planifikimit hapësinor, Instituti për mbrojtjen e natyrës dhe mjedisit të Kosovës, Studim mbi arsyeshmërinë e shpalljes së Bjeshkëve të Nemuna për Park Naciona, Prishtinë 2003, f.13-14

Од другата страна, оваа планина продолжува северо-источно кај Клисурата Стрелци, спрема запад кај селото Лубениќ во близина на ридот познат како Риденица, до изворот кај Лубениќ, понатаму кон Север кај местото Отрзи на граница со селото Загер, и доаѓа над селото Белопој. Тука се надоврзува на селото Затра кај местото Губовци и оди северо-западно спрема реката Бистрива и Пеќка Клисура, во близина на водоснабдителната станица кај Пеќ на изохипса од 550-600 метри.

На северо-исток се наоѓа селото Левоша, на долниот дел од ридот викан Црн Врв до река Сушица, западно од село Брестовик кај браната која е изградена заради заштита од ерозија од реката Сушица. Веднаш потоа границите се креваат нагоре спрема каменоломот Гретамаркет кај селото Сига и Новосело кај местото викано Ќариште, потоа одат западно кај Бурунт и селото Радавци (во близина на изворите на Реката Бела Дрина).

Во овој дел има повторно подигнување на границата кај селото Голема Јабланица и кај бачилата Фјерштa (местото викано Главица) во насока на селото Мала Јабланица (кај Изворот Дочи). Од оваа место границите продолжуваат источно спрема селото Каличан и местата Цакутајци и Соколов Крш на изохипса од 950 метри.

Границата продолжува спрема селото Студеница кај Голем Рид и Лесковик до местото викано Црн Крш, а потоа оди надолу кај ридот Млакиште на Север спрема селото Лубожда. Оттаму продолжува спрема Драгиќ и помеѓу ридовите Церновин и Цацулјна, па границата врти спрема север покрај изворот Драгиќ и завршува кај границата помеѓу Косово и Србија.

### 3. Население и населени места во Проклетии

Регионот на Проклетии има вкупно 47 населени места кои се поделени во пет општини: Пеќ, Дечан, Исток, Јуник и Ѓакова. Од вкупно 47 населени места во овој

географски регион, 20 се во рамките на националниот парк, додека 27 се надвор од Националниот Парк "Проклетии". Бројот на населението во овој регион изнесува 87800 жители[46].

Во периодот од 1948 до 2011 година има зголемување на бројот на населението и тоа за 48872 жители (од 38928 жители во 1948 на 87800 жители во 2011 година). Од 1991 до 2011 година има намалување на бројот на жители за 26060 лица.

**Табела бр.3 Број на население во Проклетии според пописите[47]**

| Година | Број на население | Базен индекс | Верижен индекс |
|---|---|---|---|
| Попис 1948 | 38928 | 100 | 100 |
| Попис 1953 | 44935 | 115 | 115 |
| Попис 1961 | 55632 | 143 | 124 |
| Попис 1971 | 75669 | 194 | 136 |
| Попис 1981 | 94259 | 242 | 125 |
| Проценка 1991 | 113860 | 292 | 121 |
| Попис 2011 | 87800 | 226 | 77 |

Стапката на наталитет изнесува 18 промили или 1,8%, додека стапката на морталитет е 4 промили или 0,44%. Според тоа, природниот прираст на населението изнесува 13.6 промили или 1,36%. 57% од вкупното население во оваа област е на возраст од 20-64 години, а 35% на возраст од 0-19 години. Возрасната група над 65 години има ниско учество (8% од вкупното население). Од 87.800 жители, машката популација е застапена со 49.7%, додека женската популација со 50.3%.

Од 1948 до 1971 година бројот на населението во Проклетии постојано се зголемувал, од 1971 до 2011 година забележан е драстичен пад на бројот на население, а денес некои од местата се целосно иселени. Во 1948 година некои населби имале 4046 жители, а според последниот попис (2011 година) во нив живеат 476 жители, што значи дека за период од 63 години бројот на населението е намален речиси осум пати.

Од вкупно 20 населени места во регионот на Проклетии, 16 припаѓаат на Општина Пеќ, две населени места на Општина Јуник, една на Општина Дечан и една населба на

[46] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar "Bjeshkët e Nemuna", Prishtinë, Shkurt 2015, f.30

[47] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar "Bjeshkët e Nemuna", Prishtinë, Shkurt 2015, f.30

Општина Ѓаковица. Овие населби имаат забележителни разлики во бројот на населението. Најнаселено место е Цероврх (Црн брег) со 234 жители ( 49,1% од вкупното население)



## II. ПРИРОДНИ РЕСУРСИ ВО ПРОКЛЕТИИ

Територијата на Проклетии претставува најзначаен регион за развој на туризмот во Косово. Овој простор кој е прогласен за национален парк поседува извонредни услови за развој на туристички активности во текот на целата година, а посебно во текот на зимската сезона. Најголем центар во рамките на овој регион е Пеја, додека помали центри се Дечан, Јуник, Истог и Ѓаково.

## 1. Природни карактеристики на Проклетии

Проклетии претставуваат географски регион со ретка убавина[48] и прекрасен пејзаж: високи планини со снег на врвовите, импресивни шуми со различни видови на дрвја каде доминираат високите борови, фасцинантни и длабоки клисури, прекрасни долини и кањони, пасишта и ливади со цвеќиња во сите бои, многу извори на вода кои формираат реки, потоа пештери и прекрасни езера на високите планински места.

Овој национален парк располага со чиста животна средина, чист воздух и вода, а деградацијата на земјиштето е минорна. Сепак, во паркот се присутни и некои загрижувачки активности кои доколку не се спречат, може да претставуваат сериозна закана за животната средина во иднина. Тука на пример може да се спомне неконтролираното сечење на шума и бесправно градење на објекти без постоење на просторни планови за градба, што директно се одразува на нарушување на екосистемите во паркот и уништување на пејзажот. Такви бесправно изградени градби се најзастапени во областите кои се најмногу посетени: Клисурата на Ругова, Боге, Леќинат итн. Националниот парк Проклетии има голем потенцијал за развој на туризмот во текот на целата календарска година. Подножјето на селото Боге, планината Белег и други места се погодни за скијање во зима, додека во текот на летото просторот околу паркот на туристите им нуди исклучителна можност за уживање во убавините на пејзажот, рекреација и рехабилитација, пешачење, свеж воздух и слично.

Иако постојат потенцијали за развој на туризмот, сепак инфраструктура и другите содржини кои овозможуваат нивно искористување се дефицитарни. Така на пример, инфраструктура за скијање е изградена само во Боге, но таа не е доволна да ги задоволи потребите на туристите бидејќи капацитетот на ски-лифтот и на скијачките патеки е мал. Недоволната инфраструктура и нискиот степен на економски развој во областа на паркот доведуваат до напуштање на населените места од страна на локалното населението, така да денес голем број населби се целосно иселени.

[48] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar "Bjeshkët e Nemuna", Prishtinë, Shkurt 2015, f.9

### 1.1. Геоморфолошки карактеристики

Планините, долините, клисурите, кањоните и пештерите се главните геоморфолошки елементи кои ја дефинираат физиономијата на пејзажот во Проклетии[49]. Во геоморфологијата на овие планини се синтетизираат речиси сите процеси на надворешните и внатрешните фактори на влијание од геолошкото минато.

Проклетии како геоморфолошки комплекс се карактеризира со повеќе видови на тектонски, глечерски, речни, карстни и денудативни форми. Овие различни форми честопати се во комбинација и се надополнуваат меѓусебно, создавајќи на тој начин многу убави пејзажи како резултат на глацијални процеси од ерата на Плеистоценот (на пример глацијалните езера и долините).

Руговската клисура е најубавата клисура во Косово. Почнува од Пеќ и завршува во селото Бјелуха во должина од околу 22 километри. Се карактеризира со длабоки и стрмни падини и тесно карпесто дно. На длабочина од 1200 метри и должина од околу 6 километри клисурата е составена од варовнички карпи типични за вертикален кањон, со падини спрема коритото на реката која тече низ клисурата. Карстните водни ресурси се во висина од околу 30 метри и нивното испуштање во форма на водопади е со голема брзина. Тие на одредени места формираат повеќе таканаречени “казани со вода“ кои уште повеќе ја зголемуваат атрактивноста на оваа клисура.

Од другите видови на карстни форми по својата важност се издвојува пештерата Радавци која на влезот е висока 750 метри. Во пештерата се откриени повеќе галерии, сали, кади, езерца и слично. Поголемиот дел од пештерата е украсен со сталагмити и сталактити.

Во Руговската клисура постојат и други пештери и јами кои се наоѓаат кај Дечан на реката Бистрица, во деловите што се изградени од варовнички карпи.

### 1.2. Геолошки карактеристики

[49] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.16-17

Проклетии од аспект на геолошко-геоморфолошката градба[50] претставуваат нови планини. Тие се карактеризираат со разновидни геолошки структури и комплекси составени главно од седиментни и метаморфни карпи, а помалку од вулкански карпи.

Најстари формации се оние од Палеозоикот кои се најраспространети во планините кај Дечан, Ѓероваца, Кожњер и Врвот Ропа. Во помала мера овие формации може да се сретнат и на север, како и на левата страна на реката Лумбарди кај Пеќ, Голем Штупеќ и Река на Алага. Овие форми се изградени од шкрилци и песок.

Карпести формации од ерата на ран Триас најчесто се наоѓаат кај планината Хајла, планините околу реката Лумбарди и кај Руговската клисура. Тие форми се изградени од песок, варовнички конгломерати, доломити, дијабази, перидотити, кварцкератофири, гранити и кристални шкрилци.

Најголем број на геолошки форми од ерата на средниот Триас се среќаваат кај населбата Батуше, Јуник, Вокши и Стрелци, изградени од вулкански седимент, варовник, доломит, серпентинит, дијабази, гранит и кварцпорфир. Овие формации може да се сретнат и кај планините Жлеб, Хајле и Ругова.

Формации од ерата на доцниот Триас се наоѓаат кај планините околу Лумбарди, Копривник, Сува Планина и Руговска клисура, претставени со седиментни варовници со сива и црвена боја.

Формации пак од ерата на Јура постојат само кај селото Куќиште.

### 1.3. Хидрогеолошки и хидрографски особености

Хидрографските карактеристики на Националниот Парк “Проклетии“ може да се третираат како[51]:

- Природни ресурси,
- Уникатни појави или објекти со атрактивни вредности,
- Компоненти на екосистеми, објекти, феномени и простори со посебна заштита.

[50] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.17

[51] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.19

Целата зона околу Проклетии има прилично густа хидрографска мрежа. Оваа планина е место каде што течат неколку големи реки (како што се  Истог, Лумбарди, Дечан, Лоќани, Ереник и други), неколку мали реки, како и некои изворчиња со постојан и привремен водотек. Сите водни текови во Проклетии се движат во насока запад-исток и југ-исток, а понатаму се влеваат во реката Бела Дрина која претставува главна сливна површина на Дукаѓинското Поле.

Сите извори на реките се наоѓаат на надморска височина од над 1000 метри и течат низ длабоките и тесни долини на планинските делови на овој национален парк. Горниот дел на реките се карактеризира со брз проток и тие течат силно спрема Дукаѓинското Поле (средни и долни потоци),  коритото на овие реки понатаму се шири, брзината на водата се намалува и ерозивниот материјал што се носи со водата се седиментира.

Се проценува дека водата од овие реки (од изворот до средниот водотек) има добар квалитет. Од двете страни на реките им се приклучуваат голем број на водотеци (мали реки и потоци). Од друга страна, водите и нивната динамична активност имаат важна улога во обликувањето и моделирањето на релјефот на планината што дополнително ја зголемува вредноста на планината Проклетии.

Имајќи ги во предвид геолошките, литолошките, структурните и тектонските конструкции, во Националниот Парк Проклетии постојат четири видови на аквифери:

- Аквифери со интергрануларна порозност,
- Аквифери со порозни пукнатини,
- Аквифери со карстна порозност,
- Терени без вода.

### 1.4. Климатски услови

Климатските параметри[52] или услови на Проклетии можат да се оценат во однос на климатската положба, улогата на орографските услови како значаен фактор, просечните и екстремните вредности на климатските елементи, влијанието на климата врз

[52] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.20

степенувањето на вегетацијата, креирањето на автентични пејзажи како составен дел на екосистемите, феномените и просторите со посебна вредност, како и туристичко-рекреативната важност на климата.

Проклетии се познати и по разновидноста на климатските услови и биодиверзитетот. Овие планини со својата орографска улога овозможуваат создавање на различни климатски типови во релативно мал простор. Вертикалниот пресек на планината создава различни промени на климатските елементи со зголемување на надморската височина. Проклетии се карактеризираат со најголема количина на атмосферски врнежи и со најголем број на денови со врнежи (над 130 дена во годината) во Косово.

Проклетии исто така се карактеризираат и со снежни врнежи. На низинските делови од Косово снежните врнежи изнесуваат во просек 20-30 дена во годината, додека во зависност од надморската височина, на Проклетии тие врнежи се во просек од 40-80 дена во годината. Снежната покривка во просек во Косово трае 40 дена, а во Проклетии таа покривка може да потрае од 60-210 дена.

Главните климатски елементи во Проклетии ги имаат следниве вредности:

- Според географската ширина, надморската височина и степенот на облачност, инсолацијата на оваа планина изнесува околу 44% од потенцијалната вредност (4459 сончеви часови), а таа вредност се менува и кај подножјето на планината изнесува 1945 сончеви часови. На надморска височина од 2000 метри тоа се 2200 сончеви часови.
- Средната годишна температура на воздухот на подножјето на планината е 10.2$^0$C, а на височина од над 2000 метри таа температура изнесува 5$^0$C. Годишните амплитуди се намалуваат како што се зголемува надморската височина односно од 21.3$^0$C на подножјето на планината, на 17$^0$C во повисоките делови. Најтопол месец е јули, а најстуден месец е јануари.
- Атмосферските врнежи се движат од 1000 мм на подножјето, 1500 мм на висорамнините и 2000 мм како максимална вредност на крајниот запад на изворот на реката Бистрица кај Дечан.

### 1.5. Педолошки карактеристики

Од аспект на педолошките карактеристики[53] на Проклетии, како што се зголемува надморската височина, освен промената на типологијата на вегетацијата, се променува и типот на почвата. Во ридскиот појас на планината составен од костенови шуми, над силикатните карпи постојат варијетети на кисела почва со костенлива боја, исто како и во шумите од чист даб (quercus).

Кај варовничките карпи е создадена костенлива почва, додека кај силикатните карпи таа е кисела, особено во оние места каде расте букова шума (fagetum montanum). Со промената на биоклиматските карактеристики на појасот на буково дрво со зимзелена вегетација, количината на хумус се зголемува, па така е создадена хумусна костенлива почва. Во појасот каде се меша буката со смреката се формира почва од типот “terra fusca“ (почва со жолта боја). Над варовничките карпи се создадени повеќе видови на почва: сирозем (карпеста почва), проторесина и црни органогени почви, ресини и карбонатни органогени почви со повеќе варијанти и слично.

### 1.6. Ерозија

Ерозијата кај Проклетии може да се забележи во местата со обработливо земјиште (култивирани или напуштени), во шумите и ливадите, во речни корита, кај потоци и земјиштето околу нив. Штетата предизвикана од ерозијата се чувствува не само во земјоделството и шумарството, туку и во другите области на економијата како што се урбанизмот, транспортот, градежништвото и енергијата.

Следната табела го претставува моделот од 4 скали на ерозија врз основа на одредени хипотетички параметри кои ги прикажуваат потенцијалните варијации на ерозија во националниот парк.

**Табела бр.4 Скала на ерозија кај Националниот Парк “Проклетии“[54]**

[53] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.15

[54] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.20

| Реден број | Скала на ерозија | Хектари | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Ниска ерозија | 4816 | 8 |
| 2 | Средна ерозија | 5242 | 8 |
| 3 | Висока ерозија | 6471 | 10 |
| 4 | Највисока ерозија | 46405 | 74 |

Деструктивниот ефект на ерозијата е резултат на природните климатски фактори; количината, видот, интензитетот и времетраењето на врнежите; видот и степенот на покриеност на почвата; наклонот на почвата и педолошкиот состав; како и човечкиот фактор (нелегалното сечење на шуми, екстракција на чакал, прекумерно пасење, објекти изградени без стандарди и слично).

### 1.7. Сеизмички зони

Врз основа на сеизмо-тектонската мапа[55], за период од 500 години максималниот сеизмишки интензитет во паркот и околу него е 8 степени по Меркалиевата скала кај Пеќ, додека во поголемиот дел од територијата на паркот тој изнесува 6 степени по Меркалиевата скала.

Резултатите од одредени истражувања и анализи на терен ги дале потребните податоци за структурните пресметки врз основа на правилата за технички стандарди за изградба на конструкции во сеизмички зони.

Ако се применат пресметките врз основа на Еурокод 8, студијата ИЗИС ќе се искористи за поддршка на документацијата каде што сеизмичките сили може да се пресметаат според Еурокод 8. Така, врз основа на пресметаната точка на забрзување на ПГА, сеизмичката состојба во Проклетии е како што следува:

- Северниот и северо-западниот дел се простира на зона со висока ризичност од 5 степени според Меркалиевата скала и ги опфаќа сите села во регионот на Ругова и дел од територијата на Општина Истог,

[55] Ibid, p.21

- Еден дел од територијата на општина Пеќ и Дечан е во зона на 6-ти степен по Меркалиевата скала,
- Повеќе од степен на сеизмичка активност има кај Општина Јуник и Дечан, а како најризични зони се оние кај селотоКошаре и Општина Ѓаково.

### 1.8. Користење на земјиштето

Според истражувањата за планината Проклетии, дадени се шест главни категории (класи) на експлоатација на земјиштето[56] во Националниот Парк "Проклетии". Имено, тука спаѓаат: шуми, пасишта, наклони, езера, населби и каменоломи.

Шумите се посебна категорија во номенклатурата за користење на земјиштето и претставуваат дрвна вегетација која главно се состои од четинари, дабови шуми и друга дрвна вегетација односно грмушки.

Пасиштата се посебна категорија на тревна вегетација и во оваа група односно категорија влегуваат бачилата и ливадите. Во оваа категорија се вклучени сите пасишта без оглед дали се користат во моментов или не, но кои претставуваат потенцијал за употреба.

Наклоните претставуваат високи планински врвови и друг вид на стрмен терен или други области на еродирани, наизменични, пропаднати или без вегетација површини или малку покриени површини. Во овие простори преовладува микроклима и други егзогени фактори кои не дозволуваат нивна употреба за потребите на човековите активности.

Езерата се хидрографски басени со слатка вода кои се граничат со земјата. Езерата во областа на Проклетии се главно глацијални езера кои се создадени како резултат на

[56] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar "Bjeshkët e Nemuna", Prishtinë, Shkurt 2015, f.22

мразната активност. Тие езера имаат различни димензии во големина, длабочина и издржливост. Некои од овие езера во летниот период, а особено во текот на сувите лета, испаруваат.

Населбите воглавно се состојат од станбени згради, станови и други објекти со одредени цели (индустриски, комерцијални или услужни дејности). На територијата на националниот парк има вкупно 21 населба (според пописот во 2011 година).

Каменоломите се места каде се одвиваат економски активности за извлекување, обработка и преработка на варовнички камен или песок од површината на земјата.

### 2. Биодиверзитетот како природна карактеристика

Територијата на Проклетии се состои од непроценливи природни вредности и биодиверзитет[57] кои се многу значајни од научен, образовен, културен, естетски и туристичко-рекреативен аспект. На оваа планина се разликуваат и природни области кои уживаат посебен статус на заштита.

### 2.1. Растителнен свет и вегетација во Проклетии

Националниот Парк “Проклетии“ се карактеризира со присуство на 1000 реликти, ендемореликти и ендемични автохтони видови за Балканот и Европа, вклучувајќи ги микозите, лишаите и габите.

Во рамките на ова подрачје постојат 33 ендемични видови, 6 суб-ендемични видови, 128 ендемични видови карактеристични за Балканот со научна, економска и медицинска вредност од кои доминантни се 26 видови. Од ендемските видови кои се карктеристични за Косово во рамките на Проклетии се наоѓаат 11 видови. Врз основа на Црвената книга на васкуларната флора на Косово 126 видови се загрозени заради исчезнување, а 6 видови се наоѓаат во Црвената листа на УНЕСКО.

[57] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.13

Климатските и еколошките услови во Проклетии овозможуваат постоење на флора и вегетација богата со дрва, грмушки и треви, реликти, ендемореликти и ендемични автохтони видови. Во поглед на вертикалната разместеност, поголемиот дел од вегетацијата која се наоѓа на пониска надморска височина вклучува листопадна вегетација, на повисока надморска височина се наоѓа зимзелена вегетација, додека над горната граница се лоцирани пасиштата.

Од листопадните шуми доминира дабот (Quercus) и буката (Fagetum montanum), а од зимзелените елката (Abies alba), смреката (Picea Abies), борот (Pinus heldreichii) и белиот бор (Pinus peuce).

Вегетацијата претрпела промени во текот на различни временски периоди така што сите растителни видови кои го преживеале глацијалниот период, заедно со новите видови создадени по дилувиумот, создаваат различни и карактеристични фитоценози. Тука се истакнуваат три вегетативни појаси:

1. Низок планински појас,
2. Среден планински појас,
3. Висок планински појас.

Во рамки на Проклетии како позначајни видови на вегетација се сметаат:

- Ass. Abieti – Fagetum moesiacae
- Ass. Fagetum subalpinum scardo – pindicum
- Ass. Picetum abietis bertisceum montanum
- Ass. Picetum abietis bertisceum subalpinum
- Ass. Wulfenio – Pinetum peucis
- Ass. Pinetum peucis typicum
- Ass. Pinetum heldreichii bertisceum
- Ass. Wulfenio – Pinetum mugo
- Ass. Bruckenthalio – Juniperetum
- Ass. Nardetum subalpinum montenegrinum

- Ass. Salicetum herbaceae balcanicum
- Ass. Pinguiculo – Narthecium scardici
- Ass. Carici Crepidetum dinaricae

## 2.2. Животински свет во Проклетии

Националниот Парк Проклетии се карактеризира со богата фауна на ендемски и реликтни видови. Тука живеат 8 видови риби, 13 видови водоземци, 10 видови рептили, 148 видови птици, 37 видови цицачи и 129 видови пеперутки само од редот Lepidoptera. До денес, регистрирани се 148 видови птици, но се смета дека ги има повеќе од 200 видови од меѓународно значење, па затоа Проклетии се ставени во списокот на IBA како значајна зона за птици.

## III. ТУРИЗМОТ И ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ПРОКЛЕТИИ

Природните ресурси со висок квалитет и културно-историските споменици се основа за развој на туризмот во Проклетии. Притоа, како најзначајни вредности во овој регион се сметаат: кањоните на Бела Дрина, Бистрица и Дечан; Ереник и Мируша; малите планински езера; градските центри на Пеќ, Дечани и Ѓаково; а посебна туристичка вредност се термалните води[58].

Туристичкиот регион на Проклетии има полицентричен карактер. Градот Пеќ е најпознатото туристичко место во овој регион, а можеби и во цело Косово. Покрај Пеќ, како поважни места се сметаат и градовите Дечани и Ѓаково, како и општините Раховец, Клина и Бурим (кои се тесно поврзани со другите места во овој регион).

Пеќ, Дечани и Ѓаково се почетни точки за пристигнување до планинските места, па затоа во регионот на Проклетии може да се развива туризам преку целата година. Овој регион има можности за развој на зимски спортови и алпинизам, за развој на здравствен туризам, како и за искористување на капацитетите за одмор и рекреација во летната сезона.

### 1. Туристички вредности во Проклетии

[58] Хасанај П., Приме на ФАС методот во функција на идентификување на туристичките потенцијали на Косово, Докторска дистертација, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, 2017, стр.116-129

Туристичкиот регион на Проклетии[59] е поголем регион од регионот на Шар Планина и има можности за спојување на повеќе зони како што се планинските центри на Русолија, Богдаш, Копраник, Белег, Ѓеравица, Мокра и Хајла. Според физиономијата, Проклетии се класифицираат како природни ресурси за развој на планински туризам.

Проклетии имаат посебна туристичка вредност и се фактор за валоризација на целата природа во регионот. Поделбата на климатски зони (на континентална, суп-алпска и планинска) помага во развојот на туризмот во текот на целата година и овозможува климатска терапија на одредени болести со аеротерапија и хилотерапија. Токму затоа Проклетии се потенцијални воздушни бањи со извонредни услови за развој на здравствениот туризам.

Ретки се планините кои располагаат со вистинско богатство на растителен и животински свет како што се Проклетии. Фауната (кафеавата мечка, дивата свиња, дивата коза и други животни) има голема трофејска вредност и овозможува развој и на ловниот туризам.

Пеќ, Дечани и Ибар се богати и со рибен фонд што овозможува развој и на риболовниот туризам.

Од аспект на антропогените туристички вредности и атракции, како дел од туристичката понуда на Проклетии може да се издвојат следните:

- богатото културно и историско наследство (праисториски места, археолошки локалитети, џамии, амами, мостови и анови, стари цркви);
- етнографското и фолклорното богатство (народни носии, народни песни и ора, традиција, обичаи);
- пејзажни мотиви на градовите (чаршијата во Ѓаково, големата чаршија во Пеќ, руралните средини, кули, стари куќи);

Според природните ресурси и потенцијалите за развој на туризмот во рамките на Проклетии се разликуваат две најзначајни зони: туристичката зона на Пеќ-Бурим (Истог) и туристичката зона на Дечани. Туристичката зона на Пеќ се состои од повеќе помали места како што се: Копраник, Русолија, Жлеби, Нечински врв, Радавци и др.

[59] Хасанај П., Приме на ФАС методот во функција на идентификување на туристичките потенцијали на Косово, Докторска дистертација, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, 2017, стр.116-129

Бидејќи градот Пеќ се наоѓа многу близу, Активирањето на Копраник како туристичка зона се предвидува да започне во првата фаза на развојот на зимско-спортскиот туризам поради близината на Пеќ до терените за скијање на Коправник.

Поради распространетоста, структурата и особеностите на туристичките ресурси во Дечани се појавуваат повеќе локалитети како што се: Дечани (главен центар на летниот туризам), Курвала, Белег, Стрелци, Рошкодол, Кожњер, Ѓеравица. Сите овие локалитети спаѓаат во примарната зона за туристичко искористување на ресурсите, но нивното активирање треба да оди од најлесно пристапните до најтешко пристапните места.

Локалитетите како што се Копраник, Русолија, Штедими и Белег (со својата местоположба, денивелацијата и квалитетниот терен за скијање) ги содржат сите елементи за да станат главни центри за развој на зимскиот и спортскиот туризам во Проклетии.

Во следните редови се прикажани најзначајните туристички потенцијали на Проклетии по општини.[60]

Како поважни туристички потенцијали на  Општина Истог се сметаат: локалитетот Лугу и Бут, Бели извори, Радуша, Бајша.

**Слика бр.6  Општина Истог**




[60] Ministria e m … ër planifik
hapësinor, Plan …

Позначајни туристички потенцијали во Општина Дечан се: туристичката зона на градот Дечан, локалитетот Лумбарди, локалитетот Радониќ и Под, туристичката зона на Клисурата на Дечан, локалитетот Смреки на Дечан, Беле и Плеќа, Кожњери, Белег, Прелеп, Рошкодол, Милишевци, Злонопоја, Бабалоќ и локалитетот Рид, како и туристичката зона на Стрелци.

**Слика бр.7 Општина Дечан**



Најзначајни во Општина Пеќ се: туристичката зона на Копраник, туристичкиот локалитет Исниќ, Лумбард, Лиќенати, Бога и Дрелај, а кај туристичката зона на Дрина најзначајно место е Радавци (извор на реката Дрина).

**Слика бр.8 Општина Peja**



Општината Јуник има неколку позначјани туристички потенцијали: локалитетот Мороница и Ереник, Клисурата на Јуник, локалитетот Градина, Једова, Гата и Раса е Зогут, како и изворите на Ереник и Ѓеравица, Клисурата на Батуша со местата Ѓоцај, Јасиќ и Жара.

**Слика бр.9 Општина Јуник**



Позначјани туристички вредности во Општина Ѓаково се: Раса е Зогут, Црн Врв, Гомури, Браха, Ливадата на Шабан, Раса на Кошаре, Оплаз, селото Кошаре, реката Гуша, Ридот на Шкоза, Бабуш и Бока.

**Слика бр.10  Општина Ѓаково**



### 2. Најпосетени мести во рамки на Проклетии

Во рамките на Националниот Парк Проклетии најчести гости се домашните (околу 5000 туристи на годишно ниво) кои најчесто се фокусирани на викенд-туризам. Бројот на странските туристи е помал и изнесува околу 2000 туристи во годината кои го посетуваат ова место организирано преку туристички пакет аранжмани. Најголем број на туристи се забележуваат во текот на летната сезона затоа што ова место го посетуваат голем број на печалбари.

Најбарани дестинации за посета во овој регион се: Ругова, Водопадот на Дрина кај селото Радаци и културните места кои најмногу ги има во центарот на градот Пеја.

Туристичкото место Ругова е најпосетениот туристички центар во регионот на Проклетии и можеби во цело Косово бидејќи овде постојат можности за одвивање на многу туристички активности во текот на целата година: престој на отворено, лов и риболов, селски туризам, здравствен туризам, алпинизам, пешачење, истражување на пештери, планински велосипедизам, скијање, кампинг, авантуризам, дневни екскурзии и викенд престој. Во рамките на овој туристички центар, престојот и активностите се одвиваат во местата: Куќиште, Лиќенат, Голем Штупеч, Бога, Радавци и слично.





**Слика бр.12 Туристичкото место Големо езеро, Пеја**



Во зимскиот период најбарано место од страна на посетителите е селото Бога како центар за скијање кој располага со скромна инфраструктура  (жичара во должина од 1км).

**Слика бр.13 Селото Бога и патеките за скијање**



За време на летната сезона, можностите за сместување се поголеми затоа што тука се приклучуваат и другите туристички места како што се Дрелај, Пепај, Река Алага, Штупеч и слично. Сместувањето се одвива во: 2 хотели, 11 мотели, 14 ресторани, 2 кампа, 8 семејни економии и едно туристичко село Лиќенат со капацитет за сместување на 200 гости. Се разбира, капацитетите за сместување не се доволни во однос на барањата на туристите.

Ридовите и планините на Проклетии кои се наоѓаат во атарот на Општина Истог се сметаат за најубави места за одмор и рехабилитација. Таму нема објекти за сместување и исхрана, па затоа посетите се на дневна основа. Овие предели се тешки за пешачење и поради непристапноста на теренот потребно е да се посетат со џипови. Најчесто доаѓањето тука е индивидуално односно во сопствена режија на самите туристи.

**Слика бр.14 Истог и околината**



Големиот број на природни ресурси кај Дечан се особено привлечни и интересни за посетителите кои се љубители на недопрената природа и љубопитните истражувачи на природата. Во овој регион постојат повеќе извори, а најпознати се: Очите на планините, Реката на Дечан и Планината Белег кои нудат многу добри можности за развој на туризмот. Изворот на минерална вода и смреките на Дечан како природна реткост се користат за здравствени потреби и затоа тука е развиен и здравствениот туризам.

**Слика бр.15 Планината Белег**



Овој регион има услови за одвивање на бројни рекреативни активности од кои најголема атракција претставува пловењето (рафтинг) по Реката Бел Дрим. Овие активности се одвиваат од страна на добро обучени и лиценцирани туристички водичи.

Најзначајни археолошки локалитети во рамките на Националниот Парк Проклетии во атарот на Дечан се следните:

- Горни Стрелци со остатоци од доцно античко доба од IV-VI век, кулата на Св. Цен и другите селски кули кои се карактеристични за цело Косово,
- Лебуша - мала и многу стара населба позната по своите куќи-кули со чардаци,
- Исниќ со три големи кули и една мошне стара џамија,
- Градот Дечан со две познати кули, една воденица и една стара џамија.

**Слика бр.16 Мапа на културното наследство во Дечан**




Најпосетени туристички места во областа на Јуник се: Врвот Ѓеравица со двете природни езера, реката Ереник, Мороница, кулите и теќињата.

Најголем број на туристи се заинтересирани за Ѓеравица каде се стигнува преку две патеки (едната патека има 7.4 км должина, а втората патека 7 км). Двете патеки се

обележани со информативни табли на кои се прикажани насоката, локацијата, изворите со питка вода, надморската височина и слично.

**Слика бр.17 Врвот Ѓеравица**



Бројот на посетители кои бараат информации во инфо-центарот во Јуник не надминува 6000 во годината, но тоа што се забележува е зголемувањето на бројот на странските туристи и организираните екскурзии од страна на основните и средните училишта.

Туристите кои го посетуваат Јуник најчесто се сместуваат во кули и стари куќи што се реставрирани и пренаменети во ноќевалишта при што постојат одлични можности за запознавање со локалната традиција и живот. Бројот на туристи што може да се смести во овие ноќевалишта не надминува 50.

Градот Јуник има многу поволна географска положба, а е поврзан со националниот парк и со населените места Ѓоцај и Јасиќ.  Целиот овој регион е богат со шуми, бачила и водени површини, а за најзначајни локалитети се сметаат десетте кули со посебно културно значење, две турбиња, две џамии, едно теќе и селските гробишта.

Во рамките на Националниот Парк Проклетии во атарот на Општина Ѓаково, туристичките локалитети се многу познати поради својата посебна природна убавина и богатото културно наследство. Тука посебно е познат археолошкиот локалитет на античкиот град Јерина и местото "Битката кај Кошаре" како зона од посебно културно-историско значење.

**Слика бр.18 Природна средина кај селото Кошаре**



### 3. Видови туризам во Проклетии

Имајќи ги предвид тенденциите и побарувачката на пазарот, во регионот на Проклетии може да се развијат повеќе форми на туризам како што се[61]:

- зимско-спортски туризам,
- здравствено-куративен туризам,
- рекреативен туризам и екскурзии,
- ловен и риболовен туризам,
- рурален туризам,
- спелео туризам,
- викенд туризам,
- стационарен туризам,
- транзитен туризам.

Имајќи ја во предвид заштитата на животната средина, во овој регион треба да се даде предност на развојот на селективните видови туризам како што се:

- еколошкиот туризам,
- руралниот туризам,
- здравствениот туризам,
- алпинизмот и рекреацијата.

За изградба на современ планински туристички центар кој ќе работи и во летната сезона, потребни се големи инвестиции и поддршка од страна на владините структури и

[61] Хасанај П., Приме на ФАС методот во функција на идентификување на туристичките потенцијали на Косово, Докторска дистертација, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, 2017, стр.116-129

институции. Врз основа на постојните можности и услови коишто постојат денес, во регионот на Проклетии може да се развиваат три видови на туризам: стационарен туризам, викенд туризам и транзитен туризам.

Стационарниот туризам[62] се карактеризира со подолг престој на гостите во различни места во рамките на Проклетии, како во текот на летната, така и во текот на зимската сезона. Проклетии им овозможуваат на туристите пријатен престој, одмор, лекување, спортски активности, алпинизам, лов и риболов. Престојот особено е погоден за семејни гости, мали деца и за работниците. Овие услови најмногу ги има на две места: Куќиште и Боге.

Проклетии имаат многу поволни услови за развој на планинскиот туризам бидејќи имаат радикално поставена вертикална вегетација, различен екосистем, пејсажи кои го земаат здивот, водени површини, чист и свеж воздух и слично.

Поради масивноста на планината, Проклетии се познати по алпинизмот (особено вториот дел од оваа планина). Овде посебно треба да се спомне местото познато како Ѓеравица, во насока на тромеѓето кај местото викано Бориќ на 2330 м.н.в. Тука спаѓаат и врвовите: Ропси (2502 м), Русолија (2381 м), Курвала (2303 м), Стрелци (2377 м), Ќени (2406 м), Копривник (2460 м), Марјаш (2530 м), Леќинати (2341 м), Лумбарди (2522 м), Хајла (2400 м), Гусан (2539 м), Кота (2130 м), Бајрак (2078 м), Кожњер (2107 м) и др.

Особено развиен е зимскиот туризам во областа на Проклетии поради одличните теренски услови, како и поради климатските услови за развој на многу скијачки дисциплини. Според одредени податоци, во зимската сезона, во Проклетии има до 30 илјади скијачи, а како најпогодни терени за развој на зимскиот туризам се оние кај Копраник, Русолија, Леќинати и Мокна. Постојат одредени планови за развој и изградба на зимски центар познат како “Спортско-рекреативен зимски центар Дукаѓини“

Атрактивноста на територијата на планината Проклетии (посебно на Руговската Клисура), културно-историските споменици во поблискиот и подалечниот регион, природните богатства и услови со кои располага, имаат посебно влијание врз

[62] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.35

привлекувањето на туристите за време на викендите[63] и за развој на викенд туризмот. Имено, поволните услови на оваа планина се значаен мотив за патување и престој за време на викендите и/или празниците. Богатото културно наследство (етнографијата, стилот на живеење на локалното население, фолклорот), особено кај регионот на Ругова, исто така претставуваат цел и мотив за патување и престој во Проклетии како туристичка дестинација.

Географската положба на Проклетии, посебно на патот Пеќ – Ќакор (доколку во иднина се исполнат сообраќајните барања и стандарди) ќе овозможи создавање на услови за пренасочување на туристичкиот промет спрема јужните делови и Јадранско Море што ќе овозможи развој и на транзитниот туризам. Треба да се истакне дека транзитните туристи[64] немаат потреба од изградба на луксузни објекти за сместување и престој, туку објекти кои ќе ги задоволат нивните основни потреби и барања. Тие објекти ќе може да се искористат и за други гости кои ќе наминат и престојуваат во Проклетии поради училишни и студентски екскурзии, обуки и семинари, едукативни работилници, научно-истражувачка дејност, различни традиционални манифестации, одмор на отворен простор, шетање, планинарење, спортски тренинзи, поголеми групни посети организирани од страна на туристичките агенции и слично.

---

[63] Ministria e mjedisti dhe planifikimit hapësinor, Agjencia për mbrojtjen e mjedisit të Kosovës, Instituti për planifik hapësinor, Plani hapësinor i Parkut kombëtar “Bjeshkët e Nemuna”, Prishtinë, Shkurt 2015, f.15

[64] Ibid, f.15

## 4. Меѓугранична соработка за развој на туризмот во Проклетии

Регионот на Проклетии зафаќа површина на три држави: Косово, Албанија и Црна Гора.

Заради овозможување на побрз развој на регионот на Проклетии, во изминатите периоди биле преземани повеќе активности од страна на овие држави во вид на заедничка соработка.

Така на пример, во 2006 година, на регионална средба организирана во Ругова - Косово, позната како "Регионална конференција за "Коалиција за Паркот на Мир на Балканот"", се основа "Балкански парк на мирот" како проект произлезен од меѓуграничната соработка на Албанија, Косово и Црна Гора, во соработка со Универзитетот "Колгате" од САД и Универзитетот "Брадфорд" од Велика Британија.

Во почетната фаза требало да се вклучат меѓуграничните општини: Пеќ, Дечан и Јуник од страна на Косово; потоа општините: Плав, Гусиње и Рожаје, со можност за вклучување и на општина Андријевица од страна на Црна Гора; додека од страна на Албанија општините: Голема Малесија, Скадар, Бајрам Цури и Валбона. Ваквиот проект бил поддржан и од страна на Министерството за култура, млади и спорт на Косово и Фондацијата "Отворено општество" - Косово.

На 26 октомври 2011 година, во Подгорица - Црна Гора, германската меѓународна организација GIZ заедно со Министерството за одржлив развој и туризам на Црна Гора, Балканскиот парк на мирот (B3P) и холандската организација за развој SNV, организирале тркалезна маса со пограничните полициски служби на овие држави околу граничните премини на Проклетии кои се наоѓаат на рутата позната како "врвови на Балканот" (Peaks

of the Ballkans). Оваа рута ги поврзува трите држави во планинска зона, а целиот проект имал за цел унапредување на развојот на планинскиот туризам во овие земји.
Освен горенаведените организации, на тркалезната маса присуствувале и други учесници: Федерацијата на алпинисти на Косово, Општина Пеќ, Министерството за трговија и индустрија, национални организации за туризмот од трите земји, претставници од различни туристички компании и други организации.

Главната цел на овој проект била да се подобрат условите за развој на туризмот во пограничниот регион на земјите (како заедничка туристичка дестинација), при што граничните премини ќе бидат така организирани што ќе им се овозможи на туристите и обожавателите на природата полесно преминување на границите.

Така, земјите се согласиле на заедничка процедура за преминување на границите, при што туристите пред да ја преминат границата требало да аплицираат најмалку 15 дена порано кај полициските служби на земјата од која тргнуваат. Патувањето на туристите требало да се организира во група, а водичот на групата требало да ја проследува целата процедура за апликација за преминување на границите.

Во јули 2018 година, Меѓународната организација SWG и организацијата GLV Agroturizam, иницирале изготвување на идеја за развој на меѓугранична мрежа во Проклетии која ќе опфати три општини: Пеќ (Косово), Скадар (Албанија) и Плав (Црна Гора). Овој проект имал за цел да поттикне поблиска соработка помеѓу различните учесници во туризмот (општини, приватен сектор, НВО и локални фармери) која ќе резултира со одржлив рурален развој на регионот на Проклетии.

Таквата иницијатива, најнапред ги зела предвид следните прашања:

- Идентификување на главните стејкхолдери и презентирање на сите можности кои тие ги имаат за поддршка на развојот пред општините и развојните меѓународни органиации,
- Запишување на учесниците во посебен регистар со цел во иднина да биде полесна идентификацијата на партнерите за апликација на проекти за меѓугранична соработка и развој на бизнисите.

Таквата соработка ќе помогне како во промовирање на локалните производи, така и во подигнување на имиџот на овој регион како атрактивна туристичка дестинација, а особено како развиена агро-дестинација во регионот.

## IV. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ТУРИЗМОТ ВО ПРОКЛЕТИИ

Агенцијата за статистики на Косово (ASK) во рамките на Одделението за економски статистики и национални сметки, од 2008 година, на секои три месеци собира и обработува податоци кои се однесуваат на угостителската дејност во Косово. Дополнителен извор на информации и податоци е и Сектор за угостителство и туризам при Министерството за трговија и индустрија (MTI).

Агенцијата за статистики на Косово ги објавува статистичките податоци за угостителството и туризмот на целата територија на Косово кои се добиени со помош на регионалните статистички канцеларии на оваа агенција (7 регионални канцеларии), а целокупниот процес се одвива врз основа на програмата за статистика на агенцијата за бројот на хотелите, бројот на вработените, капацитетите за сместување, бројот на туристите и остварените ноќевања по месеци и по земја на потекло[65].

### 1. Анализа на статистичките податоци за туризмот во туристичките места во рамки на Проклетии

Туристичкиот регион на Проклетии е многу важен регион за развој на туризмот во Косово. Во овој регион спаѓаат општините: Пеќ, Дечан, Истог, Ѓаково и Јуник. Главен центар на овој регион е Пеќ со подцентрите Дечан и Ѓаково. Поради оваа причина, во продолжение на овој труд е направена анализа на статистичките податоци за туризмот во

[65] Куќи Б., Перспективата на туристичкиот развој на Косово во рамките на европскиот туристички пазар, Докторска дистертација, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, 2017, стр.133

овие општини, посебно и сумарно, имајќи го предвид фактот дека Пеќ и Ѓаково се дел од седумте статистички региони на Косово.

### 1.1. Број на домашни и странски туристи

Од податоците во табелата бр.5 може да се забележи дека во периодот од 2015 до 2018 година, бројот на туристи во општините кои гравитираат кон Проклетии има одредени осцилации. Во 2015 година, во овој регион престојувале околу 38 илјади туристи, додека во 2016 година тој број речиси се удвоил (над 77 илјади туристи). Веќе во 2017 година има намалување на бројот на туристите (околу 71 илјада туристи), додека во 2018 година тој број се зголемил за речиси 19 илјади туристи, при што овој број изнесува 90 илјади туристи.

**Табела бр.5 Број на домашни и странски туристи во општините Пеќ и Ѓаково за периодот 2015-2018 година**

| **Година / општина** | **2015** | | **2016** | | **2017** | | **2018** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски |
| **Пеќ** | **21707** | **12694** | **28736** | **32295** | **31220** | **26093** | **42227** | **32924** |
| **Ѓаково** | **2269** | **1267** | **6782** | **9386** | **4049** | **9512** | **4339** | **10181** |
| **Вкупно Туристи** | **23976** | **13961** | **35518** | **41681** | **35269** | **35605** | **46566** | **43105** |
| | **37 937** | | **77 199** | | **70 874** | | **89 671** | |

Извор: Агенција за статистика на Косово, 2019

Состојбата е поинаква доколку се анализира бројот на домашните и бројот на странските туристи, посебно за двете општини (Пеќ и Ѓаково). Така, бројот на домашни туристи во општина Ѓаково покажува надолни и нагорни трендови, а бројот на странските туристи има тренд на зголемување. Во општина Пеќ состојбата е спротивна затоа што бројот на домашни туристи постојано се зголемува (од 21 илјада во 2015 година, на 42

илјади во 2018 година односно два пати повеќе), а бројот на странските туристи бележи одредени осцилации.

**Графички приказ бр.1 Број на туристи во Пеќ и Ѓаково во периодот 2015-2018 год.**




### 1.2. Остварени ноќевања од домашни и странски туристи

Според податоците од табелата бр.6 во периодот од 2015 до 2018 година може да се забележи дека вкупниот број на остварени ноќевања има тренд на постојано зголемување. Така на пример, во 2015 година вкупно во Пеќ и Ѓаково остварени се над 60 илјади ноќевања, а веќе во 2016 година тој број е зголемен за повеќе од двапати (околу 131 илјада ноќевања). Во 2017 година има зголемување за само 7 илјади ноќевања во

споредба со 2016 година,  додека во 2018 година тој број се зголемил за речиси 15 илјади ноќевања.

**Табела бр.6 Остварени ноќевања од домашни и странски туристи во општините во Проклетии (Пеќ и Ѓаково) за периодот 2015-2018 година**

| Година / општина | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски |
| **Пеќ** | **33857** | **17224** | **42638** | **60513** | **50684** | **63335** | **66781** | **64173** |
| **Ѓаково** | **5224** | **3836** | **10265** | **17396** | **6806** | **16712** | **6136** | **15254** |
| **Вкупно** | **39081** | **21060** | **52903** | **77909** | **57490** | **80047** | **72917** | **79427** |
| **Туристи** | **60 141** | | **130 812** | | **137 537** | | **152 344** | |

Извор: Агенција за статистика на Косово, 2019

**Графички приказ бр.2 Број на туристи во  Пеќ и Ѓаково во периодот 2015-2018 год.**



Од друга страна,  ако се анализираат ноќевањата од домашните и странските туристи посебно за двете општини, ќе забележиме дека има одредени осцилации во тој аспект. На пример, во Ѓаково во 2015 година остварени се повеќе ноќевања од страна на домашните туристи во однос на странските, а веќе во 2016 година ситуацијата е обратна и продолжува во следните две години (во 2017 и во 2018 година).

Во општина Пеќ ситуацијата е иста затоа што во 2015 година домашните гости оствариле повеќе ноќевања во однос на странските туристи, додека во 2016 и 2017 година ситуацијата е повторно обратна. Веќе во 2018 година домашните туристи повторно оствариле повеќе ноќевања за разлика од странските туристи.

### 1.3. Земја на потекло на туристите

Кога станува збор за земјата на потекло на туристите кои го посетиле регионот на Проклетии, треба да се истакне дека во Агенцијата за статистика на Косово нема податоци за оваа категорија односно нема податоци за земјата на потекло на туристите по статистички региони. Ова претставува сериозен пропуст, па затоа во следната табела е прикажана земјата на потекло на туристите кои доаѓаат воопшто на територијата на цело Косово (под претпоставка дека ситуацијата е иста или слична и во регионот на Проклетии).

**Табела бр.7 Земја на потекло на туристите** кои го посетиле Косово

| **Земја** | **2015** | | **2016** | | **2017** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Туристи** | **Ноќевања** | **Туристи** | **Ноќевања** | **Туристи** | **Ноќевања** |
| Австрија | 3365 | 4312 | 3799 | 5483 | 3006 | 4875 |
| Белгија | 1096 | 1654 | 1368 | 2022 | 1554 | 2682 |
| БиХ | 1097 | 1649 | 1384 | 2005 | 1337 | 2384 |
| Велика Британија | 2377 | 4183 | 2784 | 4671 | 2674 | 4559 |
| Франција | 1711 | 2850 | 1909 | 2934 | 2170 | 3670 |
| Германија | 6194 | 9888 | 7236 | 11814 | 8594 | 15145 |
| Грција | 622 | 1116 | 672 | 1308 | 791 | 2460 |
| Холандија | 856 | 1406 | 1260 | 2324 | 1383 | 2695 |
| Италија | 2409 | 3939 | 2542 | 3807 | 2660 | 4644 |
| Хрватска | 3883 | 5235 | 2774 | 4332 | 2331 | 3905 |
| Црна Гора | 1631 | 2646 | 1576 | 2379 | 1571 | 2713 |
| Македонија | 3124 | 4860 | 3174 | 4778 | 3363 | 5556 |
| Полска | 230 | 619 | 345 | 581 | 363 | 562 |
| Србија | 2609 | 4210 | 3113 | 4544 | 3271 | 4986 |
| САД | 6065 | 9331 | 6165 | 10483 | 5576 | 9716 |
| Албанија | 17206 | 23872 | 15082 | 20518 | 15147 | 21975 |
| Словенија | 3111 | 5289 | 3212 | 5843 | 3642 | 6879 |
| Шпанија | 266 | 581 | 185 | 285 | 197 | 333 |
| Турција | 5380 | 8373 | 6540 | 10499 | 7195 | 11536 |
| Швајцарија | 5202 | 7837 | 5574 | 9142 | 6482 | 11848 |
| Други држави | 10804 | 16819 | 13016 | 22033 | 12725 | 21613 |
| **Вкупно:** | **79238** | **120669** | **83710** | **131785** | **86032** | **144736** |

Извор: Агенција за статистика на Косово, 2019

Според податоците од табелата, во 2015 година Косово најмногу го посетиле туристите од Албанија (над 17 илјади туристи оствариле околу 24 илјади ноќевања), потоа на второ место се гостите од Германија (над 6 илјади туристи со околу 10 илјади

ноќевања), а на трето место се туристите од САД (над 6 илјади туристи со над 9 илјади остварени ноќевања).

Во 2016 година повторно на прво и второ место по број на гости и остварени ноќевања се туристите од Албанија и Германија, а на трето место доаѓаат туристите од Турција (над 6 илјади туристи кои оствариле над 10 илјади ноќевања).

Веќе во 2017 година постои разлика само кај туристите кои се на третото место по бројот на туристи и остварени ноќевања, па така, по број на туристи тука се оние од Турција (околу 7200 туристи), а по однос на ноќевањата на трето место се гостите од Швајцарија (околу 12 илјади ноќевања).

**Графички приказ бр.3 Број на туристи и остварени ноќевања според земјата на потекло на туристите кои престојувале во Косово во периодот 2015-2017 година**




Кога се анализира земјата на потекло на туристите во Косово, може да се забележи дека меѓу најчестите туристи се и туристите од Германија, САД и Швајцарија, а тоа поради фактот дека голем дел од населението од Косово привремено живее и работи во овие земји, па кога пристигнуваат во Косово се евидентираат како државјани на овие земји поради тоа што имаат пасоши од конкретната земја.

### 1.4. Капацитети и инфраструктура за сместување на туристи

Во член 3 точка 1.12 и 1.13 според Законот за туризам на Република Косово[66] угостителските објекти се делат на:

- Сместувачки единици (или угостителски објекти за сместување кои се користат од угостителски субјекти кои нудат само услуги за сместување и престој на туристите) и
- Несместувачки единици (угостителски субјекти кои нудат услуги за исхрана и пијалоци, но не и услуги за сместување).

Меѓутоа, во членот 2 точка 1.3 од Административното упатство за регулирање и развој на системот за проценка на сместувањето (MTI) бр.19/2013 донесено од страна на Министерството за трговија и индустрија на Владата на Република Косово[67] стои дека под "угостителска дејност се подразбира дејност што нуди услуги за ноќевање, исхрана, пијалоци, забава, организирање на конференции, деловни услуги и друго".

Во членот 2 точка 1.4 од истото упатство под "угостителски објекти се подразбираат хотелските резорти, хотелите, малите хотели, бутик хотели, гарни хотели, апартман хотели, хостели, мотели, ресторан мотели, ноќевалиштата, пансионите, туристичките села, етно селата, вилите, туристичките апартмани, планинските куќи, автокамповите и одморалиштата".

Од друга страна, членот 1 од Упатството за класификација и категоризација на сместувањето во Косово[68] (Административното упатството за регулирање и развој на системот за проценка на сместувањето (MTI) бр.19/2013 донесено од страна на Министерството за трговија и индустрија на Владата на Република Косово) има за цел да се определат процедурите за класификација и категоризација на угостителските објекти и работата на Комисијата за класификација и категоризација на угостителските објекти.

[66] Ligji për turizmin nr.L-04/176, Gazeta zyrtare e Republikës së Kosovës nr.14, datë 10.05.2013, Prishtinë, 2013, neni 3, pika 1.12 dhe 1.13

[67] Udhëzimi administrativ për rregullim dhe zhvillim të sistemit të vlerësimit për akomodim (MTI) nr.19/2013, sjellur nga Ministria e Tregtisë dhe Industrisë së Qeverisë së Republikës së Kosovës, neni 2

[68] Udhëzimi administrativ për rregullim dhe zhvillim të sistemit të vlerësimit për akomodim (MTI) nr.19/2013, sjellur nga Ministria e Tregtisë dhe Industrisë së Qeverisë së Republikës së Kosovës, neni 1

Капацитетите за сместување на туристите во регионот на Проклетии можеме да ги прикажеме според општините на овој регион:

**Табела бр.8 Капацитети за сместување по општини во регионот на Проклетии[69]**

| Ошштина | Капацитет | | |
|---|---|---|---|
| | Единици | Соби | Легла |
| **Дечан** | 3 | 39 | 56 |
| **Ѓаково** | 15 | 254 | 330 |
| **Истог** | 13 | 382 | 671 |
| **Јуник** | 2 | 10 | 36 |
| **Пеќ** | 58 | 760 | 1533 |
| **Вкупно за Проклетии** | 91 | 1445 | 2626 |
| **% учество** | 20.4% | 20.8% | 23.9% |
| **Вкупно за Косово:** | 447 | 6936 | 10985 |

Извор: Агенција за статистика на Република Косово, Туристичките капацитети во Косово во 2016 година, Извештај за капацитетите, Приштина, Јули 2017 година

Од податоците се забележува дека најголем капацитет за прифаќање и сместување на туристите има Пеќ со 58 објекти (хотели, мотели и слично), а најмалку општина Јуник (2 единици за сместување). Состојбата е слична и кога станува збор за бројот на собите и леглата. Овој регион учествува со 20.4% во вкупниот број на сместувачки капацитети во Косово што значи дека Проклетии учествуваат со 1/5 од вкупниот број на сместувачки капацитети во цело Косово.

### 1.5. Угостителски објекти за исхрана

[69]Agjencia e Statistikave të Republikës së Kosovës, Kapacitetet turistike (njësitë akomoduese) në Kosovë për vitin 2016, Raport për kapacitetet, Prishtinë, Korrik 2017, f.8

Угостителските објекти за давање на услуги за исхрана и пијалоци се такви објекти каде се врши приготвување и послужување храна, приготвување оброци заради консумирање на друго место, послужување на алкохолни и безалкохолни пијалоци, приготување и послужување на топли и ладни напивки.

Бројот на угостителски објекти за исхрана во регионот на Проклетии, во споредба со бројот на објекти во Косово, според податоците од следната табела изгледа вака:

**Табела бр.9 Број на угостителски објекти за исхрана во регионот на Проклетии во споредба со бројот на објекти во Косово во 2016 година**[70]

| Вид на објект за исхрана | Ѓаково | Пеќ | % учество на Проклетии | Вкупно за Косово |
|---|---|---|---|---|
| **Ресторани** | 66 | 96 | 32.1% | 505 |
| **Барови** | 47 | 55 | 31.3% | 326 |
| **Кантини и други објекти** | 1 | 3 | 50.0% | 8 |
| **Вкупно за Проклетии** | 114 | 145 | 100% | 839 |

Извор: Агенција за статистика на Република Косово, Угостителски објекти за сместување и исхрана, Приштина 2016 година

Според податоците, може да се забележи дека бројот на угостителските објекти за исхрана и пијалоци во Косово во 2016 година изнесува 839 од кои 505 припаѓаат на категоријата ресторани, 326 се барови, а само 8 објекти во земјата служат пијалоци во кантини. Притоа, од вкупниот број на објекти за исхрана во Косово, на општините од регионот на Проклетии (Пеќ и Ѓаково) припаѓаат над 32% од рестораните, над 31% од категоријата барови и дури половината од кантините.

## 2. SWOT анализа на можностите и предизвиците за развој на туризмот во Проклетии

[70]Agjencia e statistikave të Republikës së Kosovës, Objekte hotelerike për akomodim dhe ushqim, Prishtinë, 2016, f.2

SWOT анализата на оваа туристичка дестинација има за цел да ги прикаже силните и слабите страни, како и можностите и ризиците кои може да се појават за време на развојот на туризмот во овој регион.

**Табела бр.10 SWOT анализа на Проклетии**

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| 1. Постоење на дирекција на паркот;<br>2. Чиста животна средина;<br>3. Богата биолошка разновидност;<br>4. Парк богат со шуми и пасишта;<br>5. Пејзажни мотиви;<br>6. Големи водни ресурси;<br>7. Парк богат со ароматични лековити растенија и диви овошни растенија;<br>8. Голем потенцијал за развој на туризмот;<br>9. Соодветни услови за развој на добиток и пчеларство;<br>10. Добра географска положба – поставен на тромеѓе Косово-Албанија-Црна Гора;<br>11. Постоечка прекугранична соработка со која се организираат активноси за пешачење во тој планински триаголник меѓу Косово - Црна Гора - Албанија;<br>12. Постоечка мрежа на патишта;<br>13. Богато културно наследство;<br>14. Постоењето на Информативен центар - Ругова која обезбедува услуги и информации за туристите;<br>15. Многу млада популација;<br>16. Прекуграничен проект Косово - Црна Гора – Албанија во однос на пешачки патеки, познат како "Врвови на Балканот", добиена прва награда од страна на Светскиот совет за патување и туризам (World Travel and Touris Council-WTTC)<br>17. Постоење на информации преку веб-страницата;<br>18. Присуство на бачила. | 1. Недостаток на план за управување со паркот;<br>2. Несоодветно следење, заштита и зачувување на паркот;<br>3. Непланирани активности и настани;<br>4. Деградација на шумите како резултат на пожарите, болестите и неконтролираното сечење на дрва;<br>5. Закани за ендемични животни и ендемични растенија;<br>6. Неконтролирана колекција на тревни растенија и овошни дрвја од дивината;<br>7. Нагласена ерозија во паркот;<br>8. Недостаток на мрежа за вода и канализација;<br>9. Недоволен маркетинг за паркот;<br>10. Намалување на бројот на населението;<br>11. Сместувачките капацитети не ги задоволуваат барањата на посетителите;<br>12. Недостаток на места за собирање на сточарски производи |

| **Можности** | **Ризици** |
|---|---|
| 1. Вклучување на паркот во меѓународни иницијативи;<br>2. Потпишани меѓународни конвенции;<br>3. Вклученост на паркот на листите на меѓународни паркови;<br>4. Прекугранична соработка за реализација на заеднички проекти;<br>5. Конкуренција со проекти кои ќе бидат финансирани од надворешни инвеститори;<br>6. Искористување на искуствата на развиените земји за управување со паркови;<br>7. Промоција на туристички, културни и природни вредности;<br>8. Развој на екотуризам, рурален туризам, спортски туризам, рекреативен и авантуристички туризам;<br>9. Зголемување на туристичката понуда на Косово преку овој национален парк;<br>10. Развој на научно-истражувачки, културни и образовни активности;<br>11. Институционална поддршка за понатамошен развој на сточарството и пчеларство;<br>12. Зголемување на квалитетот на животот на населението во и околу паркот користејќи ги можностите за економски придобивки што ги нуди паркот;<br>13. Подигнување на свеста за вредностите и важноста на паркот. | 1. Невклучување на паркот во меѓународни конвенции, иницијативи и организации;<br>2. Соседните земји се попривлечни за инвестиции во туризмот;<br>3. Националниот парк не се "натпреварува" со парковите на другите земји;<br>4. Недостаток на инвестиции;<br>5. Лошо управување со паркот;<br>6. Ширење на хаотични настани во отсуство на просторни планови и регулатива;<br>7. Неуправување со ситуации во случај на природни катастрофи;<br>8. Присуство на рудници во населбите Ѓочај, Јасиќ и на граница со Албанија |

Одговорните институции за паркот и различни интересни групи, на патот да се заштити и зачува овој национален парк, но и да се развива за туристички цели, очигледно е дека ќе се соочат со различни предизвици кои се поврзани токму со овие две главни цели: заштита и зачувување на паркот од една страна и неговиот развој од друга страна.

# ДЕЛ ПЕТТИ:
# Најзначајни проблеми, предизвици и препораки за одржлив развој на туризмот во Проклетии

## I. ОСВРТ НА НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ПРОКЛЕТИИ

Туристичките места од овој регион може придонесат за економскиот развој не само за локалното население, туку и за националната економија воопшто. Меѓутоа, секој ден се случуваат одредени несакани појави како што се непланирани градежни работи во овие локалитети, уништување на природната средина околу овие места, неконтролирано користење на пејзажите за комерцијални цели, незаконско искокупвање на остатоците и слични негативни работи кои ја уништуваат животната средина и моноста за побрз иден развој на земјата.

### 1. Најзначајни проблеми со кои се соочува развојот на туризмот во Проклетии

Во рамки на подрачјето на Националниот Парк Проклетии може да се воочат повеќе проблеми од различна природа кои негативно влијаат на развојот на туризмот во овој регион. Најголемиот број од нив се забележани за време на процесот на подготвување на документацијата за прогласување на планината за национален парк. Притоа, некои од овие проблеми се реални и навистина постојат, додека пак некои не се реални, но се наведени во документацијата. Позначајните проблеми со кои се соочува развојот на туризмот во Проклетии се спомнати во селдните редови.

#### 1.1. Проблеми со именувањето и категоризирањето на националниот парк

Во однос на именувањето на Националниот Парк Проклетии, постоеле повеќе идеи, предлози и различни дилеми во врска со името. Најстаро и најчесто користено име на оваа планина е “Проклетии”. Не се знае точно во кој временски период оваа планина почнала да се нарекува со ова име иако за тоа постојат различни преданија. Сепак, се знае дека според сите преданија, името на оваа планина е поврзано со посебната природа на планинскиот терен.

Уште од најстари времиња жителите на оваа област се занимавале главно со земјоделство и сточарство, а стоката пасела на овие планини. Со оглед на грубоста на теренот, тешката клима и многуте опасности за луѓето и добитокот од предаторите како што се волкот, мечката, рисот и слично, овчарите ги проколнале и ги нарекле “Проклети Планини“[71] или “Клети Планини“ односно “Проклетии“.

Овие планински масиви кај народот во Косово низ историјата се познати како “Планините на Ругова”, “Албански Алпи” и слично.

Во 40-те години од предминатиот век, името на планината за прв пат се спомнува во научната литература од страна на Ами Боу. Во античко време првите податоци за овие балкански планини ги дава Клавдиј Птоломеј во “Мапите на Птоломеј” означувајќи ги како "Беризелди" и "Бертискус".

Во 1840 година, во пишувањата на Ами Боу се користи албанското име “Bjeshkët e Nemuna“ покрај називите “Албанските Алпи на Северот“, “Алпите на Југот на Европа“ и “Северни Албански Планини“, а тие имиња се среќаваат и во нејзините подоцнежни публикации (1852 година, 1866 година, 1891 година).

На крајот на 19-тиот век, односно во 1898 година, Велимировиќ за првпат го употребил терминот "Проклетије" преведувајќи го името на оваа планина од албански на српски јазик, обидувајќи се притоа да внесе и нови имиња за некои делови од планината. Така на пример, оние места кои тешко се освојувале од страна на човекот ги нарекол “Врагобије“ и “Бјело зло“.

Според податоците на самите српски автори, Јован Цвијиќ за првпат го користи терминот "Проклетије" во публикацијата објавена во 1899 година, а подоцна и во публикациите од 1913, 1921, 1924 година.

[71] Vesalaj Z., Bjeshkët e Nemuna – Perla natyrore e Kosovës, Analiza rreth ecurisë për shpallje Park Kombëtar, Regional Environmental Center, Prishtinë, 2010, f.52

Треба да се истакне дека постоеле повеќе обиди овие планини да се преименуваат во "Планините на Ругова", "Албански Алпи" и слично, но според одредени експерти од областа на јазиците, "Проклетии" (Bjeshkët e Nemuna) е најсоодветно име.

Во 2004 година поднесено е барање до Собранието на Косово и до Министерството за животна средина и просторно планирање за преименување на овие планини, а потоа е одлучено ова име да се користи службено.

Јавните дебати околу ова прашање сеуште се одвиваат, па затоа сметам дека постои проблем околу конечното именување на оваа планина.

### 1.2. Нејасни критериуми за управување со националниот парк

Во многу дебати, но исто така и од страна на пратениците на Собранието во Косово, имало дилеми околу исполнувањето на критериумите за предложениот национален парк. Критериумите за прогласување на територијата за национален парк се дефинирани со Законот за заштита на природата, кој е добро усогласен со критериумите за класификација на заштитените подрачја што ги применува Меѓународната унија за конзервација на природата (IUCN) според класификацијата од 1994 година.

IUCN како најкомпетентна институција за заштитените подрачја, побарала од владините институции уште од неговото основање националниот парк Проклетии да биде релативно поголема површина со добро дефинирани природни карактеристики.

Притоа, за да биде национален парк, областа треба да биде место[72]:

- на еден или повеќе екосистеми кои не се промениле многу или не се зафатени од човекот, каде што растителните и животинските видови, геоморфолошките

[72] Vesalaj Z., Bjeshkët e Nemuna – Perla natyrore e Kosovës, Analiza rreth ecurisë për shpallje Park Kombëtar, Regional Environmental Center, Prishtinë, 2010, f.53

области и живеалишта ќе бидат од научен, образовен и рекреативен интерес и кое содржи прекрасни пејзажи;

- каде што највисокиот државен орган презел мерки за спречување или елиминирање на експлоатацијата и окупацијата на целото подрачје, како и за зајакнување на почитувањето на еколошките, геоморфолошките и естетските карактеристики што довеле до негово прогласување за парк; и
- каде на посетителите им е дозволено, под посебни услови, да влегуваат во паркот заради едукативни, рекреативни, културни и духовни цели.

Според IUCN, националниот парк е дефиниран како заштитено подрачје кое е управувано главно заради заштита на екосистемите и заради рекреација.

Понатаму, поконкретно националниот парк се дефинира како "природна област од земјата/морето заради: заштита на еколошкиот интегритет на еден или повеќе екосистеми за сегашните и идните генерации; избегнување на експлоатацијата или несоодветното зафаќање спротивно на целите за утврдување на подрачјето под заштита; обезбедување на основа за можности за духовно уживање, образование, рекреација и посети, кои треба да бидат во хармонија со животната средина и културата.

Имено, горенаведената дефиниција е дел од Законот за заштита на природата во Косово според кој "национален парк е природна територија која е прогласена заради:

- ✓ заштита на еколошката средина на еден или повеќе екосистеми за денешните и идните генерации;
- ✓ исклучување на експлоатација или узурпација со цел да се измени и оштети природата;
- ✓ обезбедување на основи за духовни, научни, образовни, рекреативни, културни и посета во согласност со принципите за заштита на животната средина".

Законот за заштита на природата во поголемиот дел се заснова на критериумите дадени од IUCN, особено околу категоризацијата и менаџирањето на заштитените зони, па затоа овој аспект не недостасувал при консултациите околу меѓународните критериуми за националните паркови. Но, единствениот проблем овде е нејасното применување на законските одредби за Националниот Парк Проклетии.

### 1.3. Проблеми со разграничување на територијата на Проклетии

Бројот и големината на националните паркови не се ограничени и зависат од вредностите на природата и културата што ги содржи одредената територија, но и од традицијата на една земја во заштитата на природното и културното наследство.

Бројот на национални паркови во една земја исто така е поврзан со постоењето на природни вредности што можат да ги исполнат критериумите за национални паркови. Така на пример, Германија има 14 национални паркови, Јужна Африка има 21 национален парк, Турција има 33 национални паркови, Гватемала има 21 национален парк, Замбија има 19 национални паркови и слично.

Дури и површината на парковите не е ограничена и зависи од вредностите што ги има таа природната област. Меѓутоа, општ консензус е дека површината на еден национален парк мора да биде таква што ќе овозможи спроведување на целите за кои е прогласена како заштитена област. Подолу се дадени податоци за три од најголемите и најмалите паркови во светот

Нацрт-законот за предложената област на Националниот Парк Проклетии произлезе по мерењата на терен во 2003 година кога беше објавена последната студија за оправданост. За дефинирање на ова подрачје, ГИС-секторот на МЖСПП ги искористил основните критериуми: максимално избегнување на населени места во планинскиот дел на Проклетии (јужната граница на паркот), следење на вертикалната надморска височина на теренот и пренесување на мапа на сите добро сочувани области на вегетација.

Предложената област според Нацрт-законот за националните паркови, за двата национални паркови беше следната: 101.398 ха вкупна површина на парковите, од кои површината на Проклетии изнесува 62.398 ха. Оваа област опфаќа околу 5,73% од територијата на Косово.

Во однос на границата и разграничувањето на територијата на паркот, се разликуваат три аспекти: надворешна граница на паркот, граница помеѓу општините и граница на Националниот парк со Црна Гора во областа. Иако од аспект на надворешните

граници и границите помеѓу општините не се сретнуваат сериозни проблеми, сепак овој проблем бил ставен на дневен ред на пленарна седница на Собранието на Косово. Овој проблем бил решен со констатацијата дека Законот за национални паркови не може да реши проблем на меѓудржавна граница.

Вреди да се истакне дека активистите за заштита на животната средина неколку пати го покренале проблемот дека границата со северо-западниот сосед “се движи надолу“, но никогаш не добиле соодветен одговор. На крајот на 2009 година ова прашање беше отворено со поставување на граничниот премин со Црна Гора на околу 5 километри во територијата на Косово. Сепак, проблемите со границата со Црна Гора се чини дека не претставуваат пречка за прогласување на Националниот парк.

### 1.4. Нејасно дефинирање на стриктните зони, заштитените зони и економските зони во рамки на Проклетии

Современите практики не ги третираат националните паркови како “зона на карантин“ каде што секоја активност е забранета. Сосема спротивно, тие се области кои силно го промовираат одржливиот развој и поради тоа се наоѓаат на мапите на сите туристички водичи во државите.

Согласно Законот за заштита на природата[73] и Предлог-законот за националните паркови, во рамките на Проклетии разликуваме три зони и тоа: зона I, зона II и зона III.

Многу забелешки се направени во однос на степенот на заштита на првата зона или на строго заштитените подрачја во паркот. Тие се области кои се заштитени од понатамошните закани за ретките и загрозените видови растенија и животни. Имено, тие се ригорозно заштитени резервати во паркот (вкупно ги има 4 зони со вкупна површина од 210 ха или само 0.3% од територијата на паркот).

Според истражувањата, идентификувани се и други зони кои треба да се прогласат за стриктни или ригорозно заштитени зони поради исклучителната вредност на целиот биодиверзитет. Тоа се: Хајла, Неќинат, Жлеб и Русолија.

[73] Ligji për mbrojtjen e natyrës, Nr.02/l-18, datë 23 mars 2005, Prishtinë 2005

Сепак, речиси сите географски области наведени погоре се далеку од населените места и мала е веројатноста дека ќе го попречат економскиот развој и активности во предложената област. На крај, дури и стриктно заштитените зони како површина да се умножат за 2-3 пати, нема да имаат некои посериозни влијанија врз ограничување на економските  активности на локалното население.

Практиката на управување со националните паркови покажува дека само строго заштитените зони може да имаат импликации врз економските активности на жителите во одредената област само доколку се мошне блиску до населените места и доколку зафаќаат големи површини што во случајот на Проклетии не е така.

### 1.5. Нерегулираност на компензациите за користување на имотот во Националниот Парк Проклетии

Надоместокот за ограничување на користењети на имотот во рамките на Националниот Парк Проклетии треба да биде дел од законот. Досега, по однос на ова прашање се смета дека целокупниот приватен имот кој се наоѓа во рамките на паркот треба да се компензира. И не случајно, повеќе лица покренале иницијатива меѓу населението дека треба да побараат компензација за ограничувањето за користење на нивниот имот како услов за прогласување на националниот парк. Оваа идеја жителите отворено ја поддржале во многу дебати.

Прашањето е, дали ќе биде ограничено правото за компензација и за кои зони тоа ќе е дозволено? Според експертите кои добро го познаваат концептот на националниот парк и околностите околу проширувањето на строгите заштитени зони,  зоните за кои ќе одобри компензацја ќе бидат многу мали. Во нацрт-законот, прашањето за компензација (член 12 од нацрт-законот) е многу јасно регулирано.

### 1.6. Имотно-правни проблеми и потешкотии

Проблемите поврзани со имотно-правните односи се чини дека биле едни од главните пречки за усвојување на Предлог-законот за прогласување на националниот

парк. Тука се наведуваат проблемите со имотот на државата и локалната заедница, а особно со имотите на жителите на предложеното подрачје за национален парк. Како поважни проблеми се: денационализацијата на имотот, правото на користење на имотот и слично.

### 1.7. Институционални и политички конфликти на интереси

На таква голема територија која е предложена за национален парк, нема сомневање дека постојат конфликти на интереси, иако сите се согласуваат дека таа планина треба да биде заштитена. Политичките конфликти се забележаа веднаш откако беше испратен на видување првиот предлог-закон до пратениците иако тие не беа толку многу изразени во јавноста.

Во тоа време, министерот кој доаѓаше од националниот парк (поконкретно од Пеќ) припаѓаше на друга партија (ААК) од мнозинството во Собранието на Косово (ЛДК) и покрај тоа што беше дел од истата влада (Владата на Реџепи, 2002-2005 година). Дури и градоначалникот на Пеќ кој припаѓаше на ЛДК и потекнува од тој регион каде што исто така има свој електорат, не сакал мала партија да даде таков голем “кредит“ за да ги прогласи Проклетии за национален парк, без оглед на добрата заедничка цел.

Ист случај беше и со следната избрана влада и покрај фактот што тие две партии беа во коалиција. Значи, заради политичките каприци Проклетии како национален парк остана запоставен природни дијамант.

Од друга страна, постоеле и постојат и институционални конфликти околу прогласувањето на Националниот Парк Проклетии. Така, општините околу Проклетии сметаат дека со прогласувањето за национален парк, на општините им се зема одредена територија односно површина. На пример, општинските власти во Пеќ се спротивставија на прогласувањето на национален парк на Проклетии поради фактот дека 50% од територијата на општината ќе се одземе и ќе припадне на овој национален парк, а со тоа и ќе им се одземат и надлежностите да управуваат со оваа територија.

Исто така, присутен е конфликтот помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Министерството за земјоделство, шумарство и рурален

развој (МЗШРР). Во тоа време постоеле повеќе обиди за надминување и разјаснување на надлежностите кои ги збунија двата основни закони на кои работеле двете министерства.

Од една страна, МЖСПП управува со заштитените подрачја во Косово, додека МЗШРР управува со шуми и шумско земјиште вклучувајќи ги и оние внатре во националните паркови. Имено, едната институција ја заштитува природата, додека втората има за цел експлоатација на шумските ресурси.

Поради ова, претставниците на Агенцијата за шуми на Косово (АРК) сметаат дека со прогласувањето за национален парк, на МЗШРР ќе им се одземе правото на експлоатација на шумите за најмалку 25%, особено на најпродуктивните шуми во земјата. Но, од друга страна, и оваа агенција постојано се противи на прогласувањето на националниот парк затоа што би било потешко да се управува со шумите на националниот парк, па дури во еден момент во предлог-законот имало идеја сите шуми да потпаднат под агенцијата, што тоа никогаш не се остварило.

### 1.8. Проблеми со управување на националниот парк

Според законот во Косово, национален парк се прогласува од страна на Собранието со посебен закон. По објавувањето, Владата е должна да формира Управа за администрација на националниот парк. Сепак, дури и денес, управувањето со Националниот Парк Проклетии не се спроведува на најдобро, што претставува огромен проблем во неговото работење и заштитата на животната средина.

### 1.9. Недоволни инвестиции во Проклетии

Инвестициите во регионот на Проклетии се на мошне ниски и сосема недоволни. Ова е главната причина што поголемиот дел од жителите го напуштија овој регион и бараат можности за подобар живот надвор. Патиштата (со исклучок на патот кај Руговската Клисура асфалтиран до село Куќиште) се покриени само со песок и чакал. Дури и за село Боге, кое треба да биде "втора Брезовица" на Косово, патот не е асфалтиран и сите оние кои сакаат да скијаат треба мачно да поминат неколку километри неасфалтиран пат за да стигнат до теренот, а на зима тоа е можно само со посебно теренско возило.

Во едно истражување направено на терен, меѓу трите најголеми проблеми во овој регион се наведува слабиот квалитет на патната мрежа. Во овој регион има само две училишта: едно во селото Дрелај и едно поголемо училиште во селото Штупеќ. Системот за водоснабдување недостасува, но жителите имаат среќа затоа што местото има голем број на водни ресурси кои се лесно достапни, не само за жителите, туку и за деловните објекти во тој регион.

Системот на канализација е застапен само со септички јами, додека во најлош случај канализацијата од семејните куќи и деловните простори (ресторани) се излева директно во водите на планината. Електричната мрежа е амортизирана и тешко се одржува, особено во текот на зимата.

Само приватните инвеститори со големи напори и предизвици и без никаква институционална поддршка успеваат да направат некои инвестиции, главно во форма на хотелски објекти и ресторани.

**1.10. Масовно сечење и деградација на шумите**

Ова злосторништво во рамките на Националниот Парк Проклетии постојано се спроведува, како со законска, така и со незаконска сеча. Друг проблем е палењето на

шумите што се случува сè почесто во последниве години. Одредени податоци за степенот на легално или нелегално сечење на шумите покажуваат дека престапниците тешко е да се пронајдат, но едно е јасно: количината на сеча на дрва е многу голема и алармантна затоа што секој ден помалку и помалку дрвја остануваат во шумите на Проклетии.

Сечењето на шумите, исто така носи други сериозни проблеми, каде освен губењето на дрвената маса која треба со десетици години да се регенерира, се рефлектира на дисбалансот на екосистемите, нарушување или уништување на пејзажот, нарушување на мирот на животните, засилување на процесот на незапирлива ерозија на земјиштето, забрзување на ефектот на стаклена градина, зголемување на количината на јагленороден диоксид и намалување на можноста за негово прочистување и создавање на кислород.

### 1.11. Уништување на биодиверзитетот и животната средина

Регионот на Проклетии се карактеризира со големо богатство на биолошка разновидност (богат растителен и животински свет), но за жал, со децении наназад, па дури и денес, ова богатство е под постојана закана од уништување и исчезнување. Ова се случува поради фактот што националниот парк не е регулиран со закон, па владините институции имаат спротивставени цели: повеќе да се експлоатираат ресурсите (АРК), отколку да бидат заштити (МЖСПП). Значи, “борбата на терен“ помеѓу корисниците и заштитниците на Проклетии моментално ја добива прво споменатата институција (Агенција на шумите во Косово – АРК).

Постојат многу ендемски и растителни реликтни видови, особено ретките видови на дрвја, кои сото сечење се доведени до работ на целосно уништување. Исто така, постојат докази дека постоењето на некои животински видови, особено на големите цицачи, веќе е дискутабилно. Дивата коза (Rupicapra rupicapra) постојано се лови, па се наведува дека ја ловат дури и со калашникови.

Исто така, забележано е дека кафеавата мечка (Ursus arctos) и рисот (lynx lynx) го стесниле својот ареал односно живеалиштата поради големата деградација на шумите во Проклетии. Овие животни се загрозени на глобално ниво, но се заштитени со сите меѓународни конвенции за заштита на живите видови.

### 1.12. Нелегални и неконтролирани градби

Оваа појава е присутна во секој дел од Националниот Парк Проклетии. Постојат повеќе хотели и ресторани, куќи за домување и слични објекти изградени во последните години од кои поголемиот број се изградени без дозвола за градење и без почитување на никакви критериуми при градбата. Ова е последица на отсуството на просторен план за оваа зона, па затоа и тие објекти не исполнуваат никакви урбанистички, просторни и еколошки критериуми.

Нелегалното и неконтролираното градење најмногу зеде замав во 2003 година кога се реактуелизира прогласувањето на Проклетии за национален парк. Целиот проблем настанал заради мислењата дека после прогласувањето на национален парк, во тој регион нема да се дозволат никакви градежни активности што поттикнало многу физички и правни лица да “побрзаат“ со градење на објекти и да го искористат временскиот вакуум.

Одредени објекти немаат ниту канализациона мрежа, па дури ни септички јами за третирање на отпадните води, па како резултат на тоа сите отпадни води се влеваат во реката Лумбарди кај Пеќ и Дечан. Уште позагрозени зони од националниот парк заради беспаравна градба и присуство на тврди објекти се оние кај Ругова, Боге и Неќинат.

## II. МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ТУРИСТИЧКИОТ РЕГИОН НА ПРОКЛЕТИИ

Соочени со горенаведените проблеми, сите ние мора да преземеме одредени активности кои имаат и практична и техничка природа, во насока на развојот на туризмот или на одредени видови на туризам на тие места.

Подигнувањето на нивото на свеста за природните и културните вредности на археолошките локалитети за економските придобивки кои можат да настанат, може да се случи ако за тоа се однесуваме одговорно и коректно. Денес и во иднина треба да се обидеме да ги спречиме штетните влијанија врз природата и културното наследство.

Од друга страна, искористување на природните ресурси (пасишта, лековити билки и шумски овошја) треба да биде во хармонија со законите за заштита на животната средина и на културното и историското наследство.

Проклетии како регион има големи можности за развој на екотуризам и културен туризам, а тоа со себе носи и развој на традиционалното земјоделство што не е во спротивност со законите на природата, туку тоа бара активно управување или менаџирање. Во тој дел треба да се има предвид и планирањето на активностите во археолошките локалитети како што се градење, доградба и реконструкција, како и заштита на оштетените традиционални објекти во функција на развојот на туризмот и на тие места.

### 1. Најзначајни мерки и препораки за одржлив развој на туризмот во Проклетии

Создавањето на нова туристичка понуда на локалитетите, изготвувањето на соодветни програми за посета од страна на различните групи на туристи (изготвување на програми од научен карактер, рекреативни научни активности и истражување на природата и локалитетите), како и меѓуопштинска, погранична и меѓународна соработка за развој на локалитетите и заштита и зачувување на природата околу нив, ќе помогне да се развие туризмот во целиот регион кој опфаќа територии на повеќе држави.

Ова би придонесло Косово да стане поконкурентна дестинација на туристичките пазари поради богатството со природни и културни ресурси, но само со почитување на принципите на одржливост и стандардите за развој на туризмот. Тоа би овозможило да се

развие и целата територија на Косово што би помогнало за спреќување на иселувањето и враќање на населението кон своите корени и традиција.

Позначајните мерки и препораки за одржлив развој на туризмот и заштитата на животната средина во Проклетии кои се однесуваат на природното наследство и на културно-историското наследство во овој регион се прикажани во следните редови.

### 1.1. Правилно управување со Националниот Парк Проклетии

Територијата на Националниот парк “Проклетии“ има природни вредности од исклучително значење за Република Косово и пошироко за целиот регион. Затоа заштитата, зачувувањето и искористувањето на овие вредности се од посебен национален и заеднички регионален и меѓународен интерес.

Имајќи го тоа во предид, многу важно е помирувањето меѓу сите засегнати страни за прогласување на одредената област за национален парк од страна на Владата на Косово. Предизвикот за управување со паркот претставува посебна задача на администрацијата на паркот како орган кој решава за сите проблеми поврзани со планирањето, регулирањето, управувањето и контролата на развојот на паркот.

Постоењето и функционирањето на повеќе субјекти кои управуваат со одредени средства во паркот претставува посебен предизвик во однос на соработката меѓу нив и координацијата на работата. Во случај на недостиг на координација на нивната активност, се создава простор и можност за деградирачки активности или оправдувања за непостапување во корист на паркот, а поврзани со поделбата на одговорностите.

Во овој момент, на пример, за управување со шумските ресурси на паркот одговорни се три субјекти кои имаат свој “уддел“: Дирекцијата на Националниот Парк “Проклетии“ која е дел од МЖСПП, Агенцијата за шуми на МЗШРР која управува со речиси сите шуми во Косово и на крај општините кои според Законот за шуми се одговорни за управување со шумите на нивните општински територии.

Со право се поставува прашањето: Дали е подобро националниот парк да се управува од страна на еден или повеќе субјекти? Управувањето со паркот од страна на Дирекцијата на Националниот Парк Проклетии како координатор на активностите на

другите субјекти врз основа на внатрешниот правилник и владината контрола, би ги спречило потенцијалните конфликти и меѓусебни обвинувања кои би настанале во управувањето поради евентуалното неизвршување на работите.

Во овој случај, шансите за подобро управување се пореални, а управувањето со паркот би било полесно и попрактично. Администрирањето на националниот парк ќе биде поуспешно ако тоа е во согласност со просторниот план за управување со паркот и во согласност со другите регулаторни планови.

### 1.2. Заштита и зачувување на животната средина во регионот на Проклетии

Многу индивидуални или колективни активности што се случуваат во нашиот животен простор се неконтролирани и некомпатибилни со европските норми и стандарди за животна средина.

Овој негативни активности, меѓу другото, се должат на недостатокот на просторни планови и планови за управување со одредени области на централно и локално ниво. Националниот Парк Проклетии има многу добра географска положба, богат релјеф, високи планини, клисури, реки, пејзажи, пасишта, богата флора и фауна кои го сочинуваат атрактивно место за посета и за развој на туризмот.

Предизвик е како да се заштити паркот од антропогена деградација и загадување на природните екосистеми и рационално да се користат ресурсите за негов иден развој.

Во овој поглед, важен елемент е создавањето на прекугранични програми (Косово, Албанија и Црна Гора) за идентификација, оценување, заштита, управување и планирање на природните богатства на паркот во согласност со принципот на супсидијарност на Европската повелба за локална самоуправа.

Нелегално сечење на шумите внатре во паркот и тампон-зоната на општествениот и приватниот имот е актуелен феномен во паркот.

Уништувањето на биодиверзитетот значи намалување на бројот на растителни и животински видови. Зачувувањето на биолошката разновидност, особено на ендемичните растителни и животински видови, е неопходно за да се зачува еколошката рамнотежа. Потоа, природните катастрофи кои се појавуваат во различни форми, како што се

ерозијата на површината на земјата, шумските болести, пожарите, лавините предизвикани од природни и антропогени фактори, го загрозуваат природното богатство на Проклетии.

Водата, воздухот и почвата во регионот на Проклетии не се многу загадени, иако во последно време загадувањето почнува да се зголемува. Во овој регион нема значителен индустриски развој и транспорт кои се едни од најголемите загадувачи на животната средина воопшто, па затоа квалитетот на елементите на животната средина е прилично добар. Меѓутоа, од друга страна, другите негативни активности како што се фрлањето отпад, сечењето дрва, ерозијата поради градење на нелегални туристички објекти, неконтролираното користење на шумите, секако дека влијаат врз загадувањето и деградацијата на животната средина.

Пренесувањето на дел од надлежностите и обврските од централната на локалната власт во процесот на децентрализација наложи идентификување на приоритети, мерки и активности кои треба да го олеснат трансферот на надлежностите. Согласно законите од областа на животната средина апроксимирани со Европските директиви од соодветната област, како и надлежностите на општините во регионот на Проклетии, евидентна е потребата од преземање на голем број мерки и активности за спроведување на истите.

Изработката на стратегија за заштита на Националниот Парк Проклетии треба да биде првиот документ како почетна точка во тој долгорочен процес. Постигнувањето на целите, многу често претпоставува имплементација на мерки и активности на среднорочен и долгорочен рок. Ревидирањето на сите други документи, како и набљудувањето и оценувањето на самиот процес на спроведување, се активности кои ќе треба континуирано да се одвиваат.

Воспоставувањето на ефикасен систем за управување со животната средина е голем предизвик и обврска. Во тој процес, најголема улога има националната власт, но и сите други заинтересирани страни кои треба да бидат дел од системот. Многу важна алка во овој систем е и општините кои гравитираат кон Проклетии.

Решавањето на проблемите од областа на животната средина во регионот на Проклетии меѓу другото треба да вклучува:

Обезбедување на соодветен административен апарат за спроведување на законските надлежности, идентификација на проблемите и спроведување на активностите за заштита на животната средина на локално ниво;

Градење на капацитет кај општините во сите домени на заштитата на животната средина, вклучувајќи воспоставување на инспекција, спроведување на прописите, мониторинг, издавање на дозволи и други надлежности;

Обука и насочување што треба да го организира централната власт, во соработка со општините и другите институции и организации, со цел да се усмери и забрза фазата на транзиција и да се обезбеди соодветна вертикална координација помеѓу тие субјекти;

Подготвување на планови за имплементација на европски директиви што бараат големи вложувања, како што се директивата за вода за пиење, директивата за пречистување на урбани отпадни води, директивата за депонии и слично;

Подготвување и ажурирање на стратегиите како значајни документи;

Подготвување на други плански документи за заштита на животната средина на локално ниво, но и на меѓународно ниво во регионот на Проклетии;

Воспоставување на заеднички организациони регионални структури за решавање на проблемите од животната средина;

Развивање на инструменти и механизми за решавање на еколошките проблеми и за исполнување на новите обврски;

Можности за финансирање на локално ниво (координирање на локалните фондови со финансиското планирање на државно ниво);

Достапност на информациите за животната средина на јавноста;

Едукација и активно учество на јавноста во процесот на донесувањето на одлуки во врска со животната средина;

Транспарентност и одговорност во процесот на одлучување.

При планирањето и изведбата на новите проекти секогаш треба да се имаат во предвид влијанијата кои може да произлезат од нивната реализација кои вклучуваат социо-економски влијанија, финансиски влијанија, како и влијанијата врз животната средина.

Воведување на стандарди за заштитата на животната средина во НП Проклетии според искуството на странските земји.

Надлежните институции во Проклетии мора да вршат редовен мониторинг на капацитетите на сите субјекти кои вршат одредена дејност во националниот

парк и на нивното влијание врз животната средина. Во таа насока континуирано треба да се следат количините на сите штетни материи што се испуштаат во природата и тие податоци транспарентно да се објавуваат. Потоа, врз основа на утврдените податоци за емисии во сите медиуми, се предлагаат адекватни мерки за нивно намалување или спречување: рекултивирање и пошумување на експлоатираните зони, прочистување на отпадните води, рециклирање на отпадот итн.

### 1.3. Заштита и унапредување на културните вредности на територијата на Проклетии

Националниот Парк Проклетии и населбите околу него се познати по исклучителната вредност на културното наследство кое епретставено преку старите куќи, кули, археолошки локалитети, манастири, традиционална храна и пијалоци, обичаи, верувања, манифестации, ора, песни, традиционална облека, стари занаети итн. Зачувувањето, експлоатацијата, промоцијата и понатамошниот развој на овие вредности претставува посебен предизвик за идниот развој на овој национален парк. Сето тоа би довело до побрз развој на туризмот и економскиот развој на регионот.

Разновидноста на културното наследство претставува потенцијал за развој на различни видови туризам во регионот ( рурален туризам, еко-туризам, културен туризам, верски туризам, гастрономски туризам, манифестационен туризам итн)., за меѓуопштинска соработка помеѓу општините кои се дел од националниот парк, како и за меѓудржавна соработка во областа на развој на туризмот помеѓу Косово, Албанија и Црна Гора.

### 1.4. Рационално искористување на природните ресурси

Регулирањето и користењето на националните паркови во една земја обезбедува можности за економски придобивки. Територијата на Проклетии како просторна целина

се карактеризира со големо богатство на природни вредности и разновидни пејзажи кои имаат научно, образовно, културно-историско, рекреативно и туристичко значење, а сите заедно се потенцијал за економски развој.

Како да се зачуваат и рационално да се искористат природните ресурси во функција на економскиот развој имајќи предвид дека во одреден степен се евидентни одредени негативни активности: неконтролирано сечење на шумите, непланирана и недозволена градба, неконтролирана експлоатација на пејзажите за комерцијални цели кои ја деградираат животната средина и идниот развој на паркот?

Во однос на тоа прашање, предизвик се практичните и техничките прашања поврзани со експлоатацијата на Националниот парк “Проклетии“, како што се:

- Зголемување на признанието за можностите на природните и културните вредности на НП Проклетии за економски придобивки;
- Преземање на мерки од страна на соодветните институции за спречување на штетните и недозволени активности во националниот парк;
- Користење на пасиштата, ароматичните билки, дрвја и дивите плодови во согласност со Законот за заштита на природата и другите релевантните закони;
- Поттикнување на развоотј на еко-туризмот и традиционалното земјоделство кои не се во спротивност со заштитата на природата, но кои бараат активно управување;
- Планирање на идниот развој на паркот: изградба, реконструкција и заштита на традиционални објекти, како и развојот на туризмот во паркот;
- Креирање на атрактивна и нова туристичка понуда во корист на економскиот и туристичкиот развој на паркот;
- Креирање на различни програми кои се погодни и атрактивни за различни групи посетители;
- Креирање на програми за рекреативни и научно-истражувачки активности;
- Меѓуопштинска, прекугранична и меѓународна соработка за развој на НП Проклетии;
- Преземање на активности за барање на признавање на Проклетии од страна на WTTC (Светски совет за туризам), како што е случајот со проектот “Балкански врвови“ (Balkan Peaks), организирано од Општина Пеќ;

- Преземање на мерки за зголемување на конкурентноста на Косово како туристичка дестинација на туристичкиот пазар во регионот и пошироко.

## 1.5. Заживување на традиционалните активности во општините во рамки на Проклетии

Во рамките на регионот на Проклетии постојат значителен број автохтони населби кои обезбедуваат многу можности за развој на туризмот во целина, а особено на руралниот туризам. Овие населби во голема мера се од дисперзиран тип, во високи ридови и опкружени со природни пејзажи.

Во поголемиот дел од овие населби, особено кај населбите кои се на територијата на Пеќ и Дечан, постои посебна култура на облекување на населението и различни манифестации кои тоа ги практицира во текот на нивниот живот, кои се прилично примамливи за локалните и странските туристи. Овој регион е познат по својата специфична облека, песни и ора, за разлика од другите делови на Косово.

Таквата култура, се наследува и се пренесува од генерација на генерација, но денес како последица на модерните текови во процесот на живеење на луѓето, постојат тенденции кои сакаат да ги заменат овие традиции со новите нешта, така што старата традиција би можела да биде само минато. Ова претставува многу проблем за кој локалните институции и државата во целина треба да размислат многу добро доколку сакаат да ги заштитат и зачуват вистинските автохтони вредности на овој регион.

Зачувувањето и култивирањето на традицијата има позитивен ефект врз развојот на националниот парк Проклетии и врз развојот на туризмот воопшто. Токму соединувањето на културните со природните вредности како атрактивен фактор за туристите треба биде еден од приоритетите на стејкхолдерите при процесот на планирање на развојот на туризмот во овој регион . Ова  несомнено ќе има позитивно влијание врз развојот на туризмот во регионот, како и врз целокупниот економски развоја на Проклетии.

### 1.6. Планирање и  развој на инфраструктурата

Функционирањето на паркот во голема мера зависи од постоењето на соодветна инфраструктура (мрежа за водоснабдување, снабдување со електрична енергија, канализациона мрежа, патишта и сл.) која ќе го олесни живеењето на чуѓето во овој регион и ќе го забрза развојот на туризмот, како и целокупниот економски развој во регионот.

Националниот Парк Проклетии има голем потенцијал за развој на туризмот, но тој не може да се искористи без претходно развивање на соодветна инфраструктура што претставува основа за секаков вид на развој. Во овој момент, физичката инфраструктура не е на ниво кое ќе го направи овој регион посакувано место за посета од страна на туристите и ќе придонесе за развој на туризмот. Освен тоа, сегашната инфраструктура во овој регион не е ниту на ниво кое би ги задоволило потребите на жителите од ова место. Ова многу лесно може да се согледа од фактот што  пристапот до некои населби во паркот е доста тежок поради лошите патишта, па таму може да се стигне каде само со 4x4 теренски возила. Значи, неопходни се итни инвестирања во инфраструктурата на овој регион.

Исто така потребно е да се прилагодат и планинските патеките за посетителите. Инфраструктурата која го подржува развојот на скијачките активности во паркот е несоодветна и не ги задоволува барањата на скијачите. Во ниедна населба во паркот не е инсталиран јавен систем за водоснабдување или отпадна канализација. Во паркот нема мрежа за фиксна телефонија, а во некои населби нема сигнал за мобилна телефонија. Само две населби во паркот имаат интернет, а ниту една населба во паркот не е покриена со телевизиски сигна,  ниту пак има кабелска телевизија.

Токму горенаведените недостатоци и проблеми во инфраструктурата треба да се елминираат во што е можно пократок временски период. Државните и локалните власти мора да ги приоритизираат потребите и да направат одредени поголеми инвестиции во патната инфраструктура, енергетскиот систем, водоснабдувањето и канализацијата, како и во телекомуникациската мрежа со цел да се стимулира развојот на туризмот во овој регион, а како резултат на тоа и целокупниот економски развој на регионот бидејќи

ваквата состојба како што е сега нема да донесе ниту нови туристи, нитун пак повеќе туристи во регионот. За да бидат мотивирани туристите да посетат некоја туристичка дестинација, неопходно е во таа дестинација да бидат задоволени основните минимални услови за престој и за задоволување на човечките потреби (од вода, електрична енергија, телефонска мрежа, телевизија, интернет, канализација, пристап до туристичкото место). Во спротивно, без оглед на богатството со природни реурси и културно-историските знаменитости со кои располага една дестинација, доколку во неа не можат да бидат задоволени претходно наведените основни потреби на човекот, таа нема да биде посетена од страна на туристите.

### 1.7. Други мерки и препораки за развој

Туристички места во овој регион може да се искористат во насока на економски развој на тие места, не само за локалното население, туку и за националната економија воопшто. Регионот на Проклетии располага со мноштво природни и културно-историски потенцијали од материјален и нематеријален карактер што може да помогне во развојот на туризмот, економскиот развој на општините на чии територии се наоѓаат Проклетии, како и на целата националната економија.

Меѓутоа, секој ден се случуваат одредени негативни појави како што се непланирани градежни работи во рамките на тие локалитети, уништување на природната средина во и околу овие места, неконтролирано користење на пејзажите за комерцијални цели, незаконско ископување на остатоците и слични негативни работи кои ја уништуваат животната средина и го попречуваат забрзаниот развој на туризмот во оваа дестинација.

Соочени со овие проблеми, мора да се преземат одредени активности кои ќе придонесат за заштита на животната средина и рационално управување со ресурсите во рамките на овој регион со што би се овозможил правилен и забрзан развој на туризмот. Во тој контекст, како најзначајни препораки за одржлив развој на туризмот и заштита на животната средина се следните[74].

[74]Министерство за животна средина и просторно планирање на Владата на Република Косово, Агенција за заштита на животната средина и Институт за просторно панирање, Просторен план за Националниот парк “ПроПроклетии“, Приштина, 2015 година, стр.49

- Создавање на основни предуслови за посета на овој регион и неговите природни ресурси од страна на туристите што претставува еден од најважните фактори за економски развој и главен услов за развој на туризмот во дестинацијата, но имајќе ги во предвид сите мерки за заштита и зачувување на биодиверзитетот и животната средина, како и принципите за одржливост,
- Правилното управување со природното богатство во овој регион треба да се сфати како придонес за зачувување на разновидноста на природата и зацврстување на идентитетот на дестинацијата во целина,
- Креирање и подигнување на еко-свеста за заштита на природните богатства и ресурси кај сите чинители од обласа на туризмот, а посебно кај посетителите што го посетуваат Националниот Парк Проклетии,
- Инвентаризација на биодиверзитетот во Националниот Парк Проклетии,
- Објавување на специфичните видови на животни и растенија,
- Заштита на реликтните, ендемореликтните и автохтоните видови на флора и фауна,
- Заштита на сите видови на шумска флора и фауна од деградација, ловокрадство и дрвокрадство,
- Преземање на мерки и активности од страна на засегнатите субјекти за заштита на еколошките елементи (вода, воздух и почва) од загадување и деградација,
- Постојано мониторирање на водените површини (извори, реки, езера и други морфолошки појави) од деградација,
- Одредување на режим на користење на природните ресурси од страна на инволвираните субјекти кои управуваат со паркот и режим на нивна посета од страна на туристите со цел да не се дозволи оптовареност на капацитетот на дестинацијата и да не се предизвикаат негативни повратни ефекти врз животната средина,
- Обезбедување на соодветна инфраструктура која е неопходна за тие зони и објекти,
- Реконструкција на објектите со цел зачувување на автентичноста,

- Меѓуинституционална соработка помеѓу владините и невладините организации на централно и локално ниво.

Кога станува збор за заштитата и зачувувањето на културното наследство (историјата, традицијата, храната, песните и ората, облеката, ритуалите и обичаите) како идентитет што треба да се проследи на следните генерации, како најзначајни мерки и активности што би требало да се преземат од страна на соодветните институции се следните:

- Да се преземат мерки и активности од страна на соодветните институции за заштита на културно-историското наследство од уништување и злоупотреба и да негово користење на одржлив начин за да може да биде достапно и за идните генерации,
- Вклучување на културното наследство (археолошко, архитектонско, материјално и духовно) во сите просторни планови, планови за туристички развој и планови за развој на општините и за развој на цело Косово воопшто,
- Изготвување на планови за конзервација и менаџирање со зоните од културно и историско значење за сите општини,
- Изнаоѓање на форми на јавно-приватно партнерство со цел зачувување и одржување на сите локалитети од културно значење,
- Организирање на активности во форма на изложби, поставки, саеми, концерти, фестивали, културни настани каде ќе се изложи целокупното културно и историско наследсво (адети, ритуали, ора, музика, песни, занаетчиски производи, уметнички дела, храна итн.),
- Промовирање на културното, историското, материјалното и духовното наследство на дестинацијата на различни начини во туристички цели, научни цели, образовни цели преку организирање на различни настани по училиштата, екскурзии до археолошките локалитети, изложби на слики и други школски активности,
- Доколку постои можност, одредено објекти да се реконструираат и пренаменат во музеи за да се изложат националната облека, керамика, садови, оружја,

декоративни елементи, алатки за работа, музички инструменти и други домашни предмети од дрво кои се користеле за приготвување на храна и пијалоци, за лов, за борба и за целокупниот начин на живеење на локалното население, а кои се типични за тие места и предели,

- Поддршка на сите проекти кои ќе поттикнат развој на занаетчиството и култивирање на традициналната и локалната гастрономија.

**ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ**

За реализација на ова истражување се користеше лично интервју од повеќе видови прашања: структурирани прашања од затворен тип, прашања со однапред дадени одговори, прашања од типот на листи, прашања кои се категоризирани, како и прашања со рангирање.

Примерокот на ова истражување е во согласност со предметот што се истражува, а во зависност од расположливоста на податоци. Популацијата која е предмет на ова истражување се туристите односно посетителите во Националниот Парк Проклетии.

Во ова интервју опфатени се 209 посетители кои се избрани случајно.

Така, изготвени се 209 интервјуа со туристите (посетителите) на територија на Националниот Парк Проклетии, при што се составени вкупно 209 прашалници. Прввиот дел од истражувањето се однесува на општите податоци за туристите, а вториот дел за нивното искуство во паркот. Ова истражување е реализирано во временскиот период од 01.03.2019 до 15.03.2019 година.

**Прилог бр.1 Анкетен прашалник**

Почитувани,

поради целта на ова истражување, Ве замолувам да одговорите на неколку прашања од прашалникот кој треба да се искористи поради научно-истражувачки цели, а се однесува на посетата на Националниот парк “Проклетии“ задоволствотона туристите од посетата. Причината за пополнување на овој прашалник се докторските студии на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид.

Овој прашалник е составен од неколку прашања и сите Ваши одговори ќе се искористат само за научно-истражувачки цели и задачи. Ве замолувам да издвоите неколку минути од Вашето скапоцено време за одговарање на овој прашалник. Имате потполна слобода да одговорите на прашањата како што Вие мислите.

Ви благодарам.

М-р Улбер Красниќи

**ПРАШАЛНИК**

**за посетителите кои го посетуваат Националниот парк “Проклетии“ и за нивното искуство од посетата за временскиот период 01.03-15.03.2019 година**

Прашање бр.1. Пол:

- ✓ Машки пол
- ✓ Женски пол

Прашање бр.2. Возраст:

- ✓ До 18 години
- ✓ Од 18 до 30 години
- ✓ Од 31 до 50 години
- ✓ Од 51 до 65 години
- ✓ Над 65 години

Прашање бр.3. Занимање:

- ✓ Ученик
- ✓ Студент
- ✓ Вработен
- ✓ Невработен
- ✓ Пензионер

Прашање бр.4. Дали првпат го посетувате НП Проклетии?

- ✓ Да, првпат
- ✓ Повеќе пати

Прашање бр.5. Причини за посета на Проклетии (можете да одберете повеќе одговори)

- ✓ Извонредниот пејзаж
- ✓ Исклучителниот растителен и животински свет
- ✓ Чистиот воздух, чистата вода
- ✓ Одмор и рехабилитација

- ✓ Планинарење
- ✓ Скијање и други зимски спортови
- ✓ Научно-истражувачки цели
- ✓ Културата на локалното население
- ✓ Поради културно-историските места
- ✓ Други причини

Прашање бр.6. Должина на престој во Проклетии

- ✓ Многу кратко
- ✓ Екскузија/пикник
- ✓ Едно ноќевање
- ✓ Повеќе ноќевања

Прашање бр.7. На кој начин дознавте за Проклетии?

- ✓ На интернет пребарување
- ✓ На социјални мрежи
- ✓ Од роднини и пријатели
- ✓ При посета на Косово
- ✓ На друг начин

Прашање бр.8. Дали вработените во Националниот Парк Проклетии го познаваат јазикот на којшто Вие зборувате?

- ✓ Да, го познаваат
- ✓ Не, не го познаваат

Прашање бр.9. Дали за време на Вашата посета на паркот се услуживте во некој од угостителските објекти за храна?

- ✓ Да
- ✓ Не

Прашање бр.10. Дали Ви се допадна храната?

- ✓ Да
- ✓ Не

Прашање бр.11. Доколку Ви се допадна некој од објектите за исхрана, што Ви остави најмногу впечаток?

- ✓ Традиционалната храна
- ✓ Местоположбата (пејзажот) на објектот
- ✓ Цените на услугата
- ✓ Друга причина

Прашање бр.12. Дали при посетата на Проклетии бевте придружени од туристички водич/придружник или не?

- ✓ Да, со туристички водич/придружник
- ✓ Не, без туристички водич/придружник

Прашање бр.13. Дали за време на патувањето и посетата во Националниот Парк Проклетии наидовте на информативни табели?

- ✓ Да, видовме информативни табели
- ✓ Не, не видовме информативни табели

Прашање бр.14. Кога ги посетивте Проклетии, што Ви се допадна најмногу? (можете да одберете повеќе одговори)

- ✓ Планините
- ✓ Ридовите
- ✓ Шумите
- ✓ Езерцата
- ✓ Реките и изворите
- ✓ Пејзажот
- ✓ Растителниот свет
- ✓ Селата

Прашање бр.15. Доколку посетивте некоја од природните/културните атракции во Националниот Парк Проклетии, дали животната средина беше чиста или загадена?

- ✓ Околината е чиста
- ✓ Околината е загадена

Прашање бр.16. Доколку средината беше загадена, Ве молам наведете што Ви сметаше?

- ✓ Тврдите градби
- ✓ Недостиг на канализациона мрежа
- ✓ Диви депонии на отпад
- ✓ Сечени шумски
- ✓ Фабрика/индустрија
- ✓ Други причини

Прашање бр.17. Дали посетивте некое село во Проклетии?

- ✓ Да
- ✓ Не

Прашање бр.18. Што беше забележително во селото кое го посетивте?

- ✓ Селскиот начин на живеење
- ✓ Земјоделството
- ✓ Храната
- ✓ Културата
- ✓ Јазикот
- ✓ Друго

Прашање бр.19. Кои се Вашите впечатоци од посетата на Националниот парк "Проклетии" (ве молиме дадете оценка од 1 до 10, каде 1 значи најлош впечаток, а 10 значи одличен впечаток)

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Прашање бр.20. Дали сакате повторно да се вратите во Националниот Парк "Проклетии"

- ✓ Да
- ✓ Не
- ✓ Не знам

Прашање бр.21. Дали Вие се грижите за заштитата, зачувувањето и унапредувањето на животната средина?

- ✓ Да
- ✓ Не

Ви благодарам!

**Прилог бр.2 Анализа на резултатите од спроведеното теренско истражување**

Врз основа на податоците добиени од теренското истражување, во продолжение се прикажани резултатите и направена е анализа на одговорите дадени од страна на

посетителите во националниот парк. Тие резултатисе прикажани на табеларен начин, со коментирање на податоците.

Табела бр.11 Пол:

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Машки пол | 101 | 48,3% |
| - Женски пол | 108 | 51,7% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Околу 52% од испитаниците припаѓаат на женскиот пол, додека над 48% се припадници на машкиот пол.

Табела бр.12 Возраст:

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - До 18 години | 182 | 87,1% |
| - Од 18 до 30 години | 10 | 4,8% |
| - Од 31 до 50 години | 10 | 4,8% |
| - Од 51 до 65 години | 2 | 0,9% |
| - Над 65 години | 3 | 1,4% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Над 87% од вкупниот број на испитаници се на возраст до 18 години, речиси 5% се на возраст од 18 до 30, односно од 31 до 50 години, а многу мал е бројот на повозрасните лица.

Табела бр.13 Занимање:

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Ученик | 182 | 87,1% |
| - Студент | 10 | 4,8% |
| - Вработен | 10 | 4,8% |
| - Невработен | 2 | 0,9% |

| | | |
|---|---:|---:|
| - Пензионер | 3 | 1,4% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Најголемиот дел од испитаниците се ученици, при што се доаѓа до заклучок дека во периодот на истражувањето во НП Проклетии биле актуелни организираните екскурзии од страна на училиштата.

Табела бр.14 Дали првпат го посетувате НП Проклетии?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---:|---:|
| - Да, првпат | 122 | 58,4% |
| - Повеќе пати | 87 | 41,6% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

На ова прашање над 58% од испитаниците одговориле дека за првпат го посетуваат Националниот Парк Проклетии, а речиси 42% овој регион го посетиле повеќе пати.

Табела бр.15 Причини за посета на Проклетии (можете да одберете повеќе одговори)

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---:|---:|
| - Извонредниот пејзаж | 125 | 14,0% |
| - Исклучителниот растителен и животински свет | 39 | 4,5% |
| - Чистиот воздух, чистата вода | 185 | 20,7% |
| - Одмор и рехабилитација | 155 | 17,3% |
| - Планинарење | 200 | 22,4% |
| - Скијање и други зимски спортови | 109 | 12,2% |
| - Научно-истражувачки цели | 22 | 2,4% |
| - Културата на локалното население | 26 | 2,9% |
| - Поради културно-историските места | 31 | 3,4% |
| - Други причини | 2 | 0,2% |
| Вкупно: | 894 | 100,0% |

Националниот Парк "Проклетии" најмногу е посетен поради планинарење (над 22%), потоа поради чистиот воздух и чистата вода (околу 21% од испитаниците) и поради извонредниот пејзаж на планината (14% од испитаниците).

Според тоа, трите горенаведени причини односно мотиви за посета на НП Проклетии претставуваат 57% од вкупните одговори, а доколку на тоа се додадат одморот и рехабилитацијата, какои скијањето и зимските спортови, тогаш може да се заклучи дека испитаниците сакаат да ги посетат Проклети поради природните убавини и атрактивности, како и можностите за разни спортски активности. Сосема мал процент од испитаниците сметаат дека Проклетии се привлечни поради флората и фауната, поради научните и истражувачките цели, како и поради културата на локалното население и културно-историските места во тој регион.

Табела бр.16 Должина на престој во Проклетии

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Многу кратко | 11 | 5,3% |
| - Екскузија/пикник | 182 | 87,1% |
| - Едно ноќевање | 7 | 3,4% |
| - Повеќе ноќевања | 9 | 4,2% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Над 87% од испитаниците ги посетиле Проклетии поради екскурзија или пикник што значи дека најчесто се задржуваат само еден ден, над 5% овој регион го посетиле само на кратко, додека мал е процентот и на оние кои би оствариле едно или повеќе ноќевања.

Прашање бр.17 На кој начин дознавте за Проклетии?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - На интернет пребарување | 111 | 53,1% |
| - На социјални мрежи | 72 | 34,4% |
| - Од роднини и пријатели | 7 | 3,4% |
| - На посета на Косово | 19 | 9,1% |
| - На друг начин | 0 | 0,0% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Над 53% од анкетираните лица за Националниот Парк Проклетии дознале од интернет пребарување, а над 34% од социјалните мрежи, при што се доаѓа до заклучок дека најголемиот процент од испитаниците информацијата ја добиле по електронски пат.

Прашање бр.18 Дали вработените во Националниот Парк Проклетии го познаваат јазикот на којшто Вие зборувате?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Да, го познаваат<br>- Не, не го познаваат | 188<br>21 | 90,0%<br>10,0% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Од податоците во табелата може да се забележи дека вработените во НП Проклетии го познаваат јазикот на посетителите со што се сложиле 90% од испитаниците, а само 10% сметаат дека вработените не го зборуваат јазикот на посетителите (претпоставка е дека тие вработени во паркот се постари лица).

Прашање бр.19 Дали за време на Вашата посета на паркот, се услуживте во некој од угостителските објекти за исхрана?

| Одговор | Апсолутен Показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Да<br>- Не | 200<br>9 | 95,7%<br>4,3% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Над 95% од анкетраните лица при посета на НП Проклетии користеле услуги во некој од угостителските објекти за исхрана.

Прашање бр.20 Дали Ви се допадна храната?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Да<br>- Не | 179<br>30 | 85,7%<br>14,3% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Најголемиот дел од испитаниците кога го посетиле националниот парк, одговориле дека им се допаднала храната која ја консумирале (околу 86% од испитаниците), а останатите одговориле негативно.

Прашање бр.21 Доколку Ви се допадна некој од објектите за исхрана, што Ви остави впечаток најмногу?

| Одговор | Апсолутен | Релативен |
|---|---|---|

| | показател | показател |
|---|---|---|
| - Традиционалната храна | 120 | 57,4% |
| - Местоположбата (пејзажот) на објектот | 22 | 10,5% |
| - Цените на услугата | 67 | 32,1% |
| - Друга причина | 0 | 0,0% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Кога посетиле одреден угостителски објект, на туристите најмногу им се допаднала традиционалната храна, потоа цените на дадените услуги, додека местоположбата на објектот не оставила посебен впечаток.

Прашање бр.22 Дали при посетата на Проклетии бевте придружени од туристички водич/придружник или не?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Да, со туристички водич/придружник | 12 | 5,7% |
| - Не, без туристички водич/придружник | 197 | 94,3% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Над 94% од анкетираните лица одговориле дека при нивната посета на Проклетии не биле придружени од туристички водич/придружник што претставува сериозен проблем при посета на одредена дестинација. При разговор со одредени лица вработени во паркот се потврди фактот дека во тој регион нема многу туристички водичи при што сите тури се одвиваат спонтано, а групите се водени од страна на лица кои имаат некои мали познавања за регионот или тоа се локални жители.

Прашање бр.23 Дали за време на патувањето и посетата во Националниот Парк Проклетии наидовте на информативни табели?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Да, видовме информативни табели | 112 | 53,6% |
| - Не, не видовме информативни табели | 97 | 46,4% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Околу 54% од испитаниците кога биле на посета во националниот парк, забележале информативни табели, но од друга страна голем е процентот и на оние кои не сретнале информативни табели (над 46%), при што се доаѓа до заклучок дека на одредени места има информативни табели и патокази, а на други места нема. Информативните табели претставуваат важен елемент за информирање на сите посетители во паркот затоа што во тие инфо-табели нема само податоци за паркот, туку и знаци за предупредување во одредени зони кои имаат посебна заштита.

Прашање бр.24 Кога ги посетивте Проклетии, што Ви се допадна најмногу? (можете да одберете повеќе одговори)

| Одговор | Апсолутен Показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Планините | 188 | 19,0% |
| - Ридовите | 28 | 2,8% |
| - Шумите | 156 | 15,8% |
| - Езерцата | 199 | 20,1% |
| - Реките и изворите | 177 | 17,9% |
| - Пејсажот | 208 | 21,0% |
| - Растителниот свет | 23 | 2,3% |
| - Селата | 11 | 1,1% |
| Вкупно: | 990 | 100,0% |

Најголемиот дел од испитаниците се определиле за пејзажот на Проклетии (21%), на второ место доаѓаат езерцата (20%), а на трето (19%) планините. Според тоа, пејзажот со планини, шуми и езерца е најдоброто нешто во НП Проклетии што оставило посебен впечаток кај посетителите (вкупно 75%). Многу мал број на посетители биле воодушевени од растителниот свет, селата во паркот, ридовите.

Прашање бр.25 Доколку посетивте некоја од природните/културните атракции во Националниот Парк Проклетии, дали животната средина беше чиста или загадена?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Околината е чиста | 138 | 66,0% |
| - Околината е загадена | 71 | 34,0% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Две третини од анкетираните испитаници сметаат дека околината во националниот парк е чиста (за оваа опција се одлучиле 66% од испитаниците), додека 34% од испитаниците сметаат дека околината е загадена.

Прашање бр.26 Доколку средината беше загадена, Ве молам наведете што Ви сметаше?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Тврдите градби | 9 | 12,7% |
| - Недостиг на канализациона мрежа | 11 | 15,5% |
| - Диви депонии на отпад | 41 | 57,7% |
| - Сечени шумски дрва | 8 | 11,3% |
| - Фабрика/индустрија | 2 | 2,8% |
| - Други причини | 0 | 0,0% |
| Вкупно: | 71 | 100,0% |

Над 57% од анкетираните сметаат дека дивите депонии насекаде околу паркот претставуваат најголемиот проблем и причина за загаденоста на животната средина во НП Проклетии, додека пак над 15% сметаат дека тоа е недостигот на канализациона мрежа. Од тоа може да се заклучи дека постојат значајни проблеми од аспект на загаденоста на животната средина во НП Проклетии и треба да се преземат најитни мерки од страна на соодветните институции со цел заштита на животната средина и нејзино зачувување за идните генерации. На тој начин ќе се подобри впечатокот на туристите што ќе резултира и зголемување на туристичкиот промет во иднина.

Прашање бр.27 Дали посетивте некое село во Проклетии?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Да | 68 | 32,5% |
| - Не | 141 | 67,5% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Повеќе од две третини од испитаниците кои го посетиле националниот парк не посетиле ниедно село, а само 32% од испитаниците одговориле потврдно. Според тоа, кога се прават рекламни кампањи и пропаганден материјал за НП Проклетии во туристичката понуда задолжително треба да бидат вклучени и руралните средини кои овозможуваат повеќе бенефити за туристите: запознавање со локалната култура, обичаи и традиции на селското население; уживање во чиста животна средина; одмор и рекреација; запознавање со традиционалното приготвување на храна и локалните специјалитети; запознавање со разни локални занаети; итн. На тој начин ќе се зголеми бројот на заинтересирани туристи за посета на тие локалитети, како и позитивните економски ефекти од нивниот престој што ќе доведе до понатамошен развој на регионот на Проклетии.

Прашање бр.28 Што беше забележително во селото кое го посетивте?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Селскиот начин на живеење | 4 | 5,9% |
| - Земјоделството | 16 | 23,5% |
| - Храната | 20 | 29,4% |
| - Културата | 24 | 35,3% |
| - Јазикот | 4 | 5,9% |
| - Друго | 0 | 0,0% |
| Вкупно: | 68 | 100,0% |

На анкетираните испитаници најмалку им се допаднала културата на луѓето во селото што го посетиле, како и традиционалната храна која им била послужена, а за одредени посетители особено интересно било и запознавањето со одредени земјоделски активности со кои тие за прв пат се сретнале. Помалку посетителите биле воодушевени од начинот на живеење и јазикот, под претпоставка дека веќе биле запознати со тоа.

Прашање бр.29 Кои се Вашите впечатоци од посетата на Националниот Парк "Проклетии" (Ве молиме дадете оценка од 1 до 10, каде 1 значи најлош впечаток, а 10 значи одличен впечаток)

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - 1 | 0 | 0,0% |

| | | |
|---|---|---|
| - 2 | 0 | 0,0% |
| - 3 | 0 | 0,0% |
| - 4 | 0 | 0,0% |
| - 5 | 0 | 0,0% |
| - 6 | 14 | 6,8% |
| - 7 | 174 | 83,2% |
| - 8 | 12 | 5,7% |
| - 9 | 9 | 4,3% |
| - 10 | 0 | 0,0% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Во однос на ова прашање над 83% од анкетираните лица впечатокот од посетата на Проклетии го оценуваат со солидна оценка “7“, а многу мал е процентот на оние кои дале повисока оценка.

Прашање бр.30 Дали сакате повторно да се вратите во Националниот Парк “Проклетии“

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Да | 190 | 90,9% |
| - Не | 5 | 2,4% |
| - Не знам | 14 | 6,7% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Речиси 91% од испитаниците одговориле дека сакаат повторно да се вратат во овој национален парк, а многу мал е процентот на оние кои не сакаат или не знаат дали сакаат да дојдат повторно во овој регион.

Прашање бр.31 Дали Вие се грижите за заштитата, зачувувањето и унапредувањето на животната средина?

| Одговор | Апсолутен показател | Релативен показател |
|---|---|---|
| - Да | 202 | 96,6% |

| | | |
|---|---|---|
| - Не | 7 | 3,4% |
| Вкупно: | 209 | 100,0% |

Над 96% од посетителите одговориле дека се грижат за заштитата, зачувувањето и унапредувањето на животната средина, а одредени индивидуи одговориле дека не обрнуваат некое поголемо внимание на заштитата на животната средина при нивните активности во секојдневното живеење и работа. Во однос на ова прашање, дилема е дали одговорите на испитаниците се искрени. Во спротивно, претпоставувам дека Проклетии ќе влијаат на нивниот став да се сака природата и сето тоа што таа го нуди.

## ЗАКЛУЧОК

Туризмот претставува современ феномен кој произглегува од масовноста на учесниците и е непосредна рефлекција на развојот на општеството и економијата на една

земја. Тој се сфаќа како привремено движење на туристите од едно на друго место поради одмор, рекреација, бизнис или други цели кои не се поврзани со вршење на економска дејност, а тоа движење не смее да трае подолго од една година.

Богатството на природни ресурси и традиции кои постојат во светот претставува причина за патување на туристите кои сакаат да се запознаат со неоткриени места и новите култури и да се стекнат со нови искуства од областа на традиционалната кујна, занаетчиството, културата, уметноста и секојдневните ритуали.

Искористувањето на природното и културното наследство во туристички цели значи создавање на нови работни места, намалување на сиромаштијата, спречување на миграцијата на руралното население, како и искажување на чувство на гордост кај локалното население.

Од една страна, здравата и привлечна средина е еден од основните ресурси за туризам, а зачувувањето на средината е еден од основните предуслови за неговата конкурентност и одржливост. Освен тоа, туризмот, ако е правилно управуван, може да претставува значајна економска активност која ќе доведе до бројни економски ефекти за рецептивната туристичка земја. Имено, тој има способност да ја користи природата и животната средина како економски ресурс и со помош на конверзивната функција која е карактеристична за него да ја валоризира и да создаде економски ефекти (зголемување на вработувањата, прилив на парични средства, позитивен платен биланс на земјата, развој на дејностите од туристичкото и нетуристичкото стопанство, економски развој на туристичките дестинации и целата земја итн.).

Меѓутоа, несомнено е дека туризмот може да има значително негативно влијание врз животната средина. Дури и видовите туризам со претставката "еко" чија главна понуда е некоја форма на овозможување директен контакт со природата и нејзина заштита се соочуваат со деградирање на екосистемите. Ова се случува поради привлекувањето и концентрацијата на огромен број на туристи во атрактивната област што резултира со сите вообичаени притисоци: создавање на цврст отпад; отпадни води; емисии на гасови; загадување на воздухот, водата и почвата; бучава; загрозување на растителниот и животинскиот свет; уништување на пејзажот и слично.

Како резултат на зголемената побарувачка пак, неопходно е и зголемувањето на туристичката инфраструктура во конкретната дестинација и земја со што се загрозува и

локалниот стил на живеење на населението, структурата и културниот идентитет на локалната заедница, како и структурата на економијата главно во насока на запоставување и изумирање на традиционалните дејности и занаети, се стимулираат негативните социјални појави како криминал, проституција, дрога итн.

Економскиот развој на една земја зависи многу од природните ресурси што ги поседува и затоа треба да се искористат на рационален начин имајќи го во предвид еколошкиот аспект. Имено, природните ресурси треба да се користат во стапка пониска од стапката на природното регенерирање на ресурсите со што ќе се овозможи нивно зачувување и долгорочна достапност и за идните генерации. Значи, при користењето на природните ресурси мора да се има во предвид концептот на одржлив развој.

Одржливиот развој е најкомплексниот концепт кој може да се примени во сферата на целокупното современо живеење и делување. Поради неговата сложеност, не е можно да се даде една универзална и општоприфатена дефиниција, но може да се сфати како континуиран процес на постигнување на избалансирани економски, еколошки и социјални цели.

Еден аспект од концептот на одржливост е одржливиот развој на туризмот односно одржливиот туризам. Концептот на одржлив развој на туризмот е поставен така што ги задоволува сегашните потреби на туристите (чие влијание врз природата е минимално) и на туристичките дестинации, оставајќи можност за задоволување на туристичките потреби и на идните генерации.

Одржливиот туризам е цел кон која треба да се стремат сите развиени туристички земји. Одржливиот туризам треба да се организира на тој начин што ќе ги открие своите скриени вредности за посетителите, а притоа нема да го наруши мирот и хармонијата на екосистемите, нема да предизвика штети по спомениците на материјалната културата и начинот на живот на локалните заедници.

Заштитата на природните ресурси при туристичките активности е неопходна компонента која овозможува природните ресурси да се експлоатираат на одржлив начин, со што се овозможува нивно понатамошно и долгорочно користење. На тој начин се зачувува природната средина, растителниот и животинскиот свет, еколошките процеси, па дури и животот на човекот на планетата Земја, како и самата планета Земја од уништување.

Одржливиот туризам не треба да се фокусира само на контрола на развојот, туку треба да поттикне развој и промоција на соодветни еко форми на туризам кои ќе го подобрат еколошкото, општественото и културното живеење на дестинацијата, со крајна цел  зголемување на економскиот просперитет.

Од една страна, здравата и привлечна средина е еден од основните ресурси за туризам, а зачувувањето на средината е еден од основните предуслови за неговата конкурентност и одржливост. Освен тоа, туризмот, ако е правилно управуван, може да претставува значајна економска активност која ќе доведе до бројни економски ефекти за рецептивната туристичка земја. Имено, тој има способност да ја користи природата и животната средина како економски ресурс и со помош на конверзивната функција која е карактеристична за него да ја валоризира и да создаде економски ефекти зголемување на (вработувањата, прилив на парични средства, позитивен платен биланс на земјата, развој на дејностите од туристичкото и нетуристичкото стопанство, економски развој на туристичките дестинации и целата земја итн.).

Туризмот, од друга страна, исто така придонесува и за заштита и зачувување на природното и културното наследство бидејќи приходите кои се генерираат како резултат на туризмот можат да се искористат за заштита на животната средина или пак за реставрирање на културно-историските објекти. Таквото природно и културно наследство мора да се менаџира со посебно внимание за да може да се зборува за постоење на одржлив развој на туризмот.

Туристите и истражувачите се доста заинтересирани за природните места и средини, за планините, езерата и реките, природните пејсажи и мотиви, но од друга страна и за објектите и монументите на културното наследство не само во туристичкиот регион на Проклетии, туки и во цело Косово. Како резултат на тоа, туризмот станува значаен економски извор за населението на целиот регион на Проклетии.

Како најзначајни компоненти за валоризација на Проклетии се сметаат следните:

- Заштитените природни монументи,

- Чистата, здрава и неурбанизирана еколошка средина,
- Отсуство на бучава,
- Малиот број на жители на тие места   и
- Широчината на слободниот простор за рекреација .

Поради овие и други причини, идните градежни работи во регионот не смеат да се дозволат  да ја уништат природата и пејсажот или автохтоните вредности на овој регион. Природните вредности на Проклетии (природа, пејзаж, естетски елементи, разновидниот и ендемичен растителен и животински свет) заслужуваат да го добијат статусот на природно богатство од особен интерес и да се заштитат за наредните генерации, а тој регион да стане национален парк. Потребата од прогласување на Проклетии за национален парк произлегува од фактот дека во последните години сериозно е нарушен овој регион како резултат на несоодветното планирање, недоволната грижа и бројните девастирачки активности.

Туристичкиот регион Проклетии е многу важен регион за развој на планинскиот и руралниот туризам во Косово. Тука спаѓаат општините: Пеја, Дечан, Бурим, Клина, Ѓаково и Раховец. Главен центар на овој регион е Пеја со подцентрите Дечан и Ѓаково. Проклетии се можеби најпотенцијалниот туристички регион во Косово.

Природните ресурси со висок квалитет, културно-историските монументи, како и можноста за прием на голем број на туристи, се основа за развој на туризмот во Косово. Како најзначајни вредности се сметаат Проклетии и Мокра како посебен дел, кањоните на Бела Дрина, Бистрица и Дечан, Ереник и Мируша, малите планински езера, градските центри на Пеја, Дечан и Ѓаково и како посебна туристичка вредност термалните води.

Според специфичностите на природата (релјефот, биогеографската разновидност на водените ресурси и пејзажите на природата) без сомнение Проклетии е најуникатниот планински масив во Западен Балкан.

Проклетии се познати поради:

- природното богатство, геоморфолошката разновидност (клисури, кањони, пештери),

- морфолошките услови за развој на зимски спортови, алпинизам и спелео-туризам,
- денивелација на теренот како потенцијал за развој на патеки за скијање (долги 65.396 метри со толку посетители на час во целиот регион) и со услови за развој на други видови на туризам и спорт.

Импресивни геоморфолошки појави со посебни естетски атрибути кои предизвикуваат љубопитност се следните:

- ✓ Клисурата на Ругова,
- ✓ Изворот на Бел Дрим,
- ✓ Водопадот на Мируша,
- ✓ Пештерата Радавци,
- ✓ Врвот на Копраник.

Проклетии како планински масив (денес национален парк во Косово) има вкупна површина од 62.400 ха и претставува 5.7% од целокупната територија на Косово. Оваа планина се простира во рамки на четири општини: Пеќ, Дечан, Истог и Ѓаково.
На Општина Пеќ и припаѓаат 32500 хектари, на Дечан 22000 хектари, на Истог 5065 хектари и на Ѓаково над 2830 хектари.

Територијата на Проклетии претставува најзначаен регион за развој на туризмот во Косово. Овој простор кој е прогласен за национален парк поседува извонредни услови за развој на туристички активности во текот на целата година, а посебно во текот на зимската сезона. Најголем центар во рамките на овој регион е Пеја, додека помали центри се Дечан, Јуник, Истог и Ѓаково.

Националниот парк Проклетии има голем потенцијал за развој на туризмот во текот на целата календарска година. Подножјето на селото Боге, планината Белег и други места се погодни за скијање во зима, додека во текот на летото просторот околу паркот на туристите им нуди исклучителна можност за уживање во убавините на пејзажот, рекреација и рехабилитација, пешачење, свеж воздух и слично.
Иако постојат потенцијали за развој на туризмот, сепак инфраструктура и другите содржини кои овозможуваат нивно искористување се дефицитарни.

Недоволната инфраструктура и нискиот степен на економски развој во областа на паркот доведуваат до напуштање на населените места од страна на локалното населението, така да денес голем број населби се целосно иселени.

Планините, долините, клисурите, кањоните и пештерите се главните геоморфолошки елементи кои ја дефинираат физиономијата на пејзажот во Проклетии Проклетии како геоморфолошки комплекс се карактеризира со повеќе видови на тектонски, глечерски, речни, карстни и денудативни форми. Проклетии од аспект на геолошко-геоморфолошката градба претставуваат нови планини. Тие се карактеризираат со разновидни геолошки структури и комплекси составени главно од седиментни и метаморфни карпи, а помалку од вулкански карпи.

Целата зона околу Проклетии има прилично густа хидрографска мрежа. Оваа планина е место каде што течат неколку големи реки (како што се Истог, Лумбарди, Дечан, Лоќани, Ереник и други), неколку мали реки, како и некои изворчиња со постојан и привремен водотек.

Имајќи ги во предвид геолошките, литолошките, структурните и тектонските конструкции, во Националниот Парк Проклетии постојат четири видови на аквифери:

- Аквифери со интергрануларна порозност,
- Аквифери со порозни пукнатини,
- Аквифери со карстна порозност,
- Терени без вода.

Главните климатски елементи во Проклетии ги имаат следниве вредности:

- Според географската ширина, надморската височина и степенот на облачност, инсолацијата на оваа планина изнесува околу 44% од потенцијалната вредност (4459 сончеви часови), а таа вредност се менува и кај подножјето на планината изнесува 1945 сончеви часови. На надморска височина од 2000 метри тоа се 2200 сончеви часови.
- Средната годишна температура на воздухот на подножјето на планината е $10.2^0$C, а на височина од над 2000 метри таа температура изнесува $5^0$C. Годишните амплитуди се намалуваат како што се зголемува надморската височина односно од

21.3$^0$C на подножјето на планината, на 17$^0$C во повисоките делови. Најтопол месец е јули, а најстуден месец е јануари.

- Атмосферските врнежи се движат од 1000 мм на подножјето, 1500 мм на височрамнините и 2000 мм како максимална вредност на крајниот запад на изворот на реката Бистрица кај Дечан.

Според истражувањата за планината Проклетии, дадени се шест главни категории (класи) на експлоатација на земјиштето во Националниот Парк "Проклетии". Имено, тука спаѓаат: шуми, пасишта, наклони, езера, населби и каменоломи.

- Шумите се посебна категорија во номенклатурата за користење на земјиштето и претставуваат дрвна вегетација која главно се состои од четинари, дабови шуми и друга дрвна вегетација односно грмушки.
- Пасиштата се посебна категорија на тревна вегетација и во оваа група односно категорија влегуваат бачилата и ливадите. Во оваа категорија се вклучени сите пасишта без оглед дали се користат во моментов или не, но кои претставуваат потенцијал за употреба.
- Наклоните претставуваат високи планински врвови и друг вид на стрмен терен или други области на еродирани, наизменични, пропаднати или без вегетација површини или малку покриени површини. Во овие простори преовладува микроклима и други егзогени фактори кои не дозволуваат нивна употреба за потребите на човековите активности.
- Езерата се хидрографски басени со слатка вода кои се граничат со земјата. Езерата во областа на Проклетии се главно глацијални езера кои се создадени како резултат на мразната активност. Тие езера имаат различни димензии во големина, длабочина и издржливост. Некои од овие езера во летниот период, а особено во текот на сувите лета, испаруваат.
- Населбите воглавно се состојат од станбени згради, станови и други објекти со одредени цели (индустриски, комерцијални или услужни дејности). На територијата на националниот парк има вкупно 21 населба (според пописот во 2011 година).

- Каменоломите се места каде се одвиваат економски активности за извлекување, обработка и преработка на варовнички камен или песок од површината на земјата.

Територијата на Проклетии се состои од непроценливи природни вредности и биодиверзитет кои се многу значајни од научен, образовен, културен, естетски и туристичко-рекреативен аспект. На оваа планина се разликуваат и природни области кои уживаат посебен статус на заштита.

Во рамките на ова подрачје постојат 33 ендемични видови, 6 суб-ендемични видови, 128 ендемични видови карактеристични за Балканот со научна, економска и медицинска вредност од кои доминантни се 26 видови. Од ендемските видови кои се карктеристични за Косово во рамките на Проклетии се наоѓаат 11 видови. Врз основа на Црвената книга на васкуларната флора на Косово 126 видови се загрозени заради исчезнување, а 6 видови се наоѓаат во Црвената листа на УНЕСКО.
Климатските и еколошките услови во Проклетии овозможуваат постоење на флора и вегетација богата со дрва, грмушки и треви, реликти, ендемореликти и ендемични автохтони видови. Во поглед на вертикалната разместеност, поголемиот дел од вегетацијата која се наоѓа на пониска надморска височина вклучува листопадна вегетација, на повисока надморска височина се наоѓа зимзелена вегетација, додека над горната граница се лоцирани пасиштата.

Од листопадните шуми доминира дабот (Quercus) и буката (Fagetum montanum), а од зимзелените елката (Abies alba), смреката (Picea Abies), борот (Pinus heldreichii) и белиот бор (Pinus peuce).

Во рамки на Проклетии како позначајни видови на вегетација се сметаат:

- Ass. Abieti – Fagetum moesiacae
- Ass. Fagetum subalpinum scardo – pindicum
- Ass. Picetum abietis bertisceum montanum
- Ass. Picetum abietis bertisceum subalpinum
- Ass. Wulfenio – Pinetum peucis
- Ass. Pinetum peucis typicum

- Ass. Pinetum heldreichii bertisceum
- Ass. Wulfenio – Pinetum mugo
- Ass. Bruckenthalio – Juniperetum
- Ass. Nardetum subalpinum montenegrinum
- Ass. Salicetum herbaceae balcanicum
- Ass. Pinguiculo – Narthecium scardici
- Ass. Carici Crepidetum dinaricae

Националниот Парк Проклетии се карактеризира со богата фауна на ендемски и реликтни видови. Тука живеат 8 видови риби, 13 видови водоземци, 10 видови рептили, 148 видови птици, 37 видови цицачи и 129 видови пеперутки само од редот Lepidoptera. До денес, регистрирани се 148 видови птици, но се смета дека ги има повеќе од 200 видови од меѓународно значење, па затоа Проклетии се ставени во списокот на IBA како значајна зона за птици.

Проклетии имаат посебна туристичка вредност и се фактор за валоризација на целата природа во регионот. Поделбата на климатски зони (на континентална, суп-алпска и планинска) помага во развојот на туризмот во текот на целата година и овозможува климатска терапија на одредени болести со аеротерапија и хилотерапија. Токму затоа Проклетии се потенцијални воздушни бањи со извонредни услови за развој на здравствениот туризам.

Ретки се планините кои располагаат со вистинско богатство на растителен и животински свет како што се Проклетии. Фауната (кафеавата мечка, дивата свиња, дивата коза и други животни) има голема трофејска вредност и овозможува развој и на ловниот туризам.

Пеќ, Дечани и Ибар се богати и со рибен фонд што овозможува развој и на риболовниот туризам.

Од аспект на антропогените туристички вредности и атракции, како дел од туристичката понуда на Проклетии може да се издвојат следните:

- богатото културно и историско наследство (праисториски места, археолошки локалитети, џамии, амами, мостови и анови, стари цркви);

- етнографското и фолклорното богатство (народни носии, народни песни и ора, традиција, обичаи);
- пејзажни мотиви на градовите (чаршијата во Ѓаково, големата чаршија во Пеќ, руралните средини, кули, стари куќи);

Најзначајни археолошки локалитети во рамките на Националниот Парк Проклетии во атарот на Дечан се следните:

- Горни Стрелци со остатоци од доцно античко доба од IV-VI век, кулата на Св. Цен и другите селски кули кои се карактеристични за цело Косово,
- Лебуша - мала и многу стара населба позната по своите куќи-кули со чардаци,
- Исниќ со три големи кули и една мошне стара џамија,
- Градот Дечан со две познати кули, една воденица и една стара џамија.

Според природните ресурси и потенцијалите за развој на туризмот во рамките на Проклетии се разликуваат две најзначајни зони: туристичката зона на Пеќ-Бурим (Истог) и туристичката зона на Дечани. Туристичката зона на Пеќ се состои од повеќе помали места како што се: Копраник, Русолија, Жлеби, Нечински врв, Радавци и др.

Бидејќи градот Пеќ се наоѓа многу близу, Активирањето на Копраник како туристичка зона се предвидува да започне во првата фаза на развојот на зимско-спортскиот туризам поради близината на Пеќ до терените за скијање на Коправник.

Поради распространетоста, структурата и особеностите на туристичките ресурси во Дечани се појавуваат повеќе локалитети како што се: Дечани (главен центар на летниот туризам), Курвала, Белег, Стрелци, Рошкодол, Кожњер, Ѓеравица. Сите овие локалитети спаѓаат во примарната зона за туристичко искористување на ресурсите, но нивното активирање треба да оди од најлесно пристапните до најтешко пристапните места.

Локалитетите како што се Копраник, Русолија, Штедими и Белег (со својата местоположба, денивелацијата и квалитетниот терен за скијање) ги содржат сите елементи за да станат главни центри за развој на зимскиот и спортскиот туризам во Проклетии.

Во рамките на Националниот Парк Проклетии најчести гости се домашните (околу 5000 туристи на годишно ниво) кои најчесто се фокусирани на викенд-туризам. Бројот на странските туристи е помал и изнесува околу 2000 туристи во годината кои го посетуваат

ова место организирано преку туристички пакет аранжмани. Најголем број на туристи се забележуваат во текот на летната сезона затоа што ова место го посетуваат голем број на печалбари.

Најбарани дестинации за посета во овој регион се: Ругова, Водопадот на Дрина кај селото Радаци и културните места кои најмногу ги има во центарот на градот Пеја.

За време на летната сезона, можностите за сместување се поголеми затоа што тука се приклучуваат и другите туристички места како што се Дрелај, Пепај, Река Алага, Штупеч и слично. Се разбира, капацитетите за сместување не се доволни во однос на барањата на туристите.

Од податоците се забележува дека најголем капацитет за прифаќање и сместување на туристите има Пеќ со 58 објекти (хотели, мотели и слично), а најмалку општина Јуник (2 единици за сместување). Состојбата е слична и кога станува збор за бројот на собите и леглата. Овој регион учествува со 20.4% во вкупниот број на сместувачки капацитети во Косово што значи дека Проклетии учествуваат со 1/5 од вкупниот број на сместувачки капацитети во цело Косово.

Бројот на угостителските објекти за исхрана и пијалоци во Косово во 2016 година изнесува 839 од кои 505 припаѓаат на категоријата ресторани, 326 се барови, а само 8 објекти во земјата служат пијалоци во кантини. Притоа, од вкупниот број на објекти за исхрана во Косово, на општините од регионот на Проклетии (Пеќ и Ѓаково) припаѓаат над 32% од рестораните, над 31% од категоријата барови и дури половината од кантините.

Имајќи ги предвид тенденциите и побарувачката на пазарот, во регионот на Проклетии може да се развијат повеќе форми на туризам како што се[75]:

- зимско-спортски туризам,
- здравствено-куративен туризам,
- рекреативен туризам и екскурзии,
- ловен и риболовен туризам,
- рурален туризам,
- спелео туризам,

[75] Хасанај П., Приме на ФАС методот во функција на идентификување на туристичките потенцијали на Косово, Докторска дистертација, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, 2017, стр.116-129

- викенд туризам,
- стационарен туризам,
- транзитен туризам.

Имајќи ја во предвид заштитата на животната средина, во овој регион треба да се даде предност на развојот на селективните видови туризам како што се:

- еколошкиот туризам,
- руралниот туризам,
- здравствениот туризам,
- алпинизмот и рекреацијата.

За изградба на современ планински туристички центар кој ќе работи и во летната сезона, потребни се големи инвестиции и поддршка од страна на владините структури и институции. Врз основа на постојните можности и услови коишто постојат денес, во регионот на Проклетии може да се развиваат три видови на туризам: стационарен туризам, викенд туризам и транзитен туризам.

Во периодот од 2015 до 2018 година, бројот на туристи во општините кои гравитираат кон Проклетии има одредени осцилации. Во 2015 година, во овој регион престојувале околу 38 илјади туристи, додека во 2016 година тој број речиси се удвоил (над 77 илјади туристи). Веќе во 2017 година има намалување на бројот на туристите (околу 71 илјада туристи), додека во 2018 година тој број се зголемил за речиси 19 илјади туристи, при што овој број изнесува 90 илјади туристи.

Во периодот од 2015 до 2018 година може да се забележи дека вкупниот број на остварени ноќевања има тренд на постојано зголемување. Така на пример, во 2015 година вкупно во Пеќ и Ѓаково остварени се над 60 илјади ноќевања, а веќе во 2016 година тој број е зголемен за повеќе од двапати (околу 131 илјада ноќевања). Во 2017 година има зголемување за само 7 илјади ноќевања во споредба со 2016 година, додека во 2018 година тој број се зголемил за речиси 15 илјади ноќевања.

Кога станува збор за земјата од каде што доаѓаат туристите што го посетуваат регионот на Проклетии, може да се забележи дека најголемиот број на туристи доаѓаат од Албанија, од Германија, од САД, од Турција и Швајцарија.

Според податоците од теренското истражување, Националниот Парк "Проклетии" најмногу е посетен поради планинарење (над 22%), потоа поради чистиот воздух и чистата вода (околу 21% од испитаниците) и поради извонредниот пејзаж на планината (14% од испитаниците).

Според тоа, трите горенаведени причини односно мотиви за посета на НП Проклетии претставуваат 57% од вкупните одговори, а доколку на тоа се додадат одморот и рехабилитацијата, како и скијањето и зимските спортови, тогаш може да се заклучи дека испитаниците сакаат да ги посетат Проклети поради природните убавини и атрактивности, како и можностите за разни спортски активности. Сосема мал процент од испитаниците сметаат дека Проклетии се привлечни поради флората и фауната, поради научните и истражувачките цели, како и поради културата на локалното население и културно-историските места во тој регион.

Над 53% од анкетираните лица за Националниот Парк Проклетии дознале од интернет пребарување, а над 34% од социјалните мрежи, при што се доаѓа до заклучок дека најголемиот процент од испитаниците информацијата ја добиле по електронски пат.

Над 94% од анкетираните лица одговориле дека при нивната посета на Проклетии не биле придружени од туристички водич/придружник што претставува сериозен проблем при посета на одредена дестинација. При разговор со одредени лица вработени во паркот се потврди фактот дека во тој регион нема многу туристички водичи при што сите тури се одвиваат спонтано, а групите се водени од страна на лица кои имаат некои мали познавања за регионот или тоа се локални жители.

Околу 54% од испитаниците кога биле на посета во националниот парк, забележале информативни табели, но од друга страна голем е процентот и на оние кои не сретнале информативни табели (над 46%), при што се доаѓа до заклучок дека на одредени места има информативни табели и патокази, а на други места нема. Информативните табели претставуваат важен елемент за информирање на сите посетители во паркот затоа што во тие инфо-табели нема само податоци за паркот, туку и знаци за предупредување во одредени зони кои имаат посебна заштита.

Најголемиот дел од испитаниците се определиле за пејзажот на Проклетии (21%), на второ место доаѓаат езерцата (20%), а на трето (19%) планините. Според тоа, пејзажот со планини, шуми и езерца е најдоброто нешто во НП Проклетии што оставило посебен

впечаток кај посетителите (вкупно 75%). Многу мал број на посетители биле воодушевени од растителниот свет, селата во паркот, ридовите.

Две третини од анкетираните испитаници сметаат дека околината во националниот парк е чиста (за оваа опција се одлучиле 66% од испитаниците), додека 34% од испитаниците сметаат дека околината е загадена.

Над 57% од анкетираните сметаат дека дивите депонии насекаде околу паркот претставуваат најголемиот проблем и причина за загаденоста на животната средина во НП Проклетии, додека пак над 15% сметаат дека тоа е недостигот на канализациона мрежа. Од тоа може да се заклучи дека постојат значајни проблеми од аспект на загаденоста на животната средина во НП Проклетии и треба да се преземат најитни мерки од страна на соодветните институции со цел заштита на животната средина и нејзино зачувување за идните генерации. На тој начин ќе се подобри впечатокот на туристите што ќе резултира и зголемување на туристичкиот промет во иднина.

Повеќе од две третини од испитаниците кои го посетиле националниот парк не посетиле ниедно село, а само 32% од испитаниците одговориле потврдно. Според тоа, кога се прават рекламни кампањи и пропаганден материјал за НП Проклетии во туристичката понуда задолжително треба да бидат вклучени и руралните средини кои овозможуваат повеќе бенефити за туристите: запознавање со локалната култура, обичаи и традиции на селското население; уживање во чиста животна средина; одмор и рекреација; запознавање со традиционалното приготвување на храна и локалните специјалитети; запознавање со разни локални занаети; итн. На тој начин ќе се зголеми бројот на заинтересирани туристи за посета на тие локалитети, како и позитивните економски ефекти од нивниот престој што ќе доведе до понатамошен развој на регионот на Проклетии.

Над 83% од анкетираните лица впечатокот од посетата на Проклетии го оценуваат со солидна оценка “7“, а многу мал е процентот на оние кои дале повисока оценка.

Речиси 91% од испитаниците одговориле дека сакаат повторно да се вратат во овој национален парк, а многу мал е процентот на оние кои не сакаат или не знаат дали сакаат да дојдат повторно во овој регион.

Според тоа, факт е дека постојат значајни проблеми со кои се соочува проблеми со кои се соочува развојот на туризмот во Проклетии. Најзначајни се следните:

- Проблеми со именувањето и категоризирањето на национален парк
- Нејасни критериуми за управување со националниот парк
- Проблеми со разграничување на територијата на Проклетии
- Нејасно дефинирање на стриктните зони, заштитените зони и економските зони во рамки на Проклетии
- Нерегулирање на компензациите за искористување на државниот имот во националниот парк Клети Планини
- Имотно-правни проблеми и потешкотии
- Институционални и политички конфликти на интереси
- Проблеми со управување со националниот парк
- Недоволни инвестиции во Проклетии
- Масивно сечење и деградација на шумите
- Уништување на биодиверзитетот и животната средина
- Нелегални и неконтролирани градби

Со цел да се елиминираат или да се намалат проблемите во развојот на туризмот во Проклетии, неопходно е да се преземат бројни активности и мерки од страна на за соодветните институции како на локално, така и на национално ниво. Притоа, како најзначајни мерки и активности кои треба да се преземат за да се стимулира одржливиот развој на туризмот во Проклетии, треба да се споменат следните:

- Правилно управување со националниот парк
- Заштита и зачувување на животната средина
- Заштита и унапредување на културните вредности на територијата на Проклетии
- Рационално искористување на природните ресурси за
- Заживување на традиционалните активности во општините во рамки на Проклетии
- Планирање на развојот на инфраструктурата
- Други мерки и препораки за развој

При процесот на градење и организирање на туристичките содржини, посебно внимание треба да се посвети на зачувувањето и унапредувањето на постојниот еколошки систем на Проклетии. Секој обид да се наруши таа рамнотежа би имал сериозни последици во понатамошната валоризација на туристичките ресурси. Поради тоа, прогласувањето за национален парк претставува чекор напред во оптималното и рационалното искористување на туристичките потенцијали на овој регион согласно принципите за одржлив развој.

Притоа, туризмот во Проклетии мора да се хармонизира со економските, еколошките и урбанистичко-просторните планови за развој преку административните единици кои веќе постојат во тој регион. Во блиска иднина овие планови треба да се хармонизираат со плановите за развој на туризмот во Проклетии и за оној дел кој припаѓа на Албанија и Црна Гора.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Адем Дрешај, Методите за истражување на животната средина, Диспанса, Пеја, 2015 година
2. A framework of tourist attraction research, Alan A. Leë, Northern Arizona University, USA, 1987

3. Arbogast, A. F., 2011: *Discovering physical geography*, John Wiley and Sons, Hoboken.
4. Babkin, V.I., 2003: The Earth and its physical features, u: *World water resources at thebeginning of the twenty-first century*, (ur. Shiklomanov, I.A., Rodda, J.), Cambridge university press, Cambridge, 1-18.
5. Bacun, D. , Matešic, M., Omazic, M.A., (2012. ), „Leksikon održivog razvoja“, Zagreb, Hrvatski poslovni savjet za održivi razvoj, str.32
6. Bilen, M. (2006): Turizam i prostor – ekonomsko-geografski aspekti turisticke valorizacije prostora u turizmu, Veleucilipte u Karlovcu, Karlovac, str. 39.
7. Boniface B., Cooper C., Cooper, R., 2012: *Worldwide destinations- The geography of travel and tourism*, Routledge, London- New York.
8. Christopherson, R.W., 2012: *Geosystems - An introduction to physical geography*, Prentice Hall, Upper Saddle River.
9. CHwB, План за конзервација и развој на Општина Јуник, Приштина, 2007 година
10. CLIA, 2017: *State of cruise industry outlook 2017*, Cruise lines international organizations, Washington.
11. Cook, J. Yale,J.J. Marque, Tourism-The Business of Travel, Prentice-Hall, Londom, 2005
12. Craghan, M., 2003: *Physical geography: A self-teaching guide*, John Wiley and Sons, Hoboken.
13. Crnjar, M., (2002. ), „Ekonomika i politika zaštite okoli ša“, Rijeka, Ekonomski fakultet, str.11
14. Deguignet, M., Juffe-Bignoli, D., Harrison, J., MacSharry, B., Burgess, N., Kingston, N., 2014: *2014 United Nations List of Protected Areas*, UNEP-WCMC, Cambridge.
15. Erik Lundberg LICENTIATUPPSATS, Evaluation of Tourism Impacts–a sustainable, development perspective, Januari 2011
16. Fennel, D., 2000: *Ecoutourism: An introduction,* Routledge, London i New York.
17. Ford, D., Williams, P., 2007: *Karst Hydrogeology and Geomorphology*, Wiley and sons, Chichester.
18. French, H., Harbor, J., 2013. The development and history of glacial and periglacial

geomorphology, u: *Treatise on Geomorphology* vol. 8 (ur. Giardino, R., Harbor, J.), Academic Press, San Diego, 1–18.

19. Gorica, Dr. Klodiana, Vela, MA. Fiorabla, Strategjia e turizmit, Tiranë, 2007
20. Hall, C. M., Higham, J., 2005: Introduction: Tourism , Recreation and Climate Change, u: *Tourism, Recreation and Climate Change*, (ur. Hall, C. M., Higham, J.), Channel view publications, Clevedon, 3-28.
21. Hamza, Vejsel – Epigrafika u Gori, Alem br. 108.
22. Higham, J., Channel view publications, Clevedon, 63-85.
23. International Tourism Flows, u: *Tourism, Recreation and Climate Change*, (ur. Hall, C. M.,
24. Iwona Niedziolka, Sustainable Tourism Development, Alcide De Gasperi University of Euro-regional Economy in Józefów (Poland), Regional Formation and Development Studies, no.3 (8), p.2
25. KK Junik, UN Habitat, CHwB, IPH, План за развоj на Општина Јуник 2010-2023, Јуник 2010
26. Knezevic R., Contents and Assessment of Basic Tourism Resources, Tourism and Hospitality Management, University of Rijeka, Croatia, Vol. 14, No. 1, pp. 79-94, 200
27. Коле Стака, Халил Бајрами, Зана Мехмети, Развојот на туризмот и просторниот план на туризмот, Приштина, 2004 година
28. Kušen, E. (2002): Turisticka atrakcijska osnova, Institut za turizam, Zagreb, str. 17
29. Локален план за акција во животната средина 2012-2017 година, Дечан, 2012 година
30. Локален план за развој на Општина Призрен 2013-2025
31. Локален план за развој на Призрен 2025 година, Извештај за проценка на стратегиската средина, Косово, 2012 година
32. Мариноски Н., Стоимилов А., Основи на туризмот, Факултет за туризам и угостителство, Охрид, 1999 година
33. Министерство за животна средина и просторно планирање на Владата на Република Косово, Агенција за заштита на животната средина и Институт за

просторно панирање, Просторен план за Националниот парк “ПроПроклетии“, Приштина, 2015 година
34. Министерство за култура, млади и спорт, Листа на културно наследство за заштита од привремен карактер, Приштина, 2012 година
35. Министерство за трговија и индустрија, Стратегија за развој на туризмот на Косово, Приштина, 2006 година,
36. МТИ, ГТЗ, Проекти за туристичкиот производ на Туристичкиот регион на Проклетии (Албански Алпи), Приштина, 2008 година
37. Муса Лимани, Макроекономија, Приштина, 2008
38. Marušic, M., Prebežac, D., (2004. ), „I straživanje turistickih tržišta“, Zagreb, Adeco, str. 397.
39. Mather, S., Viner, D., Todd, G., 2005: Climate and Policy Changes: Their Implications for
40. McCool S, K.Bosak (2015.) : Reframing Sustainable Tourism-Environmental Challenges and Soulutions, University of Montana Misoula, USA
41. Monografija Južnog Regiona Kosova, Prizren 2012. godine
42. Mother, S., Viner, D., Todd, G., 2005: Climate and polici changes: Their implications for international tourism flows, u: *Tourism, Recreation and Climate Change*, (ur. Hall, C. M.,
43. MuharremQafleshi, *Opojadhe Gora ndërshekuj,* Priština 2011. Godine
44. Nelson, V., 2013: *An introduction to the geography of tourism*, Rowman and Littlefield, Lanham.
45. Newsome, D., Moore, S. A., Dowling, R. K., 2013: *Natural area tourism: Ecology, Impacts and Mangement*, Channel view publications, Bristol.
46. Призрен, место на сретнување на цивилизациите, 2012 година
47. Richards, G., Cultural Tourism in Europe, Atlas, 2005
48. Речица Ф., Милаку Б., Вовед во туризмот, Приштина, 2014 година
49. Речица Ф., Милаку Б., Економија на туризмот, Приштина, 2011 година
50. *Šarplaninskežupe Gora, OpoljeiSredska*, SANU, Geografskiinstitut „Jovan Cvijić“, Knjiga 40/III, Beograd, 1997

51. Sunara, Ž., Jelicic, S., Petrovic, M., (2013. ), „Održivi turizam kao konkurent ska prednost Republ ike Hrvatske“, Zbornik radova Medimurskog veleucili šta u Cakovcu“, Vol. 4 No. 1. , str. 84.
52. Terrasystems Austrian Geotechnik, ПланзаразвојнаОпштинаДечан, 2008 година
53. Thornthwaite, C.W., 1948: An approach toward a rational classification of climate. *Geography Review* 38, 55-94.
54. Tundisi, J.G., Matsumura-Tundisi, T., 2011: *Limnology*, CRC Press, Boca Raton.
55. Whittow, J., 1988: *The Penguin Dictionary of Physical Geography*, Penguin books, London.
56. Williams, P., 2008: *World Heritage Caves and Karst: A Thematic Study*, IUCN, Gland
57. World Commission on Environment and Development’s (the Brundtland Commission’s) report Our Common Future.This report is commonly known as “the Brundtland Report.”, 1987.
58. Враќање во природата, Приштина, 2015 година
59. Вјолца Бакиу, Менаџирање со туризмот, Тирана 2009 година